Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 317 1 март 2023 година

март 2023 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област македонска книжевност и јужнословенска книжевност во средниот век на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно- научната област патолошка анатомија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 32

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-научната област хистологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 44

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област прехранбено инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-учебник „Современ менаџмент” од д-р Златко Јаковлев, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 69

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Учебник по меѓународен туристички сообраќај” од проф. д-р Цане Котески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Високоперформансни влакна” од проф. д-р Винета Сребренкоска, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 75

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Влијанието на вирусната инфекција со SARS CoV-2 врз серумското ниво на имуноглобулин е кај пациенти со алергиски заболувања“, пријавена на Факултет за медицински науки Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 77

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ И ЈУЖНОСЛОВЕНСКА КНИЖЕВНОСТ ВО СРЕДНИОТ ВЕК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1902-202/5 од 19.12.2022 година донесена на 259. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 19.12.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање - насловен вонреден професор на наставно-научната област македонска книжевност и јужнословенска книжевност во средниот век (61200) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- д-р Виолета Мартиновска, редовен професор на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (претседател);
- д-р Добрила Миловска, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (член);
- д-р Јованка Денкова, редовен професор на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 29.11.2022 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: д-р Милена Ристова-Михајловска, насловен доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на анализата од приложената комплетна документација од страна на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Насловен доцент д-р Милена Ристова-Михајловска е родена на 3.2.1985 год. во Велес. Основно образование завршува во ОУ „Страшо Пинцур“ - Неготино со одличен успех, при што се стекнува со три први награди за најдобар есеј и први награди на општински и регионален натпревар по македонски јазик. Како ученик во ОУ „Страшо Пинцур“ - Неготино е дописник на градот за Македонско радио. Соработник и водител е на локалните медиуми „Канал 100“ и „Радио микс“. Средно гимназиско образование завршува со одличен успех во СОУ „Св. Кирил и Методиј“ во Неготино при што е уредник на Средношколскиот весник. Освојува второ место на општински натпревар по македонски јазик и учествува на семинар за македонски јазик и литература во Охрид, каде што се реализираат работилници за креативно пишување со писателите Киро Донев и Горјан Петрески (2002). Во целиот тој период на основно и средно образование, членува во КУД „Јане Сандански“ – Неготино, при што како играч, пејач и водител настапува на фолклорни фестивали во земјава и во странство.

Во учебната 2003/2004 година како прворангирана на бодовната приемна листа се запишува на студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности. Во рамки на студиите е дел од тимот за реализација на истражувачка настава во Долна Преспа, Албанија, со цел детектирање на состојбите при говорење на мајчин јазик во немајчина средина (2006). Член е на делегацијата претставници на современата македонска поезија на интернационалната манифестација „Мелнички

вечери на поезијата“ во Мелник, Р. Бугарија, заедно со академик Гане Тодоровски, Паскал Гилевски, Васил Тоциновски и други помлади творци (2006). Преку младинска размена (ЕРАЗМУС) реализира студиска посета во Истанбул, Р. Турција (2006).

За време на студиите, во периодот од 2006 до 2009 година работи во Образовната програма на МРТВ како новинар и водител во емисијата „Ѕвон“ во Скопје; во 2004 и 2005 година е надворешен соработник (програмски едукатор) на Сојуз за грижи и воспитување на децата на Македонија; во 2003 година е ментор на ученици на манифестацијата „Детски лирски треперења“ во Охрид. За време на студиите и една година потоа, работи како автор и координатор на проектот „Македонскиот јазик - наше богатство“ што е проект во рамки на Програмата за одбележување на годината на македонскиот јазик, поддржан од Министерството за образование и наука (2007, 2008 и 2009). Од 2007 до 2009 година е претседател на Литературниот клуб „Киро Андонов“ при Локалната библиотека „Страшо Пинџур“ во Неготино, а како надворешен соработник работи на бројни проекти во НУЦК „Ацо Ѓорчев“ - Неготино, Музеј на Општина Неготино, ТВТ-Кавадарци и Радио „Енерџи“-Неготино (од 2006 до 2009 година). Во тој период објавува поетски творби во списанието „Современост“, а учествува и на „Карамanови средби“, „Мелнички вечери на поезијата“, „Струшки вечери на поезијата - Ноќ без интерпункција“, Меѓународна манифестација „Илинден“, „Чингови вечери“ итн.

Дипломира на 14.2.2008 година со просечна оценка 8,90 и се стекнува со титулата - дипломиран професор по македонска книжевност со македонски јазик и јужнословенски јазици. Веднаш по дипломирањето е ангажирана како промотор на Проектот за самовработување со кредитирање преку Агенција за вработување на Р. Македонија, но и како професор во Друштво за одржување курсеви за странски јазици и преводи „Македонски славистички центар“ - Скопје. Работи во ТВ Ирис во Штип како автор, уредник, новинар и водител на емисијата за уметност, литература, образование и култура „Неделна галерија“ (2008-2009). Во јуни 2009 година се вработува како портпарол на градоначалникот во Општина Штип, каде што истовремено е вклучена во работни активности и посетува континуирани обуки во областите: односи со јавност, култура, едукација, родово-одговорно буџетирање, организациски менаџмент, протокол и меѓународна соработка.

Во учебната 2009/2010 година се запишува на магистерски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрира на 24.9.2014 година со одбрана на магистерската дисертација на тема „Автографи на македонски книжевници од XV и XVI век“ со положени испити со просечна оценка 9,91 и се стекнува со титулата магистер по филолошки науки.

Докторира на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во областа на македонистиката со истражување во подрачјето на средновековната македонска книжевност и на 29.6.2017 година се стекнува со титулата доктор по хуманистички науки. „Полемики во македонската писмена традиција“ е темата на нејзината одбранета докторска дисертација.

Од јануари 2016 година до март 2018 година работи како директор на НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип, каде што иницира и спроведува бројни авторски проекти и активности од областа на културата, неформалното образование, меѓународната билатерална, мултилатерална соработка, библиотечна дејност, издавачка дејност, европски интеграции итн. Од март 2018 г. е советник за средно образование во Општина Штип. Во 2018 година е избрана за насловен доцент на Филолошки факултет во Штип.

Има објавено повеќе поетски збирки, монографски публикации, научно-стручни и истражувачки трудови. Има објавувано поезија, есеистика и литературна интерпретација во повеќе списанија. Учествува на меѓународни научни конференции со презентација и публикување на трудови во ресорните зборници и списанија. Учествува и на конференции од областа на библиотекарството во земјава и во странство. Предавач е на трибини и работилници за јазик, литература, правопис и правоговор. Рецензент е и промотор на научни трудови и поетски и прозни творби. Има учествувано на многу поетски манифестации, а основач е на манифестациите „Денови на Шопов“ - Штип, „Тоше Проески има само датум на раѓање. Гоце Делчев - великанот роден за да нè учи и води“,

„Плати кафе со поезија во Штип“. Нејзини поетски творби се застапени во Антологијата на авангардната македонска поезија, антологијата на жени-поетеси „Ова е моето последно молчење“, зборник „Премин“, зборник „Женскиот здив низ стих во хронологијата на Штип“, зборник „Поплава“, алманах „Искра бр. 31“, „Поетски поздрав на Четерсе -2015“, зборник „Отковидување“, Антологија на современа македонска хаику поезија итн. Член е на комисии од литературни конкурси, распишани како проекти на Министерството за култура на РСМ. Член на комисија на трите традиционални литературни манифестации во организација на Милица Паулус. Како автор и координатор има спроведено многу проекти од областа на литературата, јазикот, уметноста и културата во библиотеките и центрите за култура во земјава и во соседните држави. Промотор, рецензент и уредник е на бројни монографски публикации. Има работено како кореограф и координатор на проектни активности во рамки на културно-уметничко друштво во Штип, во периодот од 2009 до 2014 година со претставување на македонскиот фолклор, литература и култура во домашни и меѓународни рамки (Србија, Босна, Бугарија, Турција). Од јануари 2014 година е едукатор и проектен раководител во Здружение за уметност, едукација и култура Академија „ЕУРОАРТ“, каде што истовремено ја менаџира работата на фолклорната (2016-2022) и книжевната школа (2016 до денес). Изготвувач е на елаборати за заштита на културно наследство: раритетни и старопечатени книги. Координатор и автор е на проектите: Летна школа „БИБЛИО-АРТ 2016“, Летна школа „БИБЛИО-АРТ 2017“, Зимска школа „БИБЛИО-АРТ 2017“, „Француски учиме, македонски читаме - култура спојуваме и развиваме“ (2017-2022).

Има посетувано обуки, семинари и конференции во областа на односите со јавноста, а во рамки на меѓународни и домашни проекти се јавува и како ПР-обучувач на општините од Источниот и Југоисточниот плански регион во земјава. Поранешен член на Литературен клуб „Искра“ - Штип. Поранешен член на редакцијата на општинскиот гласник „Мозаик“. Поранешен дописник на сајтот „regioni.mk“. Уредник на Меѓународното списание „Медиевал“. Од декември 2022 год. е PR (пи-ар) на ПЗУ „Д-р Органџиски“ - Штип. Од октомври 2022 год. е константен член во работните групи за организација на настани на УГД - Штип.

**1. Општи и посебни услови за избор**

Кандидатката д-р Милена Ристова-Михајловска, според поднесената комплетна документација, ги исполнува општите и посебни услови за избор/реизбор во звање, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

1.1. Д-р Милена Ристова-Михајловска е доктор по хуманистички науки, област македонистика, со одбранета докторска дисертација во потесната област средновековна книжевност на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во учебната 2009/2010 година се запишува на магистерски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрира на 24.9.2014 година со одбрана на магистерската дисертација на тема „Автографи на македонски книжевници од XV и XVI век“ и се стекнува со титулата магистер по филолошки науки.

1.2. Во 2018 година е избрана во насловно звање насловен доцент на Филолошки факултет во Штип.

1.3. Дипломира на 14.2.2008 година со просечна оценка 8,90 и се стекнува со титулата дипломиран професор по македонска книжевност со македонски јазик и јужнословенски јазици (прв циклус на студии). Магистрира со положени испити со просечна оценка 9,91 (втор циклус на студии).

1.4. Има објавено најмалку пет научни труда во референтни научни публикации во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународна публикација | Година на излегување на списанието/ зборникот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Ристова-Михајловска, М.,** Милорадова, В./**Ristova-Mihajlovska, M.,** Miloradova, V. | За азбучната молитва од Константин Брегалнички/ About the Alphabetical prayer by Konstantin Bregalnicki. | International journal Knowledge, Vol. 54.5., Scientific Papers, Humanities. ISSN: 1857-923X; ISSN: 2545-4439. Bitola: Institute of Knowledge Management, 2022, стр. 811-816. | 13 |
| 2. | **Ристова-Михајловска, М.**, Стоилкова, А./**Ristova-Mihajlovska, M.,** Stoilkova, A. | Библиски врски и интерпретативен пристап кон Пространото Кирилово житие/ Biblical connections and interpretative approach to the spacious life of Cyril | International journal Knowledge, Vol. 54.5., Scientific Papers, Humanities. ISSN: 1857-923X; ISSN: 2545-4439. Bitola: Institute of Knowledge Management, 2022, стр. 823-829. | 13 |
| 3. | Бошевска Л., **Ристова-Михајловска, М.**/Boshevska, L., **Ristova-Mihajlovska, M.** | Појдовни чекори на библиотечното водство кон воведување на промените во библиотеката/ Starting steps of the library leadership towards introducing changes in the library | International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 1, No 1. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY, 2021, стр. 14-23. | 1 |
| 4. | **Ристова-Михајловска, М./Ristova-Mihajlovska**, M. | За богомилските извори во македонската писмена традиција / About the Bogomil sources in the Macedonian written tradition | International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 1, No 1. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY, 2021, стр. 26-36. | 1 |
| 5. | Митев, Н., **Ристова-Михајловска, М.**/ Mitev, N., **Ristova-Mihajlovska, M.** | Опис, споредба и интерпретација на три пофални слова на св. Климент / Description, comparation and interpretatiotn of three possible words of st. Clement. | International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 1, No 1. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY, 2021, стр. 57-71. | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | **Ристова-Михајловска, М./Ristova-Mihajlovska, M.** | Григор Прличев-несреќник и гениј на поетскиот збор и Му припаѓа ли поемата „Сердарот“ на „револуционерниот романтизам“? / Grigor Prlicev-unhappy and genius of the poetic word and Does the poem „Serdarot“ belongs to the revolutionary romantism? | International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 1, No 2. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY, 2021, стр. 63-80. | 1 |
| 7. | **Ристова-Михајловска, М.,** Спасова, Р., Милорадова, В., Петрова., А./ **Ristova-Mihajlovska, M.,** Spasova, R., Miloradova, V., Petrova, A. | Младински активизам пред и за време на пандемија или Младинското учество во книжевно-јазичната и културно-уметничката сфера пред и за време на пандемија / Youth activism before and during the pandemic or Youth participation in the literary-language and cultural-artistic field before and during the pandemic | International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 1, No 2. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY, 2021, стр. 118-126. | 1 |
| 8. | **Ристова-Михајловска, М./Ristova-Mihajlovska, M.** | „Деветте круга“ низ призмата на теренските истражувања по предметот Средновековна книжевност / The „nine circles“ through the prism of field research on the subject of Medieval Literature | International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 2, No 1. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY, 2022, (во печат). | 2 |
| 9. | **Ристова-Михајловска, М.** | Жанрот „полемика“ во домашната и светската литература. | *Зборник на трудови од III Меѓународната конференција ФИЛКО, 2018*. Штип: Филолошки факултет, УГД. | 3 |

1.5. *Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати*

Со Потврда бр. 03-244/7 од 30.12.2020 год. од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип се потврдува дека д-р Ристова-Михајловска е проектен координатор, предавач и реализатор на проект од национален интерес од областа на европските интеграции со наслов „Француски учиме, македонски читаме - култура спојуваме и развиваме“ во текот на целата 2020 год.

Со Потврда бр. 03-244/6 од 30.12.2020 год. од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип се потврдува дека д-р Ристова-Михајловска е проектен координатор, предавач и реализатор на проект од национален интерес од областа на европските интеграции со наслов „Француски учиме, македонски читаме - култура спојуваме и развиваме“ во текот на целата 2019 год. Проектен координатор на истиот проект е и во 2021 и 2022 год.

Со Потврда бр. 03-244/5 од 30.12.2020 год. од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип се потврдува дека д-р Ристова-Михајловска е учесник во реализација на проект од национален интерес од областа на библиотечната дејност со наслов „Приказни низ сите сетила“ во периодот од септември до декември 2019 год.

Со Потврда бр. 03-244/2 од 30.12.2020 год. од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип се потврдува дека д-р Ристова-Михајловска е проектен координатор, предавач и реализатор на проект од национален интерес од областа на библиотечната дејност со наслов „Денови на Шопов“ во текот на декември 2020 год.

Со Потврда бр. 03-244/1 од 30.12.2020 год. од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип се потврдува дека д-р Ристова-Михајловска е претседател на Комисија за распишан конкурс во рамки на проект од национален интерес со наслов „Меѓуопштински литературен конкурс - 23 април“ во текот на 2020 год.

Со Потврда од датум 25.5.2021 год. од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип се потврдува дека д-р Ристова-Михајловска како ментор и еден од проектните координатори се јавува како учесник во проект од национален интерес од областа на библиотечната дејност со наслов „24 Мај, Ден на словенската писменост, 2021“.

Со Потврда од датум 23.5.2019 год. од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип се потврдува дека д-р Ристова-Михајловска како ментор и еден од проектните координатори се јавува како учесник во проект од национален интерес од областа на библиотечната дејност со наслов „24 Мај, Ден на словенската писменост, 2019“.

Со Договор од 8.10.2021 год., а за периодот од 15.9.2021 до 15.10.2021 год., се потврдува дека д-р Ристова-Михајловска е вклучена во проектот „Поддршка на изборните реформи во Македонија“ за што добива и Благодарница за учество на тркалезна маса на тема „Дефицитарни студии во државата“, одржана во 2021 год.

Во 2019 година е вклучена како осмислувач на содржини, предавач, координатор на работилниците и изложбите во рамки на проектот „Нашата култура - европско наследство“, односно во проектните активности со наслов „Културните различности - отворено поле за интернационална едукација“ во склоп на програмата „Еразмус плус“ за што се стекнува и со Сертификат од 16.10.2019 год.

Во 2018 година учествува како протокол, организација и логистика во проектот „Future of Europe-reload“ што парцијално се реализира и во Штип во периодот од 20 до 22 јуни 2018 год.

Се јавува како проектен координатор од македонска страна, а во соработка со организација од Романија во рамки на програмата „Еразмус плус“ по проект „Gen C.T. Creative thinkers“, што се потврдува со Договор од 4.10.2022 год.

Се јавува како проектен координатор од македонска страна, а во соработка со организација од Франција во рамки на програмата „Еразмус плус“ по проект „JOY-Journey of Youth Well-being, Hope to overcome Covid baggage“, што се потврдува со Договор од 2022 год.

Во октомври 2018 година, како осмислувач на активности, организатор и проектен координатор, го остварува проектот „Македонска уметност низ сите сетила“ во соработка со Здружението на граѓаните од македонското национално малцинство за нишавската околија „Вардар“ - Ниш, Музичкото училиште во Ниш, Град Ниш и АКАДЕМИЈА ЕУРОАРТ - Штип.

1.6. *Успешно дејствување во соодветната област на уметноста*

Има добиено Диплома од 23.6.2021 год. за организација и реализација на Завршната изложба на „Нова визија“ во рамки на Пролетно-летната школа „ЕДУКУЛТИАРТ“, како и Диплома од 26.12.2020 год. за организација и координација на Школата за ликовна уметност и ракотворење „Нова визија“ во рамки на Есенско-зимската школа „ЕДУКУЛТИАРТ“ во периодот од октомври до декември 2020 год.

На 17.7.2019 година добива Диплома за членство во Жири-комисија на Меѓународната манифестација за литература, уметност и култура „Планетопија, 2019“.

По повод 18 години *Инфобус* во Штип и во Карбинци, на 4.5.2021 година, од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип добива Благодарница за афирмација и воведување на иновативни содржини во работењето на Мобилната библиотека *Инфобус*.

На 28.10.2021 година се стекнува со Благодарница за успешна соработка и поддршка во средното стручно образование, врачена од СОУ „Димитар Мирасчиев“ - Штип.

Во март 2022 година се стекнува со Потврда од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип за иницирање, организација и реализација на манифестацијата „Плати кафе со поезија“ по повод Светскиот ден на поезијата и 80. роденден на писателот Киро Донев.

На 4.5.2022 година добива Благодарница од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип за учество во Жири-комисија на Литературниот-награден конкурс за песна и краток расказ на тема „Мојот град“.

На 7.5.2022 година добива Благодарница од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип за учество во Жири-комисија на Меѓуопштинскиот литературен награден конкурс за песна и расказ на тема „Книгата - мојот верен другар“.

На 23.6.2020 година добива Благодарница од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип за учество во Жири-комисија на Меѓуопштинскиот литературен награден конкурс за песна и расказ на тема „Умот царува - книгата го храни“.

Во октомври 2020 година добива Потврда за осмислување и реализација на проектните активности во рамки на Есенскиот камп „ФОЛКЛОРИКО-АРТ, 2020“.

Во ноември 2020 година добива Потврда за учество и присуство при реализацијата на интерактивните предавања од проектот „Француски учиме, македонски читаме - култура спојуваме и развиваме, 2020“.

Во јуни 2020 година добива Потврда за посебен придонес во реализацијата и креирањето на активностите, предизвиците, проектите и програмските активности на АКАДЕМИЈА ЕУРОАРТ и школите во нејзин склоп.

На 30.1.2020 година добива Благодарница од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип за учество во книжевно-музичкиот перформанс „Тоше има само датум на раѓање и Гоце Делчев - великанот роден за да нѐ учи и води“, така што д-р Ристова-Михајловска е идеен творец и осмислувач на манифестацијата во 2016 год.

На 18.11.2020 година добива Благодарница од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип за учество во Жири-комисија на Литературен и ликовен конкурс на тема „И патиштата имаат своја приказна“.

На 3.10.2022 година добива Благодарница од ректорот на УГД за поддршка на организацијата на прв академски час, „Бруцошка на УГД“.

На 23.11.2021 година добива Потврда од Шабачка гимназија, Шабац - Србија, Техничка школа, Шабац - Србија и Медицинска школа - Шабац, Србија за реализирано истражување на тема „Млади и медиуми“ (во истражувањето учествуваат ученици и ментори од: Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Словенија, Хрватска и Црна Гора).

На 4.2.2020 година добива Благодарница од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип за промовирање на книгата „Штип и штипјани во дневните весници и списанија (2018)“, каде што се јавува и како рецензент.

На 11.1.2022 година добива Диплома за организација и координација на Новогодишната изложба на „Нова визија“ и за промоција на сликовницата со боенка „Василие и Дедо Мраз“ во рамки на Есенско-зимската школа „ЕДУКУЛТИАРТ“, сезона: есен-зима 2022 год.

Има добиено и Сертификат од Европскиот институт за менаџмент, право и дипломатија за надворешна поддршка, промоција и пофалба за изведени перформанси.

Во декември 2019 година се јавува како промотор на поетската книга „Стихозбирка" од Роза Мојсовска.

Во септември 2020 година се вклучува во манифестацијата „100 илјади поети за промена".

Во октомври 2021 година во НУЦК „Ацо Шопов" - Штип се вклучува во Програмата за одбележување на 35-години творештво на Трајче Кацаров во делот „Сеќавања", а со осврт кон неговата поетска збирка „Песни за Таја" во која д-р Ристова-Михајловска има оставено рецензентски текст.

Во ноември 2021 година се јавува како промотор на збирката раскази „Борко Брзозборко" од Ксенија Маказлиева-Трајчева.

Во ноември 2022 година, исто така, во НУЦК „Ацо Шопов" - Штип, како поетеса од Штип се вклучува во манифестацијата „Добри гости" во организација на ПНВ-публикации.

Во мај 2019 година се јавува како промотор на публикацијата „Штип и штипјани во дневните весници и списанија (2018)" во која е поместена и нејзина рецензија. Автор, координатор и организатор на Меѓународниот мултикултурен и мултиетнички фестивал за уметности и танци „Еквилибриум - Небото е граница", одржан во периодот од 16.10.2019 до 26.10.2019, со учесници од: Македонија, Италија, Хрватска и Романија.

Идеен творец, уредник и приредувач е на зборникот на поетеси „Женскиот здив низ стих во хронологијата на Штип", промовиран во септември 2020 год.

Идеен творец, уредник и приредувач на монографијата „Овековечување на Митровденските средби на доктори на науки", 2002-2019 год., под авторство на д-р Наташа Лазарева, а промовирана во ноември 2020 год. по повод Денот на ослободувањето на Штип.

Регионален координатор во општините од Брегалничката епархија за Здружението „Бадникови поворки" преку кое координира, организира и реализира бројни хуманитарни акции, креативни работилници за пеење, ракотворење и сл.

1.8.*Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници*

Д-р Ристова-Михајловска се јавува како ментор на четири кандидатки по предметот Средновековна книжевност за изработка на дипломски труд во периодот од 2018 до 2022 год. Активно ги вклучува студентите во вонנаставни активности, поврзани со средновековната книжевност и старословенскиот јазик, во организација на УГД, во организација на НУУБ „Гоце Делчев" - Штип, НУЦК „Ацо Шопов" - Штип, Академија „ЕУРОАРТ" и други слични установи и асоцијации што делуваат во полето на образованието, литературата, културата. Веќе цела деценија, прво преку неформален, а потоа и преку формално-правно регистриран тим работи на детектирање на млади таленти, насочувајќи ги во посебни области на уметноста и културата со акцент на литературата.

Исто така, младите ученици и студенти со афинитети кон пишаниот збор ги насочува кон творење, јавно говорење, медиумско претставување, активирање во Книжевно-креативниот центар „Еквилибриум" под нејзино раководство, кон издавачка и афирмативно-промотивна дејност. Се јавува и како едукатор на млади во областа на организација на настани и протокол.

За истакнување се студиските посети и истражувања во нејзина организација, поврзани со предметните програми по предметите Средновековна книжевност и Старословенски јазик и тоа: посета и предавање во Библиотеката и музејските простории на Рилскиот манастир (2019), посета и предавање во Галерија на икони во Соборен храм „Св. Никола" во Штип (2019), посета и предавање за стари и ретки книги и единствениот ракопис во НУУБ „Гоце Делчев" - Штип (2019), посета и предавање во Библиотеката на Бигорскиот манастир (2022), посета и предавање во Манастирот „Св. Георги Победоносец" во Рајчица.

1.9. *Рецензиран учебник*

Објавена рецензирана скрипта од соодветната област за која се избира кандидатот: „Средновековна книжевност" од д-р Милена Ристова-Михајловска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, 2022 год.

1.10. *Признаени уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава*

Се јавува како промотор на македонската литература, уметност, култура и фолклор, но и како проектен раководител и учесник во проектни активности, манифестации и конференции во: Јагодина-Србија, Крагуевац-Србија, Сливен-Бугарија, Стражица-Бугарија, Ќустендил-Бугарија, Гоце Делчев-Бугарија, Париз-Франција, Киркларели-Турција, Мудурну-Турција, Ѓонѓош-Унгарија, Задар-Хрватска, Сплит-Хрватска, Лион-Франција, Синаја-Романија, Вроцлав-Полска, Марибор-Словенија, Софија-Бугарија, Ниш-Србија, Парачин-Србија, Тулча-Романија итн. Објавува колумни и статии со тенденција за зачувување на јазикот и литературата.

Три години по ред се јавува како предавач на Националниот институт за јазици ИНАЛКО во Париз, Франција, на покана од раководителката на Катедрата за македонски јазик и литература во Франција, проф. д-р Фроса Пејоска-Бушеро, а со логистичка поддршка на Амбасадата на Македонија во Франција.

1.11. *Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик*

Кандидатката д-р Милена Ристова-Михајловска има приложено Потврда за познавање на странски јазик од Филолошки факултет, Институт за јазици при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, како и Серфитикат „Aptis“ од „British Council“. Во ноември 2020 година, д-р Ристова-Михајловска се стекнува со Потврда за посетување на курс по француски јазик, на А.1. ниво во периодот од септември до декември 2020 год. кај проф. Марина Рамбабова, а во рамки на проект од национален интерес.

1.12. *Способност за изведување на високообразовна дејност*

Поседува способност за изведување на високообразовна дејност.

**2. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет во 2018 год., д-р Милена Ристова-Михајловска е избрана во звање насловен доцент во наставно-научната област македонска книжевност и јужнословенска книжевност во средниот век (61200) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во изборниот период 2018-2022 год., д-р Ристова-Михајловска била ангажирана за реализација на наставните предмети на прв циклус студии: Средновековна книжевност и Старословенски јазик.

Во периодот од 2018 до 2022 година, д-р Ристова-Михајловска е вработена како советник за средно образование во Општина Штип, така што одблизу е инволвирана со сите интерни и екстерни процеси во процесот на образованието во Штип. Како советник за образование во Општина Штип, во календарската 2022 и календарската 2023 година, се вклучува во поддршка, организација и координација на активностите на локално ниво во рамки на проектот „Образование за вработување“, поддржан од Швајцарската амбасада. Во склоп на споменатиов проект, д-р Ристова-Михајловска се вклучува во кампањата „Учи паметно - работи стручно“ преку поддршка при остварување средби на сите чинители на локалната заедница со цел остварување на конструктивен социјален дијалог и во процесот на формирање на дуални паралелки во средните стручни училишта во Општина Штип.

Во периодот од 2018 до 2022 година е проектен координатор, едукатор на деца и млади на возраст од 8 до 28 години, апликант и раководител на фолклорната и книжевната школа при Академија „ЕУРОАРТ“ - Штип при претставување на македонската литература, уметност, култура и фолклор во рамки на манифестации, фестивали и меѓународни проекти во: Македонија, Србија, Романија, Полска, Турција, Франција, Романија.

Кандидатката активно е вклучена во работата на студентите (предавања, вежби, консултации, изработка и проверка на проектни задачи, поттик на студентите за теренски истражувања, согласно со наставната програма, како и во останати дополнителни активности поврзани со наставно-научниот процес, така и со реализација на евиденциско-административни задачи).

Кандидатката д-р Милена Ристова-Михајловска се јавува и како член (ментор) во неколку комисии за одбрана на дипломски трудови на студенти од прв циклус на студии на Филолошкиот факултет во Штип, како и член во комисија за одбрана на еден магистерски труд.

*Евалуација на објавените трудови:*

1. Ристова-Михајловска, М., Милорадова, В. / Ristova-Mihajlovska, M., Miloradova, V. (2022). За азбучната молитва од Константин Брегалнички / About the Alphabetical prayer by Konstantin Bregalnicki. In: International journal Knowledge, Vol. 54.5., Scientific Papers, Humanities. ISSN: 1857-923X; ISSN: 2545-4439. Bitola: Institute of Knowledge Management, стр. 811-816;

**Евалуација на трудот:** Целта поради која е сработен и публикуван овој труд е да се стави акцент на личноста и делото на Константин Брегалнички, кој е еден од учениците на светите браќа Кирил и Методиј. Посебно е важно тоа што на креативен и интерпретативен начин се доближува неговата творба, „Азбучна молитва“, до целната публика. На почетокот од трудот е поставена хипотеза дека поради незастапеноста на Преславски во програмите за основно и средно образование младите немаат знаења за неговата „Азбучна молитва“. За да ја потврди претпоставката, спроведено е истражување пред релевантен примерок од 102 испитаника. Анкетата ја потврдува хипотезата. Мал процент од испитаниците имаат познавања за *Азбучната молитва*. Преку овој труд, дури и преку мултимедијален пристап се доближува *Азбучната молитва* до учениците, студените, професорите и читателите.

2. Ристова-Михајловска, М., Стоилкова, А. / Ristova-Mihajlovska, M., Stoilkova, A. (2022). Библиски врски и интерпретативен пристап кон Пространото Кирилово житие / Biblical connections and interpretative approach to the spacious life of Cyril. In: International journal Knowledge, Vol. 54.5., Scientific Papers, Humanities. ISSN: 1857-923X; ISSN: 2545-4439. Bitola: Institute of Knowledge Management, стр. 823-829.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд предмет на интерес е Пространото житие на св. Кирил Филозоф, библиските врски и неговата интерпретација. Првенствено се дава осврт кон биографските податоци на солунските браќа, Кирил и Методиј, како и периодизацијата на старата литература. Спроведено е истражување пред релевантен примерок од 102 испитаника од основно, средно и високо образование, т.е. ученици и студенти. Табеларно се претставени изворите за податоците за дејноста на Браќата и почетоците на словенската писменост. Потоа, се става акцент на Опширното житие на св. Кирил, а во поглед на интерпретацијата, детектирани се: библиски елементи и алузии, вметнати текстови, приказни и цитати, фактографија, уметнички делови, експлицитни и имплицитни атрибути на св. Кирил, дијалози, спорови и полемики. Претставена е и студиската посета во Бигорскиот манастир од страна на студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност од Филолошкиот факултет при УГД - Штип. На крај, вметнати се фотографии од интерпретацијата на Житието, направени во текот на студирањето, а за време на предавањата. Со тоа се прикажува еден иновативен пристап и креативен начин за обработка на средновековни дела, интересни за современиот читател и проучувач.

3. Бошевска Л., Ристова-Михајловска, М. / Boshevska, L., Ristova-Mihajlovska, M., (2021). Појдовни чекори на библиотечното водство кон воведување на промените во библиотеката / Starting steps of the library leadership towards introducing changes in the library. In: International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 1, No 1. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY, стр. 14-23.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се става акцент на промените што секојдневно се случуваат во библиотечната дејност и новите трендови во работењето на библиотеките. Сето тоа бара подготвеност и сериозен пристап од водството на секоја библиотека. Директорите на библиотеките како водачи на промените треба да се подготват за управување со промените. Промените бараат од нив: знаења, вештини и компетенции за подобрување и развој на стратешките цели, образовната технологија, пристапот кон човечките ресурси и организациската структура. Во традиционалната библиотека постои строго хиерархиска

поставеност на организација и менаџмент. Во трансформираната современа библиотека, во управувањето со промените во библиотеката, покрај директорот и раководните кадри, се вклучуваат и вработените. Библиотекарите се охрабруваат да станат лидери на промената што ги вклучува како активни чинители на секое организациско ниво и ги поттикнува да иновираат и експериментираат, од аспект на својата стручна позиција и искуство. Под библиотечно водство во овој труд се подразбира директорот како менаџер и водач, кој ја води библиотеката во законска и професионална рамка, но и сите членови на лидерскиот тим, кои се јавуваат како лидери-водачи на промените во библиотеката. Насоките за иновации и иновативни проекти се она што го чинат овој труд корисен, но и единствен на полето на библиотечната и книжевната дејност.

4. Ристова-Михајловска, М. / Ristova-Mihajlovska, M. (2021). За богомилските извори во македонската писмена традиција / About the Bogomil sources in the Macedonian written tradition. In: International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 1, No 1. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY, стр. 26-36;

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се става акцент на богомилските извори во македонската писмена традиција. Се прави краток осврт кон досегашните проучувања на оригиналните богомилски извори. Се датираат и првите пишани документи што зборуваат за почетокот на богомилството. Истите потекнуваат од X век. Се лоцира Македонија како територијално жариште на богомилското движење. За да зборува за богомилските извори, авторката се навраќа и кон симболиките и базичните принципи на богомилството. Ја потенцира поделбата на богомилските извори на: словенски извори (словенска изворна граѓа); грчки извори (грчка изворна граѓа) и латински извори (латинска изворна граѓа). Во редот на богомилските извори се среќаваат оригинални богомилски извори и антибогомилски извори. Истите заземаат место и во овој труд. Генерално, со ваквото поставување на основите, авторката се насочуваме кон потврдување на тезата за врската меѓу богомилството и апокрифната литература.

5. Митев, Н., Ристова-Михајловска, М. / Mitev, N., Ristova-Mihajlovska, M. (2021). Опис, споредба и интерпретација на три похвални слова на св. Климент / Description, comparation and interpretatiotn of three possible words of st. Clement. In: International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 1, No 1. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY, стр. 57-71;

**Евалуација на трудот:** Во овој труд првенствено се дава осврт кон ораторската проза во средновековието како клучен сегмент во неговиот богат жанров систем. Правејќи увертира кон она што ќе биде предмет на интерес, авторките кусо се осврнуваат кон животот и дејноста на св. Климент Охридски, еден од најревносните, ако не и најпосветен ученик и следбеник на светите браќа Кирил и Методиј. Во рамки на својата дејност и творештво, посебно фасцинантни од книжевен аспект се оригиналните похвални и поучителни слова, напишани од раката на св. Климент. Тезата на овој труд е да се истакне и подетално и потемелно книжевната вредност на неговите слова. Тоа овде се прави на начин интересен, иновативен и креативен за современиот читател, односно преку интерпретација на три негови слова. Притоа, се детектираат стилски изразните карактеристики и елементи на словата, врските со Библијата, целите и поентирањата на средновековниот творец. На крај се прави споредба на поетиките на трите засведочени слова на св. Климент, имајќи ја како база претходно извршената интерпретација.

6. Ристова-Михајловска, М. / Ristova-Mihajlovska, M. (2021). Григор Прличев -несреќник и гениј на поетскиот збор и Му припаѓа ли поемата „Сердарот" на „револуционерниот романтизам"? / Grigor Prlicev-unhappy and genius of the poetic word and Does the poem „Serdarot" belongs to the revolutionary romantism? In: International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 1, No 2. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY, стр. 63-80;

**Евалуација на трудот:** Во македонската наука за книжевноста периодот на (втората половина на) XIX век се нарекува преродба. Но „според модерната периодизација на книжевноста, тој поим не е адекватен, бидејќи тоа е ознака на широко засновано национално движење, па тој е посоодветен за политичката и културната историја, додека терминот романтизам би служел како ознака за прецизно одредена стилска формација". И

покрај тоа што со оваа теза се започнува овој труд, сепак, според авторката, не смее да се исклучи фактот дека македонските книжевни дела, создадени во XIX век, се одликуваат и со преродбенички и со романтичарски (па дури и со симболистички!) елементи. Преку овој труд авторката нема интенција да прави диференцијација на преродбеничките и романтичарските елементи во делото што е нејзин предмет на интерес, бидејќи романтизмот и преродбата вешто се испреплетуваат, посебно во новата македонска книжевност. Целта на авторката е да се задржи на два аспекта од животот и делото на „вториот Хомер“, Григор Прличев, чија појава во средината на XIX век, заедно со појавата на Миладиновци, означува пресврт во националната историја на македонскиот народ и со кого доаѓа до израз реславизацијата во втората половина на XIX век. Со овој труд се брани тезата за постоењето на елементи од революционерен романтизам во поемата „Сердарот“ од Прличев.

7. Ристова-Михајловска, М., Спасова, Р., Милорадова, В., Петрова., А. / Ristova-Mihajlovska, M., Spasova, R., Miloradova, V., Petrova, A. (2021). Младински активизам пред и за време на пандемија или Младинското учество во книжевно-јазичната и културно-уметничката сфера пред и за време на пандемија / Youth activism before and during the pandemic or Youth participation in the literary-language and cultural-artistic field before and during the pandemic  In: International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 1, No 2. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY, стр. 118-126.

**Евалуација на трудот:** Преку овој труд се презентираат систематизирани и анализирани податоци за младинскиот активизам, добиени од истражување, направено врз основа на *Анкета за младинско активирање*, која ја оценува вклученоста на младите во областите на културата и неформалното образование во време на пандемија. Истражувањето е спроведено на територииите на општините Штип и Карбинци. Пред пандемијата, како што тврдат авторите, над 100 младински активисти преку Здружението за едукација, уметност и култура АКАДЕМИЈА ЕУРОАРТ - Штип биле активни во различни области на уметноста и културата, но и неформалното образование воопшто. Сите тие надарени и талентирани млади во текот на пандемијата се вклучиле во „онлајн“ активности, деактивирајќи се во настаните/активностите со физичко присуство. Главна цел на истражувањево е да се даде одговор на прашањето: „Колку и како влијае пандемијата на младинскиот активизам во областите на културата и неформалното образование на подрачјето на општините Штип и Карбинци?“

Според резултатите од истражувањето, младинскиот активизам значително опаднал со пандемиската ситуација во некои области, но значително се зголемил во други области со кои младите претходно не биле запознати или, пак, немале можност да одржуваат активности од таков вид.

8. Ристова-Михајловска, М. (2018). Жанрот „полемика“ во домашната и светската литература. Во: *Зборник на трудови од III Меѓународната конференција ФИЛКО, 2018*. Штип: Филолошки факултет, УГД.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прави хронолошки приказ на појавата и развојот на жанрот полемика. Полемичките дела во хеленската литература датираат од II век пред новата ера. Првото појавување на *полемичката литература* произлегува од Египет. Од VI век Шпанија станува легло на *христијанската полемика* против Евреите, кои, пак, одговарале со *контра-трактати* на латински јазик. Како податок за „преживеани“ полемички списи постои една општа листа што содржи околу осумдесет книги, додека бројот на полемички дела од тоа време е над 250. Во Украина и Белорусија *полемичката литература* датира од верските религиозни борби на XVI и XVII век. Во редот на средновековните дејци од нашиве простори се става акцент на полемиките на: Константин Кирил Филозоф, Презвитер Козма и Црноризец Храбар. Трудовите „Беседа против богомилите» од Презвитер Козма и „За буквите» од Црноризец Храбар припаѓаат на жанрот *ораторска полемика.* Меѓу нив има многу заеднички елементи. И двете дела се состојат од одделни прашања (тези, сфаќања) што авторите ги отфрлаат или толкуваат. Така, структурата и на двете дела претставува единство од микроструктурни единици што ја чинат поетиката на средновековната полемика од македонската писмена традиција.

9. Ристова-Михајловска, М. / Ristova-Mihajlovska, M. (2022). „Деветте круга“ низ призмата на теренските истражувања по предметот Средновековна книжевност / The „nine circles“ through the prism of field research on the subject of Medieval Literature. In: International journal Medieval&Arts&Sciences, Vol. 2, No 1. ISSN: 2671-3918. Shtip: EUROART ACADEMY (во печат).

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката ја образложува тезата дека со „Божествена комедија“ се поврзува фреската „Страшниот суд“, каде што главно место заземаат следниве стожерни содржини: Второто Христово доаѓање и сцените од Пеколот и Рајот. Неизоставен дел од композицијата на „Страшниот суд“ се: сцената Изгонување на Адам и Ева од Рајот; насликаните бројни голи тела, врзани со синџири, а нивните гревови се испишани над сцените; Исус Христос седнат на небесен зрак, опкружен со светлина; Мерењето на душите со Праведната терезија на Господа и демоните, кои имаат антропоморфни тела. Експлицитното претставување на демоните што ги има на фрескописот во црквичката во село Штевица, Прилепско, заземаат место во овој труд. Кога зборува за фреската на Страшниот суд, авторката ја потенцира нејзината претстава во црквата „Св. Ѓорѓи“ во Лазарополе, каде што во еден натпис се вели: „Грешниците во Ад одат“. Фреската на Страшниот суд ја детектирала и во манастирската црква „Св. Петка“ во с. Велгошти, Охридско. Фрескописанието на „Страшниот суд“ е присутно и во црквата во село Лешани, каде што преку големата змија е претставен гревот, а на неа се испишани лошите работи низ кои минува човекот ако не се покае. Над пеколот е прикажан пророкот Мојсеј, кој покажува кон праведното судилиште Христово и влегувањето во Рајот. Сцени на надворешните фрески од Пеколот пронашла и во манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ во Крива Паланка и во манастирот „Св. Јован Рилски“ во Бугарија.

*Учебници/помагала:*

Ристова-Михајловска, Милена (2022). Средновековна книжевност - рецензирана скрипта. www.doi.org/10.46763/978608244925 ISBN 978-608-244-925-8. Начин на пристапување (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/1088

*Други публикации:*

10. Ристова-Михајловска, М. (2020). *Македонската писмена традиција преку призмата на полемиката*. Штип: 2 Август.

**Евалуација на трудот:** Во монографската публикација „Македонската писмена традиција низ призмата на полемиката“ се опфатени: резултати од истражувачка работа, интерпретации, аналитика и утврдување на реторика и поетика на средновековните полемики. Предмет на интерес се полемиките на одредени македонски книжевници од средновековниот период. Конкретно, со детални осврти, интерпретации и точно дефинирање и детектирање на полемиките е работено врз оставнината изречена од: Кирил Филозоф во неколкуте негови мисии и полемики, како што полемиката со Арапите–Сарацени, полемиката со Хазарите, полемиката со тријазичната ерес, вербалниот спор со Јован Иконоборецот; Црноризец Храбар (преку делото „О писменех“) и Презвитер Козма (преку делото „Беседа против новопојавената богомилска ерес“). Точно и прецизно е сместена полемиката во палетата средновековни книжевни жанрови. Споменати се сите форми на полемиката и нејзината функција при сето тоа. За да се потврди присуството на полемиката во средновековната писмена традиција, авторката посегнува и кон средновековните зборници како посебна форма на колекционирање на стари текстови. Авторката прави вовед во почетоците на словенската писменост, а потоа става цело едно поглавје за ораторската проза во средновековието каде што спаѓаат и полемиките како жанр. Наведени се досегашните проучувачи. За пишување на овој труд, авторката, освен во Македонија, има истражувано и во Србија (во Народната библиотека во Белград); во Бугарија (во Народната библиотека во Софија); во Рилскиот манастир (исто така во Бугарија); во Универзитетската библиотека во Марибор, Словенија; во Народната библиотека во Крагуевац, Србија; во Библиотеката во Јагодина, Србија итн. Трудот содржи интерпретации на текстови, анализирани од авторката. Важно е дека д-р Ристова-Михајловска ја утврдува во овој труд и поетиката на средновековната полемика.

11. Ристова-Михајловска, М. (2021). *Препрочит*. Штип: АКАДЕМИЈА ЕУРОАРТ-Штип.

**Евалуација на трудот:** Монографската публикација „Препрочит" содржи рецензии, осврти и книжевни интерпретации на творештво од автори што Ристова-Михајловска ги има издвоено како репрезентативни со цел опфаќање на познати и помалку познати творци. Она што ја прави оваа публикација научно-стручна е херменевтичко-метафоричкиот осврт кон одредени дела, меѓу кои за истакнување се интерпретациите и утврдувањето на поетиките на Анте Поповски, Петре М. Андреевски, Гане Тодоровски и др. Во оваа публикација се сумирани трудови од авторката, работени во текот на нешто повеќе од една деценија со тоа што авторката пишува осврти и херменевтичко-метафорички расчитувања и за делата на повеќемина современи македонски автори, поети, писатели, меѓу кои и: Трајче Кацаров, Цвета Спасикова, Војо Маневски, Благица Ефремова, Рената Пенчова, Анастасија Петрова, Миланчо Миленковски, Трајан Ристовски, Наташа Лазарева и многу други.

12. Ристова-Михајловска, М. (2019). Рецензент: Венко Андоновски. *Светлина во Верата. Вера во Светлината*. Штип: 2 Август.

**Евалуација на трудот:** Поетската збирка „Светлина во Верата. Вера во Светлината" е селектирана во десетте најдобри ракописи од вкупно пристигнати 65 збирки во конкуренција за наградата „Антево перо". Рецензент на стихозбирката е проф. д-р Венко Андоновски, кој едновремено се јавува и како член на Комисијата за избор со цел доделување на оваа награда. Во продолжение пренесуваме дел од рецензијата за оваа книга од рецензентот Венко Андоновски: „Милена Ристова: крупно име во нашата понова поезија, која допрва ќе си го најде своето место. Станува збор за поезија свртена кон божественото, сакралното, возвишеното. Таа божественост за која пее оваа поезија не е предадена само како чиста, наивна апологетика; станува збор за постојани интертекстуални вкрстувања на напишаното со претходни текстови на културата, за многу „засеци" во археологијата на нашето знаење, митологија, средновековие или претходни поетски дела. Краток поетски израз, со многу тишина во него (што значи – со многу семантички потенцијалитети), со интертекстуални засеци по археолошките слоеви на културите и уметностите, една религиозна интонација без разлика за што се пее, и еден префинет, култивиран однос кон јазикот и неговата најперсонална употреба – стилот. Игри со зборови, архаизми и неологизми „исковани" според рецептурата на архаизмите, една Ганетодоровска каламбурско-свечена игра со јазикот, ама над сè и пред сè – едно свето чувство дека и поезијата, како и космогониската фертилност е Божји благослов, дар даден на чување и доверба, и дека да се пее не значи ништо друго освен - да се свештенослужи со зборовите. Сјајна е оваа книга. Таа е стопроцентна поезија, затоа што е богорадосна и богоисполнувачка. За ваквите книги однапред се знае дека како и секоја вистинска света работа (огнот, на пример) нема да се посветат на сопствено зголемување, туку на делење пламен на другите кои сакаат да бидат осветлени во ова темно време".

13. Ристова-Михајловска, М., Михајловски, В., Петрова, А. (2021). Рецензент: Весна Мојсова-Чепишевска. *Василие и Дедо Мраз (сликовница со боенка)*. Штип: Анастасија Петрова.

**Евалуација на трудот:** Сликовницата со боенка „Василие и Дедо Мраз", според рецензентката проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска е едно ново искуство на заедничко пишување или допишување меѓу возрасен и дете, меѓу мајка и дете, складно илустрирана од страна на Анастасија Петрова. Токму сликовницата ја игра големата улога на претходница на книгата за деца и на книгата воопшто. Токму таква сликовница-книга е и оваа „Василие и Дедо Мраз". Хронотопот е битен во секоја една приказна, па така и во оваа на Милена и Војдан, или подобро на Војдан и Милена (зашто да ја немало страст во главата на Војдан за измислување свои сказни можеби и Милена немало воопшто да го ислуша своето синче, а уште помалку и да се охрабри да ја за/напише онака како што во далечните времиња Марко Цепенков ги слушаше приказните, а потоа ги за/допишуваше и дообликуваше колку како народни толку и како свои), главниот лик Василие е од некоја друга земја, од село од другата страна на Шар Планина. Кога ќе се направи една

топла, семејна атмосфера, тогаш Дедо Мраз ја започнува својата најнова приказна. Па така низ техниката приказна во приказна Василие заради своето љубопитство дознава од каде потекнува Дедо Мраз, поточно во приказната за Василие и Дедо Мраз ја откриваме и приказната за потеклото и за семејството на Дедо Мраз, за неговиот брат Снешко и неговата сестра Нова година. Оваа сликовница-книга станува и интерактивна, зашто на крајот има место каде што секое дете може да му напише писмо на Дедо Мраз, но и да му ја раскаже својата верзија за тоа како го доживува и замислува Дедо Мраз.

14. Ристова-Михајловска, М., Михајловски, В., Петрова, А. / Ristova-Mihajlovska, M., Mihajlovski, V., Petrova, A. (2022). Рецензент: Весна Мојсова-Чепишевска. Превод: Марина Рамбабова. *Василие и Дедо Мраз (сликовница) / Vasilie et Père Noel (livre d'image)*. Штип: 2 Август.

**Евалуација на трудот:** Приказна „Василие и Дедо Мраз“ како исклучително топла и искрена, на моменти детски наивна, започната да се создава во главата на малиот Војдан Михајловски, а потоа да се дообликува преку (до)пишувањето на Милена Ристова-Михајловска, става акцент на чувствително и карактерно растење и созревање на детето. Ова за сликовницата го вели рецензентката, проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска. По премиерното претставување на сликовницата пред студентите, кои во Франција учат македонски јазик на Катедрата за македонистика на Националниот институт за јазици ИНАЛКО во Париз, д-р Милена Ристова-Михајловска ја послушува иницијативата на тамошните студенти што пред неа ја предлагаат за време на предавањето што таа го држи пред нив на ИНАЛКО. Иницијативата е да се преведе оваа сликовница и на француски јазик и како двојазично издание да им биде доставена повторно за заеднички да ја читаат на следното предавање со д-р Ристова-Михајловска. Така и бидува. Проф. по француски јазик, Марина Рамбабова, ја преведува сликовницата во свое двојазично издание се печати и во октомври 2022 год., за време на својот престој во Франција и при предавањето на ИНАЛКО, се претставува и се чита од страна на студентите, кои учат македонски јазик во Париз.

15. Ристова-Михајловска, М. (2020). *Запирка*. Скопје: ЈУ ДК „Кочо Рацин“ (збирката е добитник на Наградата „Бели мугри“).

**Евалуација на трудот:** Стихозбирката „Запирка“ е наградена со Наградата „Бели мугри“ во рамки на манифестацијата „Денови“ за млад автор до 35 години. На конкурсот за оваа награда се аплицира анонимно под шифра, така што добитник за оваа награда во 2020 година е д-р Милена Ристова-Михајловска. Стихозбирката содржи песни, распоредени во пет циклуса. За скоро секоја поетска творба е искреирана хаику-верзија. Книгата, истовремено, е и поезија за читатели и прирачник за автори. Како што во своите медиумски и промотивни излагања истакнува авторката, идејата за вакво конципирање на оваа збирка произлегла како резултат на едукативните предавања за креативно пишување преку кои д-р Ристова-Михајловска наишла на недоволни знаења кај децата и младите (посебно, младите) околу создавањето на хаику-поезијата.

16. Ристова-Михајловска, М., Тасева, Г., Михајловски, А. (2019). *Интерпретација на свадбени песни и обичаи од Штип и Штипско*. Рецензент: Нина Анастасова-Шкрињариќ. Штип: 2 Август;

**Евалуација на трудот:** Овој научноистражувачки труд е база и корисно помагало за многу целни групи читатели. Важно е што по повеќе од шест децении, еден тим од истражувачи, компактни за работа на еден ваков проект, во кој како лидер и носител се јавува д-р Ристова-Михајловска, успеале да ги соберат, опишат и оживеат обичаите и песните од Штипско. Најмногу имаат работено на теренот на селата Лакавица, Лесковица и Пиперово. Меѓутоа, имаат истражувано и во други рурални средини што припаѓаат кон овчеполската етнографска целина или во познатото Овче Поле. Интересен и иновативен е пристапот кон сите тие песни и обичаи со оглед на тоа дека денес многу од нив се реконструирани или заборавени. Со овој труд им се сервираат точни информации на учениците, студентите, културните работници, луѓето по потекло од селото Лесковица

и многу други. Меѓународната јавност е посебно заинтересирана за ваквите трудови, а на домашна територија сè помалку се ваквите истражувачи. Трудот ја поставува тезата дека свадбените обичаи кои до 50-тите год. на минатиот век се одвивале во период од 14 дена, сега се сведени на три или одвај еден ден. Ваква публикација за свадбените обичаи и песни во Штипско со соодветни интерпретации, досега не е направена, ниту објавена.

17. Ристова-Михајловска, М., Миловска, Д., Мартиновска, В. (2019). *Единствениот ракопис во штипската библиотека*. Штип: 2 Август.

**Евалуација на трудот:** Познат е фактот дека НУУБ „Гоце Делчев“ во Штип изобилува со бројни публикации, наменети за сите целни групи. Одделите што работат во неа и целната читателска публика што ги користи нивните услуги посочуваат кон обемен книжевен фонд и целење кон тоа да се задоволат духовните и едукативни потреби на сите читатели. Но досега недоволно познато е дека во Библиотеката во Штип се чуваат ретки и стари книги. Затоа и овој труд е исклучително важен за научната јавност. Сите заложби, проекти и активности што се реализирани од страна на авторскиот тим, во кој како лидер и носител се јавува д-р Ристова-Михајловска, преку публикувањето на трудот, како да го осветлуваат тој недоволно познат факт, давајќи му можност, заедно со ретките збирки да биде поставен на пиедестал. Авторките се задржуваат на фактичката ситуација со чувањето на старите и ретки книги и ракописи во земјава, како и на третманот што истите го имаат од страна на ресорните оддели и лаборатории. Укажуваат на начините за реставрација и конзервација на старите книги, а посочуваат и позитивни примери за чување на ваквите збирки во библиотеките низ Европа и светот. Хронолошки се предадени активностите околу детектирањето, утврдувањето и класификацијата на библиотечниот фонд во неколку значајни збирки. Преку соодветен список, експлицитно се претставени и книгите што се конзервирани и реставрирани, а се чуваат во НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип. Многу е важно што авторките како компетентни лица во областа на медиевистиката даваат еден поширок панорамски преглед на ракописната традиција во Македонија. Со низа податоци ја потврдуваат таа ракописна традиција, а од друга страна успеваат да детектираат, утврдат и потврдат дека во Библиотеката во Штип, речиси, да нема ракописна збирка, туку еден и единствен ракопис за кој посветуваат цела една публикација. Единствениот ракопис што се чува во Штипската библиотека со оваа публикација добива заслужено значење, добива обелоденување, претставување пред јавноста. И што е најважно, во ваква форма, во вакво издание станува и ќе биде основа за идни медиевистички, лингвистички, теолошки и останати бројни истражувања.

18. Ристова-Михајловска, М., Миловска, Д., Мартиновска, В. (2019). *Регистар на старопечатени книги*. Штип: 2 Август;

**Евалуација на трудот:** Овој труд е исклучително значаен, затоа што ваков регистар на старопечатени книги што се чуваат во некоја библиотека во Македонија, до објавувањето на оваа публикација, не е сработен. Работени се парцијални регистри, но ова е она што е комплетно, целосно и опфаќа не така мал период, ами обемен. И не така мал број на библиографски единици, ами обемен. Водено е сметка, книгите да бидат подредени и средени според библиотекарските правила за изготвување на библиотечно картонче, односно каталожно картонче. Тука се зема предвид и ангажманот на ресорните библиотекари - каталогизатори, кои претходно успеале да ги внесат сите тие податоци во електронската база. Водена е сметка да се регистрираат и колекционираат на едно место сите публикации што се печатени од 1860 година 1945 година. Тоа е некаде од втората половина на XIX век до првата половина на XX век. Затоа и погоре рековме дека е опсежен период, многу децении во кои се печателo и се богатела штипската библиотека со книги. Овој регистар е многу важен за истражувачите. Важен е и за сите оние кои се занимаваат со научна, со книжевна, со историска работа. Важен е за пописувачите. Тоа се сите оние кои ќе се најдат во улога на луѓе, кои вршат евидентирање на книжевниот фонд во установата. Овој регистар би им бил како база што ќе помогне да се евидентира физичкото присуство или отсуство на некоја публикација. Овој регистар е важен за заштитата на културното наследство, бидејќи според Законот за културно наследство како

културно наследство се третираат книгите што се печатени до 1945 година. Како таква база, во понатамошниот период, сите овие колекционирани публикации би биле корисни за изготвување на соодветни елаборати за заштита на овие книги. Сè на сè - корисен регистар, регистар што треба да биде пример за сите други библиотеки, без разлика дали се општински или национални, затоа што како еден вид библиографии на установите можат да донесат само полза.

19. Ристова-Михајловска, М. (2020). Рецензентски осврт кон делото „Осветени“ од проф. д-р Добрила Миловска. Во: *Осветени* од Добрила Миловска. Штип: 2 Август, стр. 141-148.

**Евалуација на трудот:** Во рецензијата за монографската и стручна публикација „Осветени“, д-р Ристова-Михајловска истакнува дека проф. д-р Добрила Миловска прави уште едно успешно навраќање кон Климентовите слова, а укажувајќи на стилистиката, ја потенцира цитатноста, им ја толкува суштината, ги вади експлицитно поентите од засведочените слова Климентови. А словата негови се неисцрпен извор на алузии и врски со Библијата, така што проф. Миловска ги разоткрива детално сите тие поврзаности. Авторството над „Панонските легенди“ е едно од битните прашања околу најпознатиот извор што го имаме за св. Кирил и Методиј. Неопходно е пред да се говори за нивните мисии да се стави акцент на легендите пронајдени во Панонија, а со тоа и да се разгледаат тезите за нивното авторско перо. Д-р Ристова-Михајловска вели дека токму ваков осврт прави проф. Миловска и во ова нејзино значајно дело. Истовремено е разгледана и Великоморавската мисија низ призмата на пространите на житија на св. Кирил и Методиј. Тргнувајќи од кирилометодиевскиот период, преку Климентовото дело, проф. Миловска го продолжува ова своевидно патување кон с. Слепче, кон Лесново и кон Кратово. Таму блеснуваат имињата на „осветените“: Јоан, Висарион, Матеј, Сисој, Пахомиј... Д-р Ристова-Михајловска детално говори во рецензијата за кирилометодиевското време, времето пред нивното и времето по нив, истакнувајќи дека ако ги земеме како определнички белег јазикот и писмото во литературата, тогаш ќе треба да ги поставиме почетоците на нашата стара литература во последната четвртина на IX век, кога кај нас се пренесува и применува создаденото од Кирил и Методиј, словенско писмо. Во рецензијата се пласира и фактот дека пред IX век на нашава територија се создаваат низа натписи врз камен, сврзани со државата и болјарството. Условна граница за почетокот на старата литература на нашите простори е 681 година. Меѓу таа година и доаѓањето на кирилометодиевските ученици има 200 години. Ристова-Михајловска, исто така, вели дека низ тој двековен период не се создава литература во вистинска смисла на зборот, но тој период е почеток и развој на: процесот на формирање на една народност, постепеното изумирање на туѓиот јазик; доминација на јазикот на мнозинството-словенски; период на обединување на двата етноса, на заемно духово збогатување и постепено наметнување на словенскиот фолклор.

20. Ристова-Михајловска, М. (2019). Уште едно дополнето и проширено читање на житијата на македонските пустиножители. Во: *Житија на македонските пустиножители*. Штип: 2 Август, стр. 127-132.

**Евалуација на трудот:** Како рецензент на монографската публикација „Житија на македонските пустиножители“ од м-р Марија Ристова, д-р Ристова-Михајловска се осврнува кон житијната литература што означува животоопис на видни христијански дејци, кои биле канонизирани од црквата. Рецензентката става акцент на светите пустиножители, кои преку аскетизмот и бегањето од светот, преку својата света осаменост, го привлекувале и го осветувале нашиот народ. И авторката и рецензентката ја истакнуваат композицијата на житијата на светите пустиножители и тоа: вовед; биографски дел; настани, претставени по хронолошки редослед; заклучок-расказ за светителските мошти и молитва или обраќање кон читателот. Во оваа група светителски житија спаѓаат разгледуваните житија на св. Гаврил Лесновски, св. Прохор Пчињски и св. Јоаким Осоговски.

21. Ристова-Михајловска, М. (2020). Женскиот здив низ стих како белег на едно време и на едни минати и сегашни генерации. Во: *Женскиот здив низ стих во хронологијата на Штип*. Уредник, приредувач и идеен творец: Милена Ристова-Михајловска. Штип: НУУБ „Гоце Делчев“, стр. 5-39.

**Евалуација на трудот:** Како специјалист по средновековна книжевност, Ристова-Михајловска со овој труд што е едновремено и авторска, научноистражувачка студија, единствена од ваков вид, ја споредува денешната експанзија на поетеси со дејците во нашето средновековно минато. Во однос на македонското женско писмо, д-р Ристова-Михајловска го истакнува фактот дека тоа не е постаро од пет децении. Целта на овој труд е да се датира штипското женско писмо. За таа цел, д-р Ристова-Михајловска, која е и идеен творец на овој Зборник, вели дека македонскиот среден век го карактеризираат творци кои создаваат и творат, главно, во манастирските одаи и близу манастирските комплекси, а нивните титули и начин на живот се поврзани, исклучиво, со монаштвото и Светото братство. Без исклучок, во манастирскиот световен живот и во редот на пишувачите, препишувачите, преведувачите и воопшто книжевниците од тој период се јавуваат само автори мажи или книжевни дејци мажи. XIX век е период на *новата македонска книжевност* што се одликува со творештва и пеења на книжевни дејци, поети и собирачи на народни умотворби и творештво, кои се повторно од машки пол. Но, наспроти тоа, д-р Ристова-Михајловска вели дека во никој случај во тој период на силно живеење на народната традиција, обичаи, игри и песни, не смее да не се потенцира дека темелни носители биле жените, и како пејачки, и како тогаш живи - информаторки. Д-р Ристова-Михајловска се осврнува кон третата македонска поетска генерација каде што веќе се јавуваат и имињата и творбите на првите македонски поетеси, Даница Ручигај и Евгенија Шуплинова. Нивните книги се објавени во 60-тите години на минатиот век. Поезијата на жените од Штип датира одамна, но е за прв пат публикувана во поединечни, лични стихозбирки во втората половина на XX век. За темелите на штипското женско писмо, според личните истражувања, д-р Ристова-Михајловска ги набројува по име и презиме сите поетеси, вклучени во штипските поетски/книжевни дружини и поетеси застапени во зборници од 1974 год. Со факти и архивски материјали, д-р Ристова-Михајловска тврди дека поетесите Нада Накова, Марија Емилија Кукубајска, Елена Кожухарова и Марија Воденска ги чинат почетоците на женското писмо во Штип.

22. Ристова-Михајловска, М. (2020). Регистри. Во: *Женскиот здив низ стих во хронологијата на Штип*. Уредник, приредувач и идеен творец: Милена Ристова-Михајловска. Штип: НУУБ „Гоце Делчев“, стр. 174-192.

**Евалуација на трудот:** Изготвените регистри во овој Зборник на жени-поетеси од Штип, од страна на д-р Милена Ристова-Михајловска се исклучително важни како за историјата на штипското женско писмо, така и за неговата хронологија и засведочување воопшто. Во продолжение ги наведуваме критериумите според кои се изготвени регистрите, а со тоа и подредени поетесите од Штип во нив: Генерациско подредување на застапените поетеси според годината на раѓање и генерациската деценија кон која припаѓаат; застапени поетеси од Штип, чии стихозбирки се чуваат во Роднокрајното одделение во Штип или имаат објавено лични стихозбирки; застапени поетеси, кои имаат аплицирано за учество во Зборникот, врз основа на Јавниот повик распишан од НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип во мај 2016 година; застапени поетеси во Зборникот, според наше лично убедување за нивно вклучување; застапени поетеси од Штип во алманасите на ЛК „Искра“-Штип во периодот од 1979 година до 2018 година.

23. Ристова-Михајловска, М. (2020). Митровденските средби на доктори на науки-монографски овековечени, публикациски засведочени. Во: *Овековечување на Митровденските средби на доктори на науки. 2002-2019* од Наташа Лазарева. Уредник и приредувач: Милена Ристова-Михајловска. Штип: НУУБ „Гоце Делчев“, стр. 10-24.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се потенцира дека една од ретките манифестации што става акцент, исклучиво, на докторите на науки од еден град, докторирани во

определен временски период, а единствена во организација на библиотечна установа е манифестацијата „Митровденски средби на доктори на науки“ во организација на НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип. Манифестацијата чини полнолетство од последователни реализации во периодот од 2002 до 2019 год. Д-р Милена Ристова-Михајловска е уредник, приредувач и идеен творец на Монографијата „Овековечување на Митровденските средби на доктори на науки“, чиј автор е Наташа Лазарева. Во воведот, д-р Ристова-Михајловска вели дека идејата за ваква монографија е одамна, но таа за првпат како директорка на Библиотеката во 2016 година аплицираат со овој проект, така што неколку години подоцна, во 2020 година, интензивно истражува заедно си другите членови на приредувачкиот тим и му даваат душа на овој концепт преку истражувачка работа, креирање концепт и публикување.

24. Ристова-Михајловска, М. (2020). Библиотекарството во Штип  и Штипско во периодот 1976-2002. Во: *Овековечување на Митровденските средби на доктори на науки. 2002-2019* од Наташа Лазарева. Уредник и приредувач: Милена Ристова-Михајловска. Штип: НУУБ „Гоце Делчев“, стр. 47-90.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд, авторката ги приложува значајните обележја преку одредена документација и преку кус опис на проектните активности во рамки на Библиотеката во Штип за еден скоро тридецениски период. Хронолошки и таксативно пренесува дел од тие значајни случувања што како програмски активности и манифестации претходеле на значајната 2002 година кога по иницијатива на Трајко Пиков се случува и одржува првата Митровденска средба на докторираните лица од Штип. Во текот на 1976 и 1977 година се одвива изградбата на комплетно новиот објект на Библиотеката. Во 1976 година е реализиран попис на книги (ревизија на книжен фонд што во понатамошните четири децении не се реализира!). 1977 година е година на вселувањето во новиот објект и почеток на работата во новата зграда. 4 мај 1978 година е значаен датум за Библиотеката, бидејќи на тој ден е реализирано свеченото давање во употреба на новата библиотечна зграда. Општинската награда „8 Ноември“ се доделува на Библиотеката во 1979 година. Востановување на манифестацијата „Митровденски средби на доктори на науки“ Од 2002 година започнува оваа манифестација, посветена на штипските доктори на науки, без оглед на тоа каде се наоѓаат, а по повод 8 Ноември - Денот на ослободувањето на Штип. Во периодот 2002-2019 г. се издадени 8 публикации.

25. Ристова-Михајловска, М. (2020). 80. роденден - многу дела, прва библиографија. Во: *Овековечување на Митровденските средби на доктори на науки. 2002-2019* од Наташа Лазарева. Уредник и приредувач: Милена Ристова-Михајловска. Штип: НУУБ „Гоце Делчев“, стр. 257-260.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд, д-р Ристова-Михајловска истакнува дека од нејзина страна како директор на Библиотеката е формиран стручен тим, трочлена уредувачка екипа. Преку неколку лични средби со д-р Чепреганов и со посветена работа во Библиографскиот центар на Библиотеката се обелоденува и првата персонална библиографија за д-р Методи Чепреганов. Целта на тимот е барем со еден ваков скромен гест зад кој стои многу работа, да се сумира целокупната работа на д-р Чепреганов. Д-р Ристова-Михајловска не вели дека овде е, буквално, сè опфатено, но при сите консултации со д-р Чепреганов, уредувачкиот тим се потрудил да стави на хартија максимален број на библиографски единици. Големо било и воодушевувањето на д-р Методи Чепреганов што некој од неговиот роден Штип се сетил вака да му го одбележи 80-тиот роденден.

26. Ристова-Михајловска, М. (2020). Скромен роденденски подарок за големиот креатор на убавата реч. Во: *Овековечување на Митровденските средби на доктори на науки. 2002-2019* од Наташа Лазарева. Уредник и приредувач: Милена Ристова-Михајловска. Штип: НУУБ „Гоце Делчев“, стр. 261-266.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд, авторката се осврнува кон изработувањето и публикувањето на Персоналната библиографија за проф. д-р Душко Цацков. Овој доктор на науки, како што вели авторката, треба да биде пример на идните и сегашните доктори

на науки кои потекнуваат, живеат и работат во Штип, а ги има сè повеќе поради големиот просперитет што му го придаде Универзитетот „Гоце Делчев“ на градот и што му даде примат на прав универзитетски град на центарот на Источна Македонија. И најважно, можеби, и клучно за истакнување меѓу другото е скромниот подарок (библиографијата) за големото дело на д-р Цацков, иницирана од д-р Ристова-Михајловска како директорка на Библиотеката и тимот приредувачи што таа го формира. Д-р Ристова-Михајловска го засведочува и фактот дека уште на првата средба со нејзините колеги-приредувачи, д-р Душко Цацков ја наградил и збогатил Библиотеката со подарување на две значајни книги и една копија, чие место е во Роднокрајното одделение. Едната книга датирала од 1945 година и истата била копија од првото издание на поетската збирка „Бели мугри“ од Кочо Рацин. Втората книга ја сместиле во редот на старопечатените книги. Отпечатена во 1901 година и според Законот за културно наследство влегува во редот на книгите со посебна вредност. Автор на вторава подарена книга бил Лермонтов, а истата е насловена како „Герой нашего времени“ (Херои на нашето време). Ја донирал и копијата на книгата од Петар Завоев „ГРАДЪ ЩИТЪ-минало и просвѣта до революционнитѣ борби“.

27. Ристова-Михајловска, М. (2020). Вовед или За првата публикувана роднокрајна тековна библиографија во Штип или Кусо упатство за изготвување и користење на една роднокрајна библиографија. Во: *Овековечување на Митровденските средби на доктори на науки. 2002-2019* од Наташа Лазарева. Уредник и приредувач: Милена Ристова-Михајловска. Штип: НУУБ „Гоце Делчев“, стр. 267-275.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд, авторката прави осврт кон првата од ваков вид публикација и библиографија, сработена во Штип. Конкретно, со овој Вовед, д-р Ристова-Михајловска сака да се обрати до поширокитe целни групи од читатели, истражувачи, Таа вели дека за да се изготви една тековна локална библиографија со библиографски единици, произлезени од статии поместени во одредени сериски публикации, за период од една календарска година, значи да се колекционираат на едно место податоците за целокупната медиумска застапеност на еден град и луѓето во него. Под податоци, подразбира места, односно сериски публикации со точни информанти за статијата во која се пишува за градот и граѓаните што живеат во него.

28. Ристова-Михајловска, М. (2018). Вовед за првата публикувана роднокрајна тековна библиографија за Штип. Во: *Штип и штипјани во дневните весници и списанија (2017)*. Штип: НУУБ „Гоце Делчев“, стр. 5-9.

**Евалуација на трудот:** Во првата Роднокрајна библиографија, д-р Ристова-Михајловска вели дека: хронолошки се подредени сите статии објавени во последната заокружена календарска година; поместен е регистар на роднокрајни автори; поместен е регистар на наслови на статии во кои се содржани податоци или изјави за Штип и штипјани, а скенирани и приложени се и одредени статии од сериските публикации.

29. Ристова-Михајловска, М. (2019). Вовед за втората публикувана роднокрајна тековна библиографија за Штип. Во: *Штип и штипјани во дневните весници и списанија (2018)*. Штип: НУ-УБ „Гоце Делчев“, стр. 5-11;

**Евалуација на трудот:** Со Воведот кон оваа публикација, д-р Милена Ристова-Михајловска сака да го потенцира значењето на истата, од една страна, и да ги уважи изготвувачите, од друга страна. Според д-р Ристова-Михајловска, за установата што стои како издавач на оваа публикација, произлезена од Библиографскиот центар што функционира во склоп на установата, исто така овој труд е од голема важност. Со оглед на тоа дека тимот односно тандемот што работеше на истражувањата, поврзани со овој труд, а технички поддржани и помогнати уште од едно лице, е сосем мал по состав, тогаш валоризирањето на нивното работење е уште поголемо, според нејзините зборови. Д-р Ристова-Михајловска вели дека оваа втора библиографија е значајна поради тоа што чини континуитет на првата сработена и објавена од ваков вид публикација. Во суштина, добро е кога нешто ќе почне да се прави, уште подобро е кога нештото се покажува како успешно, но најдобро е кога она што е добро ќе продолжи, ќе доживува своевиден континуитет.

Таков е и случајот со оваа вредна едиција на библиографии, произлезени од работата на НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип.

30. Ристова-Михајловска, М. (2022). Спојот од минатото и сегашноста во монографијата како сведок пред денешните и идните генерации. Во: *Монографија „За тогаш кога денес ќе биде некогаш. 75 години низ времето - СОУ 'Коле Нехтенин' - Штип“*. Штип: 2 Август, стр. 8-11.

**Евалуација на трудот:** Во оваа рецензија се прави хронолошко-историски преглед од почетоците на образованието во Штип до денес кога современото училиште СОУ „Коле Нехтенин“ - Штип важи за едно од најреномираните средни стручни училишта во регионот. Рецензентката се навраќа кон 1830 година кога во Штип било отворено првото училиште на народен јазик, а во 1868 година, Јосиф Ковачев (1839-1898) го отворил првото педагошко училиште. Нешто подоцна, во 1872 година започнало со работа првото народно читалиште, именувано како „Дејателност“. При крајот на XIX век, од 1894 до 1896 година, во училиштето (изградено во 1872 година) во Ново Село предавал Гоце Делчев, идеологот на македонското национално ослободително движење. Точно 50 години по изградбата на училиштето во Ново Село, во Градот под Исарот, започнува со работа „вечерното училиште за занаетчиски квалификувани работници“, денешно СОУ „Коле Нехтенин“. Низ годините нанапред, а низ страниците на историјата, училиштето се трансформира и надградува, чекајќи го клучниот миг за национално ослободување од фашизмот, за да прерасне во „училиште за ученици во стопанството“. Денес, тврди рецензентката, станува збор за модерно училиште со комплетирани кабинети и тенденција за отворање на дуални паралелки.

31. Ристова-Михајловска, М. (2021). Рецензија за едни едукативно-певливи стихови или Да се изговора, чита и да се пее, умешност, едукаторство и вештина е. Во: *Практикум. Учиме со Ели, лесни песни за развој на говорот и почетно пишување* од Елена Ташкова. Штип: 2 Август, стр. 61-62.

**Евалуација на трудот:** Со оваа рецензија, д-р Милена Ристова-Михајловска дава осврт кон навидум лесните песни на Ели, а во суштина-стихови со силна дидактика, кои помагаат при дефектолошко-логопетскиот пристап на стручните лица и родителите со децата, кои имаат тешкотии во развојот. Д-р Ристова-Михајловска го оценува овој прирачник и за практичен и за корисен, но и за естетско-стилски богат со оглед на лириката, ритмиката, ритамот и римата во стиховите и колоритот во соодветно илустрираните страници.

32. Ристова-Михајловска, М. (2022). Кон првите поетски обиди на Злате Постолов. Во: *Стихови за животот. Пеења од Балканот*. Штип: АКАДЕМИЈА ЕУРОАРТ - Штип, стр. 201-203.

**Евалуација на трудот:** Социјално-ангажирана поезија преку крикот на „работничката» класа и низ гласот (читај: „интересот») на неутралниот гласач-вакви се стиховите што произлегуваат од лирскиот субјект на Злате Постолов и баш вака ги оценува и рецензентката и уредничка на оваа стихозбирка. Според д-р Милена Ристова-Михајловска, „романтичарскиот копнеж» кон систематски средено општествено уредување, а со идеалите на пролетеријатот и тенденцијата за слобода и правда е тенденцијата кон која се стреми, речиси, секој стих, правдоборно насочен за вистината и против неправдите. Наспроти тоа, реалноста е полна со корумпираност, неправедност, пресуди, прифатени или неприфатени стереотипи и конечно-живот што „вака или така» ќе протече. Според рецензентката, Постолов е современик на Кочо Рацин, чиј „атоми на болката» и „сагата на работничката класа» се неутраизираа со поетските сцени од природата и љубовта.

33. Ристова-Михајловска, М. (2022). За првата стихозбирка на Анка Денкова или За стиховите - упатства за посреќен живот. Во: *Верба, надеж, љубов* од Анка Денкова. Уредник: Милена Ристова-Михајловска. Штип: АКАДЕМИЈА ЕУРОАРТ-Штип, стр. 122-128.

**Евалуација на трудот:** Една од збирките во кои д-р Ристова-Михајловска е и рецензент и уредник е првенчето на Анка Денкова. Како што вели рецензентката, оваа поезија е еден вид упатство за среќен живот, насочување за тоа како да се пребродат тагите и да се стаса до радоста. Оваа поезија е светлото зад виножитото или сонцето по дождот-тоа го тврди рецензентката, која длабоко навлегува во поетиката и лириката на лирскиот субјект.

34. Ристова-Михајловска. (2021). Песни за Таја. Во: *Три бои на љубовта* од Трајче Кацаров. Штип: 2 Август, стр. 80-81 (фрагмент од рецензија).

**Евалуација на трудот:** Како фрагмент од комплетната рецензија што стои во уметничкиот дел од персоналната библиографија за авторот, Трајче Кацаров, овој текст од д-р Ристова-Михајловска се насочува кон поетиката на лирскиот субјект на Кацаров. Рецензентката ја „открива“ и семантичката полнотија на името „Таја“ со тоа што „Таја“ е синоним на дијалектното „таја“ од личната заменка „таа“ во стандардниот македонски јазик. Таја е секоја жена, Таја е универзализација на љубовта на едно високо ниво.

35. Ристова-Михајловска, М. (2020). Книга-сон што го држам в рака. Во: *Книга- сон што го држам в рака* (наградени творби од литературниот награден конкурс). Штип: НУУБ „Гоце Делчев“, стр. 5-8.

**Евалуација на трудот:** Како долгогодишен или член или претседател на комисиите што одлучуваат за најдобрите творби на распишуваните во континуитет конкурси од страна на НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип, а во рамки на проекти од национален интерес д-р Милена Ристова-Михајловска, се чини, е најповикано лице од книжевната фела за да дава осврти кон пристигнатите творби што од страна на библиотекарите се колекционираат во соодветни зборник-книги или публикации-стихозбирки. Д-р Ристова-Михајловска им дава ветер во грб на овие млади таленти и издвојувајќи ги најсилните елементи од таа „младешко-поетска“ поетика, секогаш ги бодри младите автори да продолжат да пишуваат, но и многу да читаат.

36. Ристова-Михајловска, М. (2022). Зборникот на штипските писатели-афирматор на штипското писателство. Во: *Книжевен зборник на штипските писатели*. Штип: НУУБ „Гоце Делчев“, стр. 7.

**Евалуација на трудот:** Д-р Ристова-Михајловска како рецензент на овој труд, но и како прв поддржувач за да се направи проектна апликација за истиот, го оценува овој Зборник како значајно дело за штипската литература и за творците од Штип. Овој Зборник е прв од ваков вид, произлезен од Библиографскиот центар на Библиотеката во Штип, така што д-р Ристова-Михајловска ја потенцира неговата оправданост со тенденција да следуваат слични вакви публикации во слични едиции.

37. Ристова-Михајловска, М. (2021). За песните-градација, лексемите-контрадикција и песните-поента во стихозбирката „Диви води“ од Ана Рувиноска. Во: *Диви води* од Ана Рувиноска. Уредник: Милена Ристова-Михајловска. Штип: АКАДЕМИЈА ЕУРОАРТ-Штип, стр. 41-51.

Според рецензентката и уредник на збирката „Диви води“ од поетесата Ана Рувиноска претставува освежување на македонската современа книжевна сцена, создадена од млад автор. Стихотворенијата се конципирани во три циклуса од чии пеења извираат конотациите на чистотата и сите катарзични лица на љубовта. Како што вели д-р Ристова-Михајловска, насловот, носејќи ја во себе лексемата „води“ го отвора херменевтичкото поле за расчитување на водата како симбол. Спротивставувањето на „егото“ и „алтер егото“ кај поетесата доведува до водење на класичен психолошки дијалог под перото, а со тоа и резултат од совршена катарзичност кај реципиентот. Оттука, речиси, секоја песна плени со она посмодернистичко учество на контрадикцијата. „Идеалниот драг“, иако е романтичарска категорија, во оваа поезија со постмодернистички навеви е и верно-неверен и сеприсутно-неприсутен, но и нем соговорник на лирскиот субјект. Симболичките значења на водата, можејќи да се сведат на три доминантни компоненти, ја означуваат

неа како: извор на животот, средство за прочистување, средиште на обновувањето. Овие три теми се среќаваат во најдревните преданија и тие создаваат најразлични замислени комбинации, кои истовремено се и најобмислени. Во поезијата на Ана Рувиноска, сите овие теми како силно Тројство што го воведува лирскиот субјект во темнина, па го исчеличува низ страдања за на крај да го изеднакви и изедначи и доведе до и со светлината, заземаат суштинско место.

38. Ристова-Михајловска, М., Кацаров, Т. (2018). Збиена метафора, апстрактна лирика, хипертекстуалност, нирвана, љубов и еротика. Во: *Саркофаг* од Исак Хаџи. Штип: НУ-УБ „Гоце Делчев", стр. 33-37.

**Евалуација на трудот:** Да се рецензира поезија од осудени лица и што е поважно - да се поттикнат и охрабрат тие лица да го обелоденат пишуваното - баш пред ваков предизвик се најдоа рецензентите д-р Милена Ристова-Михајловска и м-р Трајче Кацаров. На иницијатива на КПД-Штип, двајцата рецензенти по остварувањето книжевна средба со осудениците, пронаоѓаат таленти меѓу нив, кои пишуваат во тишина, во самотија... И не така едноставни, ами длабоки стихови. Според рецензентите, оваа поезија има бројни збиени метафори. Станува збор за апстрактна лирика, полна со хипертекстуални точки што современиот читател треба одново и одново да ги разоткрива. Иако навидум е обременета со метафори, оваа поезија се стреми кон прочистување, кон нирвана...

39. Ристова-Михајловска, М., Кацаров, Т. (2018). Тишината-плодотворна база за создавање творби. Еуфонијата-поетичка одлика на една поезија. Во: *Стихови од една водолија* од Жарко Миличевиќ. Штип: НУУБ „Гоце Делчев", стр. 25-28.

**Евалуација на трудот:** Како што велат рецензентите, да биде осуден еден дух, а истовремено да биде креативен и со творечки сили, значи да се насочи кон создавање, а не кон потиснување на тежините. Таков е и случајот со поетот Жарко, чија поезија е предмет на интерес и куса анализа при оваа рецензија. Колку и да е моментот тежок, неговиот лирски субјект не изостава да ја потенцира надежта. Го дескрибира она што му ја обременува душата и состојбата, но пак и пак оптимистички и гордо се дефинира себеси и во најголемите длабочини на животот. Изворот на надежта го гледа во некој натприродна сила. Структурирањето на сите во верига врзани 38 пеења е во целост (со само еден исклучок) низ моќта на римата. Паралелната рима, предадена, главно, кај првиот и вториот и третиот и четвртиот стих, ја дава одликата на поетиката на оваа поезија. Експлицитно и храбро, лирскиот субјект пее за личниот оптимизам и силата на надежта што му го полни духот и го одржува во моментите тешки.

40. Ристова-Михајловска, М. (2022). Стихозбирната падина што стана структурирана падина или За „Прирачникот" што се претвори во „извор". Во: *Изворот на мојата душа* од Ване Дериволов. Уредник: Милена Ристова-Михајловска. Штип: АКАДЕМИЈА ЕУРОАРТ-Штип, стр. 86-103.

**Евалуација на трудот:** Рецензентката д-р Ристова-Михајловска, која се јавува и како уредник на овој труд, во рецензијата посочува една од нејзините лични и професионални мисии, а тоа е детектирањето и насочувањето на младите таленти. Ване Дериволов е еден од тие таленти во ваквата „мисионерска приказна" на рецензентката, која преку ваквите активности вели дека сака да биде пандан на класичниот образовен систем во Македонија во кој поединци препознаваат поединци, во кој талентот може да остане незабележан, во кој надареното дете може да биде послабо оценувано оти системот и барањата се такви, оти баш тоа дете има афинитети кон едно нешто, а учи нешто сосем друго. Д-р Ристова-Михајловска објаснува зошто оваа поетска збирка првично е наречена „Прирачник..." Прирачникот бил така направен и така именуван оти дел од песните биле од самоинспирација испеани, а дел – наменски пишувани за тематски конкурси, настани и манифестации. По сугерирање на уредничката и рецензентка не можеле титлувањето да го остават така, па затоа Ване го направил вториот чекор и ја испеа насловничката генитивно-метафоричка синтагма што гласи „Изворот на мојата душа". Според рецензентката, Дериволов својата идеална драга ја поистоветува до ниво на совршенство или „убавина собрана од сиот свет" што како

атрибут се сместува во рамки на реторско прашање, а како врв на претходна градација во првата песна од првиот циклус во „Песните за неа“ со наслов „Убавината твоја“. *Песните за неа* го носат низ стиховите тој меланхоличен, романтичарски провев што води кон *бегство во сонот*. Тишината и немоста имаат различни значења. Но лирскиот субјект на Дериволов припишува спротивна стиховна дефиниција кон тишината, според што ја атрибутира како „поразувачка и уништувачка“. Меѓу најсилните метафори во оваа поезија, рецензентката ги сместува скратените компарации за недостигот во истоимената песна „Недостиг“, така што во таа метафоричка низа или подобро-градирање со метафори, симболите на тунелот, каменот, вулканот, мечтите и судбината уште поексплицитно го доопишуваат недостигот и барањето излез од настанатата состојба. Преку расчитувањето на сите овие симболи исплива надежта.

41. Ристова-Михајловска, М. (2020). Рецензија за книгата „Ситуационо лидерство“. Во: *Ситуационо лидерство* од Наташа Лазарева. Уредник: Милена Ристова-Михајловска. Штип: 2 Август, стр. 319-321;

**Евалуација на трудот:** Во рецензијата на оваа книга, д-р Ристова-Михајловска се осврнува кон разгледување на дефинирањето и детерминирањето на лидерството како процес во кој поединецот делува на другите луѓе поради остварување на одредени цели, како и управување со организацијата за таа да стане поуспешна и компактна. Рецензентката истакнува дека оваа публикација ја содржи неминовната потреба од постоечките лидери во училишните установи, нивното ситуационо лидерство и начинот на кој тие управуваат со училиштата. Предадена е и разликата и важноста на менаџерот и лидерот во училишните установи, нивните различни функции, способности и остварувања. Д-р Ристова-Михајловска констатира дека менаџерот е оној кој се грижи за ефикасноста на училиштето како организација, додека лидерот е задолжен за ефективноста и промените во самото училиштето. Истражувањето за книгата е сконцентрирано главно врз училишните директори. Рецензентката вели дека во оваа книга се вклучени вкупно 16 училишта и 202 испитаници, од нив се добиени резултати за моменталното ситуационо водство на поставените училишни директори и нивното влијание врз училишната клима и култура. Токму ова ситуационо лидерство на училишните, па и на сите останати директори е една од главните одлики што се појавува како фактор за создавање на современиот директор, а воедно и за градење на моменталната организациска клима. Книгата има огромно влијание врз правилниот избор на лидерите за тоа кој вид на лидерство ќе го изберат во текот на своето работење.

42. Ристова-Михајловска, М. (2020). Рецензија за книгата „Организациско однесување и комуницирање во културните и образовните установи“. Во: *Организациско однесување и комуницирање* од Наташа Лазарева. Уредник: Милена Ристова-Михајловска. Штип: 2 Август, стр. 295-296.

**Евалуација на трудот:** Во рецензијата на оваа книга, д-р Ристова-Михајловска се осврнува кон разгледување на дефинирањето и утврдувањето на организациското однесување и комуницирање како мера што го придонесува развојот на високообразовните институции во Македонија. Рецензентката потенцира дека ова истражување е особено актуелно, бидејќи теоријата на управувањето со образовните установи, во последно време, става посебен акцент на проучување на влијанието на организациската поставеност и работењето и комуникацијата како нивни составен елемент, врз развојот на образовните установи, одредувајќи го како релативно ново подрачје во образовната практика во нашата земја. Д-р Ристова-Михајловска констатира дека уште се ретки истражувањата од овој вид, не само кај нас туку и во светот. Рецензентката се задржува на проблемскиот пристап што авторката го применува со наведување на голем број детерминанти и нивна операционализација со целосно почитување на спецификите на состојбите и окружувањето е во функција на јасност на трудот.

43. Ристова-Михајловска, М., Јованова, В., Спиридонова, Б., Манева, С. (2018). Ракописот-душопис на штипскиот роднокраец, Михаил Ренџов. Во: *Критиката за*

*Михаил Ренџов* од Виолета Мартиновска. Скопје: Виолета Мартиновска, стр. 52-60.

**Евалуација на трудот:** Со овој труд, авторките се навраќаат кон легатската оставнина што ја има подарено ценетиот роднокраен автор од Штип, Михаил Ренџов. Тој на штипската библиотека ѝ ги подарува своите ракопишуванија, односно оригиналните листови на кои ги има пишувано своите песни. Истите се чуваат во просториите на Роднокрајното одделение во Штипската библиотека. Библиотекарката Блага Спиридонова има изготвено публикација со факсимилни фотографии од тие ракописи. Авторките на овој труд алудираат на Законот за легати што постои и се применува во соседна Србија, а кај нас библиотекарите „лутаат“ при чувањето и афирмирањето на ваквите оставини.

44. Ристова-Михајловска, М. (2020). Како се роди идејата? Преку реализација до фасцинантна манифестација. Во: *Тоше Проески има само датум на раѓање. Гоце Делчев-великанот роден за да нè учи и води* (книжевно-музички перформанс). Штип: НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип, стр. 5-6.

**Евалуација на трудот:** Д-р Ристова-Михајловска како идеен творец, иницијатор и прв организатор на овој книжевно-музички перформанс во 2016 год. кога ја извршува функцијата-директор на НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип, со право се јавува како рецензент на оваа публикација, отпечатена во 2020 год. Во оваа публикација се сумирани наградуваните творби на книжевно-музичкиот перформанс за кој д-р Ристова-Михајловска во својот осврт детално говори за тоа како се родила идејата. Нејзината цел своевремено како идеен творец била да се одбележат родендените на овие двајца великани, исклучително значајни за историјата на Македонија (Делчев) и за новиот правец во современата македонска музика (Проески), така што дошла до идеја за еден величествен перформанс од пошироки рамки.

45. Учество во подготовка на изданието „Методички истражувања и книжевни интерпретации“ (2021). Штип - УГД.

**Евалуација на трудот:** Д-р Ристова-Михајловска е еден од авторите што со скромен влог се вклучува во остварувањето на оваа публикација. Воведните зборови од посветата во чест на проф. д-р Виолета Димова се нејзини авторски, а изречени во име на студентите и колегите.

46. Ристова-Михајловска, М. (2022). За стиховите од детството, растењето и созревањето. За да се надградат со книжнина, стилистика и лектира! Во: *Шереолики воздишки* од Милена Милорадова. Уредник: Милена Ристова-Михајловска. Штип: АКАДЕМИЈА ЕУРОАРТ-Штип (во печат).

**Евалуација на трудот:** Д-р Ристова-Михајловска е уредник, иницијатор за публикување и рецензент на оваа поетска збирка што авторката и организаторите на промоцијата ја поврзуваат со Светскиот ден на мајчиниот јазик. Според рецензентката, стиховите на Милорадова се слика на еден развоен пат на поетесата, пишувани од детство кон тинејџерство. Станува збор за творби што со фусноти се дообјаснети за тоа каде се објавени, со што се наградени и со какви дипломи и сертификати е закитена авторката (последниве се дадени како прилог на текстуалниот дел). Милорадова е еден од детектираните млади таленти од страна на д-р Ристова-Михајловска што истовремено е активна и при пишување на проза и поезија.

Ристова-Михајловска, М., Јованова, В. (2018). Старите книги со ретка вредност НУ-УБ „Гоце Делчев», Штип - реставрирани, презентирани, афирмирани. Во: Библиотекарство: списание на Библиотекарското друштво на Македонија. ISSN 1409-9357 (Год. 35, бр. 1/2, 2018, стр. 18-24).

**Евалуација на трудот:** Овој труд се јавува како надоврзување на неколку проекти за детектирање на стари и ретки збирки и ракописи во Штипската библиотека, како и практично остваруваните процеси на реставрација на оштетените книги. Од аспект на тоа што и двете авторки на трудот, и д-р Ристова-Михајловска и м-р Јованова во изминатиот период ја имаат извршувано функцијата директор на НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип, сосем

легитимно и од искуство можат да зборуваат на оваа тема, односно за детектираните неколку збирки во Библиотеката, начините за нивно чување што и не се баш соодветни според нив и можностите за афирмација на овие збирки што во периодот кога е д-р Милена Ристова-Михајловска директор, се претставувани во Македонија, Турција и Франција. И двете авторки се едногласни во упатствата што ги пренесуваат пред библиотекарската фела за чување на овие ретки книги, а според примерите со кои лично се имаат сретнато при нивните конференциски и студиски престои во: Полска, Словенија, Унгарија и др. земји.

47. Ристова-Михајловска, М. (2018). На тетка Горде (поезија). Во: Помени и спомени: песни посветени на Гордана Коцева. Избор и редакција Иван Котев. Штип: НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип.

**Евалуација на трудот:** Станува збор за поетска творба во чест на Гордана Коцева, сместена во Зборникот со песни за оваа роднокрајна авторка од Штип што се сумирани и постхумно објавени. Д-р Ристова-Михајловска е еден од првите промотори на Коцева во Штип и коорганизатор во нејзините промоции на локално ниво.

**3. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Милена Ристова-Михајловска учествува на бројни меѓународни симпозиуми, конгреси, форуми, семинари, стручни собири и конференции во земјава и надвор од неа, и тоа како од областа на образованието, воспитанието, библиотекарството, така и од областа на својата тесно-стручна усовршеност, односно од областа на филолошките науки и од потесната област-средновековна книжевност и книжевност воопшто, при што има објавено поголем број на стручни и научни трудови. Одржува тематски предавања во земјата и во странство од областите на книжевноста, јазикот, филологијата, библиотекарството и односите со јавноста. Има објавени бројни авторски и коавторски монографски публикации, рецензии, осврти и сл.

Д-р Ристова-Михајловска се стекнува со Сертификат за учество на Научен собир „70 години Институт за фолклор и 50 години фолклористичка дејност на Иван Котев“, одржан во периодот од 27 до 28 август 2021 год. во Струмица, каде што таа има свој труд и свое излагање.

Учествува и на Симпозиумот на тема „Книжевното дело на Видое Подгорец -јазик, поетика, херменевтика“ во организација на Здружението „Средби под јаворите - Видое Подгорец“ - Струмица, така што Симпозиумот се одржува на 17 и 18 декември 2021 година во Струмица, а на истиот д-р Ристова-Михајловска, освен што е претседавач на првата сесија, го излага и трудот со наслов „Подгорец и Штип-спој од сеќавања, свечености, библиографски единици, предговоренија, творенија“, за што се стекнува со Сертификат за учество на Научниот симпозиум.

Учествува со два коавторски труда на Меѓународната конференција „Knowledge-capital of the future“ на 30.9.2022 година, така што нејзините трудови се публикувани во Интернационалното списание „Knowledge“, а за учеството се стекнува со два сертификата.

3.1. *Учество во реализација на обуки, признанија*

Д-р Ристова-Михајловска се има стекнато со Сертификат за учество во обуките и практичниот дел на Идејациската програма „RISE“ преку АРНО што се имплементира во периодот од октомври 2021 до февруари 2022 год.

Во периодот од октомври 2019 год. до ноември 2020 год., учествува во обуки за градење на истражувачките капацитети на граѓанскиот сектор во организација на Здружение за истражување и анализи-ЗМАИ, поддржани од „Civica Mobilitas“.

Добива Златна плакета за учество во Енциклопедијата на поети од светот, каде што се застапени нејзини поетски творби и има почесно обраќање на промоцијата на Енциклопедијата (19.5.2021 г.).

Поетската збирка „Светлина во Верата. Вера во Светлината“ е селектирана во десетте најдобри ракописи од вкупно пристигнати 65 збирки во конкуренција за наградата „Антево перо“ (2018).

Стихозбирката „Запирка“ е добитник на наградата „Бели мугри“ во рамки на манифестацијата „Денови“ во организација на ЈУ Дом на култура „Кочо Рацин“ -Скопје (2020) за што се потврдува со Потврда бр. 03-26/2 од 23.2.2021 год.

Во септември 2020 година, добива Диплома за освоена платинеста плакета за научен труд на Интернационалната литературна манифестација „Прозно перо“.

Во септември 2020 година, добива Диплома за освоена награда ВИКТОР (оскар на поезијата) на Интернационалната литературна манифестација „Поетска гала“.

Во јуни 2020 година, добива Диплома за животно дело за литературно творештво на Литературната манифестација „Гордана Коцева, 2020“.

На 15.5.2020 година, добива Златна плакета за награден научен труд „Современа македонска поезија низ херменевтичко-метафорички очи“ на Интернационалната литературна манифестација „Литератопија, 2020“.

Во 2020 година, добива Златна плакета за поетска творба на Петтата меѓународна литературна манифестација „Охридски бисер на поезијата, 2020“.

На 13.11.2018 год., добива награда за Книга на годината за поетската збирка „Перунова синестезија“ (поезија за возрасни) на Литературната манифестација „Охридијада, 2018“.

На Литературната манифестација „Охридски бисер на поезијата, 2019“, на ден 13.4.2019 година, д-р Ристова-Михајловска добива Награда за животно дело и Награда за севкупно творештво.

*Членство во одбори, тела, асоцијации*

Член е на работните групи формирани од страна на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за организација на настан „Прв академски час - Бруцошка на УГД“ со Решение бр.0204-615/1 од 3.10.2022 год. и организација на настан „УГД форум за развој на образованието / УГД форум за младинско учество во образованието“ со Решение бр.0204-750/1 од 17.11.2022.

Член на Комисија за верификација на образовен профил во СОУ „Димитар Мирасчиев“ – Штип.

Член на Комисија за верификација на образовен профил во СОУ „Јане Сандански“ – Штип.

Член на Совет на родители при ООУ „Димитар Влахов“ – Штип.

Проектен раководител на Здружение за едукација, култура и уметност АКАДЕМИЈА ЕУРОАРТ – Штип.

Член и регионален координатор на Здружение „Бадникови поворки“ – Штип.

Член на Друштво на писателите на Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за кандидатката, членовите на Комисијата со задоволство заклучуваат дека насловен доцент д-р Милена Ристова-Михајловска во целост ги исполнува законските критериуми за избор во насловно звање насловен вонреден професор, предвидени согласно со Законот за високо образование („Службен весник“, бр. 82 од 8.5.2018 год.) и со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Универзитетски гласник бр. 50 од 19.7.2021 год.). Како што може да се констатира до горенаведеното, д-р Милена Ристова-Михајловска има покажано голема активност во полето на научноистражувачката (НИ) и стручно-апликативната и организациско-развојната (САОР) способност, при што може да се констатира дека го надминува потребниот квантум за да биде избрана за наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област македонска книжевност и јужнословенска книжевност во средниот век на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Д-р Милена Ристова-Михајловска има долгогодишно работно искуство во кое се јавува како предавач, професор, државен службеник, работник во медиум, директор, раководител, едукатор. Во период од 2018 до 2022 год., д-р Ристова-Михајловска има објавено повеќе трудови во меѓународни и стручни списанија и зборници, самостојни научноистражувачки публикации, самостојни и наградувани поетски збирки, учество и координирање на бројни меѓународни и домашни проекти, коавторски научноистражувачки публикации и голем број рецензии, уводи и предговори на монографски публикации. За истакнување се нејзините одржани предавања на странски универзитет (ИНАЛКО во Франција), како и учествата на меѓународни и домашни научни конференции и собири.

Сето тоа покажува дека кандидатката д-р Милена Ристова-Михајловска има постигнато завидни резултати во клучните области и дејности: НИ и САОР, така што се афирмира како истакнат работник во својата професија.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката д-р Милена Ристова- Михајловска во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област македонска книжевност и јужнословенска книжевност во средниот век.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог кандидатката д-р Милена Ристова-Михајловска да биде избрана за наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област македонска книжевност и јужнословенска книжевност во средниот век (61200) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Виолета Мартиновска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Добрила Миловска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Јованка Денкова, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | Број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање насловен доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | **30** | | | | |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга<br>**Труд под реден бр.: 11, 12, 13, 16** | 4 | 10 | | | 40 |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга<br>**Труд под реден бр.: 14, 15, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23, 24-28, 19, 30, 31, 37, 42, 43, 44.** | 17 | 6 | | | 102 |
| **3.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>**Труд под реден бр.: 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9.** | 9 | 7x9=63<br>2x6=12 | | | 75 |
| **4.** | Пленарно предавање на научен собир | 2 | 3 | | | 6 |
| **5.** | Секциско предавање на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| **6.** | Одржано предавање по покана од научна институција | | | 3 | 4 | 12 |
| **7.** | Раководител на научен проект | 5 | 4 | | | 20 |
| **8.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 2 | | | 6 |
| **9.** | Уредник на научно списание | 1 | 3 | | | 3 |
| **10.** | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања... | 8 | 4 | | | 32 |
| | **ВКУПНО** | **298** | | | | |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга/учебник<br>**Труд под реден бр. 10.** | 1 | 10 | | | **10** |
| **2.** | Труд во стручно (научно-популарно списание) | 1 | 2 | | | **2** |
| **3.** | Поглавје од книга<br>**Труд по реден бр.: 32, 33, 34, 35, 36, 38, 39, 40, 41, 45, 47.** | 11 | 4 | | | **44** |
| **4.** | Член на факултетски орган/комисија | 5 | 2 | | | **10** |
| | **ВКУПНО** | **66** | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ**<br>30+298+66=394 | **394** | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПАТОЛОШКА АНАТОМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-34/8 од 23.1.2023 година, донесена на 295. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 23.1.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање за наставно-научната област патолошка анатомија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 21.12.2022 година и во предвидениот рок се пријави:

Насловен доц. д-р Катерина Кубелка-Сабит, доктор на медицински науки и здравство, вработен во приватната клиничка болница Аџибадем-Систина во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Катерина Кубелка-Сабит е родена на 3 мај 1972 година во Скопје. Основно и средно биотехнолошко училиште завршува со одличен успех во Скопје, а Медицински факултет завршува во 1997 година во Скопје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, со просечен успех 9.28, каде што се стекнува со звање дипломиран доктор на медицина. Во 2003 година ги завршува Интердисциплинарните постдипломски студии по молекуларна биологија и генетско инженерство, отсек Молекуларна медицина на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со просечен успех 10,0, со одбрана на магистерски труд на тема „Детекција на ХПВ ДНК кај рани инвазивни карциноми на грлото на матката со ин ситу хибридизација со катализирана сигнална амплификација со биотинизиран тирамид”. Притоа, се стекнува со звање магистер на науки од областа молекуларна биологија и генетско инженерство, дисциплина молекуларна медицина. Специјализација по предметот Патолошка анатомија завршува во 2006 година на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и се стекнува со звање специјалист по патолошка анатомија. Докторската дисертација на тема „Алгоритам за проценка на хромозомски абнормалности на плодот кај рани спонтани абортуси" ја одбранува на 19 мај 2017 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје пред Комисија во состав: проф. д-р Миљана Толовска, проф. д-р Александар Димовски, проф. д-р Глигор Димитров, проф. д-р. Живка Ери и проф. д-р Дијана Плашеска-Каранфилска – ментор и стекнува звање доктор на науки, подрачје медицински науки и здравство. Активно ги познава англискиот и францускиот јазик.

По завршувањето на првиот циклус студии, кандидатката се вработува во Лабораторијата за хистопатологија и клиничка цитологија при Институтот за радиотерапија и онкологија од мај 1998 година до мај 2008 година. Од јуни 2008 година била вработена во Лабораторијата на хистопатологија и цитологија при Гинеколошко-акушерската болница „Мала Богородица - Систина” во Скопје, а од април 2010 година е вработена во Лабораторијата на хистопатологија и цитологија при Клиничка болница „Аџибадем Систина“ во Скопје.

**Општи услови за избор:**

- Д-р Катерина Кубелка-Сабит има доставено дипломи за завршени додипломски студии каде што се стекнува со звање дипломиран доктор по медицина, потоа постдипломски студии од втор циклус и диплома за завршен трет циклус студии со звање доктор на науки, област медицински науки и здравство;

- Има просечен успех од 9,28 од додипломски студии и 10,0 од постдипломски судии (втор циклус);
- Во 2018 година е избрана за насловен доцент по предметот Патолошка анатомија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, позиција на која е до денес;
- Има објавено вкупно 100-тина научноистражувачки трудови презентирани на стручни и научни собири, од кои 11 во последните 5 години, како и 40-тина in extenso објавени трудови во меѓународни научни списанија, од кои 15 во последните 5 години;
- Доставила потврди за познавање на два странски јазика - англиски и француски;
- Со својот досегашен ангажман како асистент и насловен доцент по предметот Патолошка анатомија, високо оценета од студентите при евалуациите, јасно ја докажува способноста за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

- Учествува во два научноистражувачки проекти: „Клеточната пролиферација, растот и апоптозата во корелација со хуман-папилома вирусната инфекција во прекурсорните интраепителни лезии и инвазивните карциноми на грлото на матката. Имунохистохемиска студија и клиничка импликација од комбинираната евалуација", финансиран од Министерството за наука на Р. Македонија (2000-2003). Вториот е билатерален проект со Словенија насловен како „Идентификување на генетските причини за идиопатски машки инфертилитет користејќи секвенционирање на егзом" (2017-2019);
- Нејзината научноистражувачка работа е главно фокусирана на областа патолошката анатомија, молекуларната патологија и онкологијата;
- Активно учествува во едукација на соработници преку активно учество на бројни работилници и стручни состаноци;
- Автор е на практикум по предметот Патолошка анатомија, како и на скрипта по истиот предмет насловена „Клеточни адаптации", рецензирана на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, 2021 година.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Катерина Кубелка-Сабит била првпат избрана за помлад асистент на Катедрата за патолошка анатомија на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2004 година, а потоа и за асистент на истата катедра (2004-2008 година). Активно учествува во практичните вежби по предметот Патолошка анатомија.

Во 2018 година е избрана за насловен доцент по предметот Патолошка анатомија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, каде што активно учествува во наставата на студентите на општа медицина, фармација, стоматологија и стручните студии, по предметите Патолошка анатомија 1 и 2, Хистологија со ембриологија 1 и 2, како и Патологија-одбрани поглавја.

Од доставените биографски и библиографски податоци евидентно е дека кандидатката активно учествувала на голем број обуки и работилници од подрачјето на патолошката анатомија, кои биле одржани во Англија, Хрватска, Германија, Франција и Италија. Притоа, на овие едукации д-р Катерина Кубелка-Сабит се стекнува со неопходно знаење и искуство за примена на здобиените практични знаења, особено во областа на молекуларната патологија. Покрај тоа, д-р Катерина Кубелка-Сабит учествувала и на голем број релевантни конференции, конгреси, симпозиуми и други научни манифестации од нејзиното поле на интерес. Значаен е нејзиниот придонес во воведувањето нови методи во молекуларната патологија. Активно учествува во советување и едукација на студентите при изработка на дипломски трудови, како и учество на студентски конгреси.

Рецензент е на вкупно 9 трудови во стручни и научни списанија во земјава и во странство, како BJMG, Polish Journal of Pathology и JMS.

Кандидатката има доставено сепарати од 26 научноистражувачки трудови, од кои 15 објавени in extenso, публикувани во меѓународни научни списанија во последните 5 години. Во овој извештај се евалуирани трудовите на д-р Катерина Кубелка-Сабит публикувани само во последните 5 години.

| *Бр.* | *Автор* | *Наслов на трудот (in extenso)* | *Списание* | *Импакт фактор* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | *Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Sardzovski B, Jasar D.* | *Mature teratoma of the Fallopian tube* | *JMS 2018; 1(1):77-81* | |
| 2 | *Jasar D, Filipovski V, Kubelka-Sabit K, Curcic–Trajkovska B.* | *Potential benefits and controversies related to use of amygdalin (Vitamin B17)* | *JHED 2018;(23):57-63* | |
| 3 | *Petrov A, Kraleva S, Kubelka-Sabit K, Petrova D.* | *Treatment of a Patient with Merkel Cell Skin Carcinoma Using Radiation Therapy - A Case Report* | *Open Access Maced J Med Sci. 2018 Apr 14;6(4):669-672.* | |
| 4 | *Maleva Kostovska I, Jakimovska M, Popovska-Jankovic K, Kubelka-Sabit K, Karagjozov M, Plaseska-Karanfilska D.* | *TIMP3 Promoter Methylation Represents an Epigenetic Marker of BRCA1ness Breast Cancer Tumours* | *Pathol Oncol Res. 2018 Oct;24(4):937-940.* | ***(IF 2.43)*** |
| 5 | *Jasar D, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Curcic–Trajkovska B, Sajkovski A.* | *The role of diet and nutrition trends in the prevention and treatment in cancer patients* | *JHED 2019;(26):13-19.* | |
| 6 | *Kuzmanovska M, Noveski P, Terzic M, Plaseski T, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Lazarevski S, Sukarova Stefanovska E, Plaseska-Karanfilska D.* | *Y-chromosome haplogroup architecture confers susceptibility to azoospermia factor c microrearrangements: a retrospective study* | *Croat Med J. 2019 Jun 13;60(3):273-283.* | ***(IF 2.415)*** |
| 7 | *Jasar D, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Curcic Trajkovka B.* | *Intestinal microbiota composition and the risk of colorectal cancer – novel approach of an old issue* | *JHED 2020;(30):83-88.* | |
| 8 | *Fachal, L., Aschard, H., Beesley, J. et al.* | *Fine-mapping of 150 breast cancer risk regions identifies 191 likely target genes* | *Nat Genet 2020;(52):56–73.* | ***(IF 38.330)*** |
| 9 | *Figlioli G, Kvist A, Tham E et al.* | *The Spectrum of FANCM Protein Truncating Variants in European Breast Cancer Cases. Cancers* | *(Basel). 2020 Jan 26;12(2):292.* | ***(IF 6.639)*** |
| 10 | *Baxter JS, Johnson N, Tomczyk K, et al.* | *Functional annotation of the 2q35 breast cancer risk locus implicates a structural variant in influencing activity of a long-range enhancer element* | *Am J Hum Genet. 2021 Jul 1;108(7):1190-1203.* | ***(IF 9.32)*** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | *Jashar D, Curcic B, Kubelka-Sabit K, Filipovski V and Kakurinov V.* | *Health issues and nutrition in the Balkans* | *JHED 2021;(35): 96-105.* | |
| 12 | *Davalieva K, Rusevski A, Velkov M, Noveski P, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Plaseski T, Dimovski A, Plaseska-Karanfilska D.* | *Comparative proteomics analysis of human FFPE testicular tissues reveals new candidate biomarkers for distinction among azoospermia types and subtypes* | *J Proteomics. 2022 Sep 15;267:104686.* | ***(IF 3.803)*** |
| 13 | *Ahearn, T.U., Zhang, H., Michailidou, K. et al.* | *Common variants in breast cancer risk loci predispose to distinct tumor subtypes* | *Breast Cancer Res 24, 2 (2022).* | ***(IF 6.466)*** |
| 14 | *Dennis, J., Tyrer, J.P., Walker, L.C. et al.* | *Rare germline copy number variants (CNVs) and breast cancer risk* | *Commun Biol 5, 65 (2022).* | ***(IF 6.548)*** |
| 15 | *Kostovska IM, Jakovchevska S, Özdemir MJ, Kiprijanovska S, Kubelka-Sabit K, Jasar D, Iljovska M, Lazareva E, Smichkoska S, Plaseska-Karanfilska D.* | *The highest frequency of BRCA1 c.3700_3704del detected among Albanians from Kosovo* | *Rep Pract Oncol Radiother. 2022 May 19;27(2):303-309.* | ***(IF 1.315)*** |

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за изборот на д-р Катерина Кубелка-Сабит (публикувани во последните 5 години)**

***Трудови презентирани како постери или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми***

1. *Jasar D, Filipovski V, Kubelka-Sabit K, Petrova D. The Breast cancer Immunophenotypes in Correlation with Classical Morphological Parameters as a Predictive Model for Recurrence Risk [Oral Presentation OP-03-I]. In: Abstract book of 32nd Congress of the International Academy of Pathology, 14-18 October 2018, Dead Sea, Jordan.*

Овој труд е приказ на 173 случаи на пациентки со карцином на дојка кај кои е направена молекуларна класификација во однос на стандардните имунохистохемиски методи на анализа на хормонскиот статус, како и експресијата на HER-2 генот, пролиферативниот индекс Ki-67 и протеинскиот дериват на тумор супресорскиот ген p53 во однос на појавата на релапси споредено со различните хистоморфолошки параметри. Анализите покажале дека возраста, големината на туморот и стадиумот на болеста се фактори со независна предиктивна вредност во однос на сите типови на карцином на дојка од хистолошки или молекуларен аспект.

2. *Kubelka-Sabit K, Jasar D, Filipovski V, Bozinovski G, Plaseska-Karanfilska D. Molecular and histological characteristics of early triploid and partial molar pregnancies [Poster Presentation P-06]. In: Abstract book of 32nd Congress of the International Academy of Pathology, 14-18 October 2018, Dead Sea, Jordan*

Во овој труд е направена анализа на 231 случај на пациентки со рани спонтани абортуси. Сите случаи се обработени со Квантитативна флуоресцентна полимераза синџиреста реакција (QF-PCR) на ткиво од плацента и од децидуа кое е анализирано и по стандарден хистопатолошки метод. Анализите покажаа дека 10% од сите случаите се поврзани со триплоидија, односно од 24 пациенти 9 се со татково, а 15 со мајчино потекло

на дополнителниот хромозомски сет. Во заклучокот е потврдено дека диандричните триплоидии се сигнификантно позначајни како дијагностички параметар во дијагностиката на парцијалните хидатоформни моли.

3. *Jasar Dz, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Curcic B. Intestinal microbiota composition and the risk of colorectal cancer – novel approach of an old issue [Oral Presentation]. In: Book of Abstracts, p137-138, Nutricon 2019, 12-14 June, Ohrid, Macedonia.*

Во овој исклучително невообичаен труд е направен обид да се сумираат потенцијалните врски меѓу интестиналниот микробиом кај хуманата популација, диеталниот режим и појавата на колоректален канцер. Целта е да се прикаже дека промените во микробиомот интерферираат со циклусот на клеточната регулација и продукцијата на токсични метаболити кои преку хемиска карциногенеза имаат оштетувачки ефект на мукозата на дебелото црево. Во анализата на неколку трудови со иста тематика се дадени охрабрувачки резултати во насока дека промената на хигиено-диететскиот режим кој доведува до промена во целиот микробиом кај индивидуата може да настане репарација на веќе оштетено ткиво или презервација на нормалното ткиво односно истакната е превентивна улога на бактериската микрофлора.

4. *Jasar D, Kubelka-Sabit K, Filipovski V. Anaplastic lymphoma kinase (ALK) expression in lung adenocarcinoma – clinicopathologic and morphologic features. [poster No.E-PS-22-004]. In: Abstract book of 31st Congress of European Society of Pathology 7-11 September 2019, Nice, France. Virchows Archiv https:/doi.org/10.1007/s00428-019-02631-8.*

Во овој труд е направена анализа на 86 наоди од цитологија и биопсија на белите дробови кај пациенти со првично дијагностициран белодробен аденокарцином. Експресијата на овој маркер е детектирана кај 15% од пациентите што е во корелација со податоците од другите објавени студии. Кај скоро 44% од случаите оваа експресија е кај муцинозниот тип на белодробен аденокарцином, а помалку застапена кај останатите типови, односно до 3% кај солидниот тип. Подобри резултати за анализа се добиваат при користење на цитолошки примерок (клеточен блок), отколку на ткивен примерок, заради поголемиот број на витални целуларни елементи во цитолошките примероци кои може да се повторуваат повеќе пати.

5. *Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Dimova B, Jasar D. Rapid detection of mismatch repair proteins by immunohistochemistry in colorectal cancer patients. [poster No.E-PS-06-036]. In: Abstract book of 31st Congress of European Society of Pathology 7-11 September 2019, Nice, France. Virchows Archiv https:/doi.org/10.1007/s00428-019-02631-8.*

Во овој труд е даден приказ на 50 случаи на пациенти со дијагностициран колоректален канцер кај кои е направен нов имунохистохемиски тест за детекција на репараторни протеини на хуманата ДНК (DNA mismatch repair panel- MMR), со цел да се детектира потенцијална веројатност за постоење на Lynch syndrome. Панелот за детекција користи 5 типови на примарни антитела кои заедно го сочинуваат мозаикот на генска експресија, а нарушена експресија е идентифицирана кај 3 пациенти од анализираните 50. За потврда на постоење на овој генски дефект направени се дополнителни генетски испитувања, кои потврдија постоење на Lynch syndrome. Од тие причини, овој тест е верификуван како исклучително осетлив и добар за идентификација на пациентки со претходно дијагностициран ендометријален и/или колоректален карцином, кои се потенцијални кандидати за Lynch syndrome.

6. *Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Dimova B, Trajkova K, Jasar Dz. Serous adenofibroma of the Fallopian tube with coexistent ectopic pregnancy [poster No.E-PS-11-043]. In: Abstract book of 32nd Congress of European Society of Pathology and 33rd International Congress of the International Academy of Pathology 6-8 Decembar 2020, Glasgow, United Kingdom. Virchows Archiv (2020) Vol 477 (Suppl.1):S298*

Појавата на серозен тубарен аденофибром, како редок ентитет, може да биде ризик-фактор за ектопичната бременост. Иако во литературата се само неколку случаи објавени со оваа ретка конкомитентност, ектопичната бременост може да се јави и како компликација при појава на други бенигни тумори, како што се аденоматоидни тумори, леиомиоми или матурни оваријални тератоми. Сите овие тумори може да доведат до парцијална опструкција на утерината туба и да имитираат ектопична бременост.

**7.** *Jasar Dz, Filipovski V, Kubelka-Sabit K. Association of dietary and lifestyle habits with risk of pancreatitis [Oral Presentation]. In: Book of Abstracts, p270, Nutricon 2021, 9-11 June, Ohrid, Macedonia.*

Во овој труд е даден осврт на квалитетот и улогата на диетално-хигиенскиот режим во превенција и лекување на акутниот, рекурентниот и хроничен панкреатитис. Истакнато е влијанието на одредени хранливи продукти како што се кафето, алкохолот и мрсната храна кај лица кои имаат ризик од појава на панкреатитис, како што се лица со хиперхолестеролемија, хипертриглицеридемија или со жолчни камења. Како заклучок на трудот е сугестијата на консумација на храна богата со протеини и незаситени масни киселини кои имаат нутритивен и заштитен ефект врз функцијата на панкреасот.

**8.** *Jasar Dz, Filipovski V, Kubelka–Sabit K. Clinicopathological and histomorphological association in K-ras mutated colorectal cancer [E-PS-06-013]. 34-th European Congress of Pathology - Abstracts. Virchows Arch 481 (Suppl 1), 1–364 (2022).*

Мутации на KRAS генот се често идентификувани кај напреднатиот колоректален карцином. Во оваа студија се евалуирани клиникопатолошките и хистоморфолошките карактеристики на пациентите со колоректален карцином, кај кои е најдена мутација на KRAS генот. Испитувани се вкупно 265 пациенти, при што мутација е најдена кај 148 пациенти, кои се почесто постари мажи, во напреднат стадиум на болеста, со лошо диференцирани тумори. Авторите заклучуваат дека студијата демонстрира умерена асоцираност помеѓу наодот на мутации на KRAS генот и специфичната хистолошка слика, и во одреден степен прогнозата.

**9.** *Kubelka-Sabit K, Jasar Dz, Filipovski V, Kondeva M. Evaluation of PD-L1 expression in various formalin-fixed paraffin embedded tumour tissue samples using SP263, SP142 and QR1 antibody clones [poster No. E-PS-15-013] 34 th European Congress of Pathology - Abstracts. Virchows Arch 481 (Suppl 1), 1–364 (2022).*

Во оваа студија е направена компарација на три различни клонови на PD-L1 антителото на вкупно 44 случаи на тројно негативни карциноми на града (24), неситноклеточни белодробни карциноми (10) и малигни меланоми (10). Резултатите од студијата покажале дека различните клонови од различни производители може потенцијално да бидат употребени за евалуација на PD-L1 туморскиот статус, но секако по претходна валидација и верификација на резултатите.

**10.** *Ристевски М, Кубелка-Сабит К. Солитарен фиброзен тумор на простата кој имитира карцином. Книга на апстракти/Втор конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај, 2019 (2 ; 2019 ; Штип) О6, 73 стр.*

Солитарни фиброзни тумори (СФТ) се ретки мекоткивни тумори кои можат да се формираат, речиси, насекаде во телото. Повеќето СФТ се бенигни, но во ретки случаи СФТ можат да имаат и малиген биолошки потенцијал. Целта е да се прикаже дека ова е редок бениген тумор на простатата, кој клинички симулира карцином. Прикажан е случај на 37-годишен пациент со симптоми на отежнато и ноќно мокрење. Ова е редок бениген тумор на простата, клинички симулира карцином, особено заради покачените вредности на PSA. Треба да се помисли на овој ентитет во диференцијална дијагноза, особено кај помлади пациенти.

**11.** *Симоновска М, Кубелка-Сабит К. Синхрона екстраутерина и интраутерина бременост. Книга на апстракти/Втор конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај, 2019 (2 ; 2019; Штип) Р55, стр. 150.*

Ектопичната бременост е водечка причина за морбидитетот и морталитетот на мајката во текот на првиот триместар, а инциденцата драматично се зголемува кај околу 1,5-2,1% од пациентите кои се подложени на in vitro фертилизација (IVF). Поголемиот дел од ектопичната бременост од IVF или спонтана бременост се јавуваат во фалопиевите туби, но имплантацијата може да се појави и на грлото на матката, јајниците или стомакот. Во студијата е прикажан случај на синхрона интраутерина и ектопична тубална бременост по IVF процедура на 34-годишна пациентка со историја на два спонтани абортуса во изминатите две години. Раното препознавање и внимателниот план за следење на синхроната екстраутерина и интраутерина бременост е од витално значење за да се максимизираат шансите за успешна интраутерина бременост.

***In extenso* објавени трудови**

***1.*** *Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Sardzovski B, Jasar D. Mature teratoma of the Fallopian tube. JMS 2018; 1(1):77-81*

Тератомите на утерината туба се екстремно ретки тумори со околу 80 досега објавени случаи. Најголем дел од нив се бенигни тумори, но со различна големина. Во овој труд е даден случај на тератом на утерина туба кај 41-годишна пациентка која претходно е третирана од инвазивен карцином на грлото на матката. Иако инциденцијата на овој тумор е ретка, треба да се земе предвид овој ентитет особено заради можноста од сериозни компликации. Од хистолошки аспект, во тератомот се најдени сите можни типови на зрело ембрионално ткиво кое ја потврдува теоријата дека и овие тератоми се од герминативни клетки кои при миграцијата во ембрионалниот развој не успеале да го достигнат оваријалното ткиво и останале вклопени во структурите од кои подоцна настанува утерината туба.

***2.*** *Jasar Dz, Filipovski V, Kubelka-Sabit K, Curcic–Trajkovska B. Potential benefits and controversies related to use of amygdalin (Vitamin B17). JHED 2018;(23):57-63.*

Во овој труд е даден осврт на некои контроверзни резултати околу улогата и потенцијалниот бенефит во третманот на малигните заболувања со витаминот B17. Администрацијата на овој витамин, односно амигдалинот има протективна улога кај некои малигни болести од аспект што го зголемува имунитетот и ја редуцира болката. Истовремено амигдалинот успешно ги контролира варијациите на хипертензијата и атеросклеротичните промени во крвните садови. Причината за неговата широка неупотреба е во фактот што овој витамин содржи големо количество на цијанид кој има токсичен ефект врз црниот дроб, од каде што и потекнува причината за негово повлекување во слободна продажба. Овој витамин е познат и во постарите записи како лек од „семка на кајсија“ кој старите народи успешно го споведувале во болестите со „нејасна“ природа. Најсигурен начин на администрација на овој витамин, со што би се избегнале токсичните својства на истиот е преку храна богата со овој витамин, а тоа се јатки на сувите овошја.

***3.*** *Petrov A, Kraleva S, Kubelka-Sabit K, Petrova D. Treatment of a Patient with Merkel Cell Skin Carcinoma Using Radiation Therapy - A Case Report. Open Access Maced J Med Sci. 2018 Apr 14;6(4):669-672.*

Авторите дале приказ на случај на 93-годишна пациентка кај која е дијагностициран Меркел-клеточен тумор на кожата. По спроведената зрачна терапија дошло до комплетна регресија на примарниот тумор. Но по три месеци се појавил локален рецидив и метастатски депозит во регионална лимфна жлезда. Авторите заклучиле дека радиотерапијата е одличен избор за примарна контрола на оваа болест, но за жал не може да спречи појава на рецидив на болеста.

***4.*** *Maleva Kostovska I, Jakimovska M, Popovska-Jankovic K, Kubelka-Sabit K, Karagjozov M, Plaseska-Karanfilska D. TIMP3 Promoter Methylation Represents an Epigenetic Marker of BRCA1ness Breast Cancer Tumours. Pathol Oncol Res. 2018 Oct;24(4):937-940.* ***(IF 2.43)***

Во трудот е анализирана фреквенцијата на метилациски промени на 24 тумор-супресорни гени и е анализирана нивната асоцираност со BRCAness профилот. BRCA1ness профилот и аберантната метилација е анализирана кај 233 примероци од карцином на града со методот MLPA и MS-MLPA. Промотерот на TIMP3 покажал значително повисока стапка на метилација кај туморите со BRCA1ness профил, како и тројно негативните карциноми на града. Така авторите заклучуваат дека метилацијата на TIMP3 е маркер за тројно негатовни тумори, но е и епигенетски маркер за BRCAness тумори.

***5.*** *Jasar Dz, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Curcic–Trajkovska B, Sajkovski A. The role of diet and nutrition trends in the prevention and treatment in cancer patients. JHED 2019;(26):13-19.*

Во овој труд е направена ревија на досегашните сознанија од областа на онкологијата коишто се асоцирани со типот на исхраната и превенцијата од малигните болести. Даден е детален осврт на типот на „Медитеранската диета“ како протективен вид на исхрана, како и исхрана богата со витамин B17 и витамин C. Во превенција на одредени малигноми е даден осврт на вегетеријанската диета (превенција кај карцином на простатата) или на

кетогена диета (превенција кај рекурентни глиобластоми кај лица со веќе дијагностициран тумор). Суплементите како пробиотиците, глутатион и мелатонинот се дискутирани како можни бенифитори во третманот на симптомите кај пациенти со дијагностицирани малигноми.

***6.*** *Kuzmanovska M, Noveski P, Terzic M, Plaseski T, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Lazarevski S, Sukarova Stefanovska E, Plaseska-Karanfilska D. Y-chromosome haplogroup architecture confers susceptibility to azoospermia factor c microrearrangements: a retrospective study. Croat Med J. 2019 Jun 13;60(3):273-283.* ***(IF 2.415)***

Целта на оваа студија била процека на асоцираноста помеѓу азооспермија фактор c микроаранжмани и квалитетот на семената течност. Ретроспективната студија анализирала 486 случаи на азооспермија/ олигозооспермија и 148 нормозооспермични случаи. Биле детектирани 2 типа на микроделеции, 3 микродупликации и еден комплексен реаранжман. Во заклучокот на трудот, азооспермија фактор c парцијални делеции/дупликации и Y-хаплогрупи не биле асоцирани со нарушен квалитет на семената течност, но специфични делеции/дупликации се сигнификантно асоцирани со одредени хаплогрупи, што имплицира дека карактеристиките на Y хромозомот може да дефинираат склоност кон азооспермија фактор c реаранжмани.

***7.*** *Jasar Dz, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Curcic-Trajkovka B. Intestinal microbiota composition and the risk of colorectal cancer – novel approach of an old issue, JHED 2020;(30):83-88.*

Во овој труд е направен обид да се сумираат потенцијалните врски меѓу интестиналниот микробиом кај хуманата популација, диетарниот режим и појавата на колоректален канцер. Детално се прикажани промените во микробиомот и начинот на кој тие интерферираат со циклусот на клеточната регулација и продукцијата на токсични метаболити, кои преку хемиска карциногенеза имаат оштетувачки ефект на мукозата на дебелото црево. Во анализата на неколку трудови со иста тематика дадени се охрабрувачки резултати во насока дека промената на хигиено-диететскиот режим кој доведува до промена во целиот микробиом кај индивидуата може да настане репарација на веќе оштетено ткиво или презервација на нормалното ткиво, односно истакната е превентивна улога на бактериската микрофлора. Од друга страна, кај заболени пациенти со колоректален карцином, промената на хигиено-диететскиот режим дава значајни ефекти во цитостаскиот третман, во смисла на подолг период на преживување.

***8.*** *Fachal, L., Aschard, H., Beesley, J. et al. Fine-mapping of 150 breast cancer risk regions identifies 191 likely target genes. Nat Genet 2020;(52):56–73.* ***(IF 38.330)***

Студиите за асоцијација на ниво на геномот (Genome-wide association studies-GWAS) идентификуваа варијанти на ризик од рак на дојка во над 150 геномски региони, но механизмите на ризикот остануваат во голема мера непознати. Оваа екстензивна мултиинституционална студија дефинирала 205 независни ризик-асоцирани сигнали со збир на веродостојни причински варијанти кај секој од нив. Со користење на Бајесовиот пристап, кој комбинира генетска асоцијација, нерамнотежа на поврзаноста и збогатени геномски карактеристики за да се одредат варијанти со високи веројатности да бидат каузални. Потенцијално причинските варијанти биле значително повеќе застапени во регулаторните региони на активните гени и местата за врзување на факторот на транскрипција. Познатите причинители на ракот, факторите на транскрипција и гените во патеките на развојот, апоптозата, имунолошкиот систем и интегритетот на ДНК беа повеќе застапени меѓу целните гени.

***9.*** *Figlioli G, Kvist A, Tham E et al. The Spectrum of FANCM Protein Truncating Variants in European Breast Cancer Cases. Cancers (Basel). 2020 Jan 26;12(2):292.* ***(IF 6.639)***

Протеин-трункирачките варијанти (PTV) на генот FANCM се поврзани со 2-4 пати зголемен ризик од рак на дојка во студии спроведени во различни европски популации. Во оваа студија се анализирани податоци за 114 случаи на рак на дојка кај жени од Европа, со FANCM PTV констатирани во 20 центри од 13 европски земји. Идентификувани биле 27 различни FANCM PTV. PTV p.Gln1701* бил најчестиот PTV во Северна Европа со максимална фреквенција во Финска и пониска релативна фреквенција во Јужна Европа. Напротив, p.Arg1931* бил најчестиот PTV во Јужна Европа. Исто така, p.Arg658* е почест во Централна Европа, а p.Gln498Thrfs*7 е веројатно основачка варијанта од Литванија. Од

23 ретки или единствени FANCM PTV, 15 не се претходно пријавени. Оваа студија дала значаен придонес во обезбедување на почетниот спектар на FANCM PTV во европските случаи на рак на дојка.

***10.*** *Baxter JS, Johnson N, Tomczyk K, et al. Functional annotation of the 2q35 breast cancer risk locus implicates a structural variant in influencing activity of a long-range enhancer element. Am J Hum Genet. 2021 Jul 1;108(7):1190-1203.* ***(IF 9.32)***

Комбинацијата на генетски и функционални пристапи идентификувала три независни локуси на ризик од рак на дојка на 2q35. Неодамнешната анализа на фино мапирање за да се усовршат овие асоцијации резултирала со 1 (сигнал 1), 5 (сигнал 2) и 42 (сигнал 3) веродостојни причински варијанти на овие локуси. Авторите предлагаат модел во кој алелот за делеција на esv3594306 јукстапонира два региони за врзување на факторот на транскрипција, за да генерира единствен проширен регулаторен елемент. Овој регулаторен елемент ја зголемува специфичната клеточна експресија на тумор-супресорниот ген IGFBP5 и, со тоа, го намалува ризикот од естроген-рецептор позитивен карцином на дојка.

***11.*** *Jashar Dz, Curcic B, Kubelka-Sabit K, Filipovski V and Kakurinov V. Health issues and nutrition in the Balkans. JHED 2021;(35): 96-105.*

Даден е осврт на сите можни заболувања кои произлегуваат од несоодветната исхрана кај народите односно земјите на Балканскиот Полуостров. Даден е преглед на можните параметри кои влијаат на здравјето, како број на лекари по глава на жител, достапност за чиста вода, загаденост на почва, улогата на калорискиот внес за секоја земја посебно, телесниот индекс (BMI), број на заболени од шеќерна болест, хипертензија, срцеви заболувања, атеросклероза, како и болести на гастроинтестиналниот систем предизвикани од несоодветна исхрана како хепатоцелуларниот карцином, колоректалниот и гастричниот карцином.

***12.*** *Davalieva K, Rusevski A, Velkov M, Noveski P, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Plaseski T, Dimovski A, Plaseska-Karanfilska D. Comparative proteomics analysis of human FFPE testicular tissues reveals new candidate biomarkers for distinction among azoospermia types and subtypes. J Proteomics. 2022 Sep 15;267:104686.* ***(IF 3.803)***

Со цел да се разјаснат молекуларните механизми кои ја причинуваат азооспермијата и да се откријат биомаркери кои би можеле да овозможат сигурна, неинвазивна дијагноза, дизајнирана е оваа студија. Направена е споредба на тестикуларниот протеом на пациенти со опструктивна и неопструктивна азооспермија, поттипови хипосперматогенеза и синдром Sertoli-cell only. Од 2044 идентификувани протеини врз основа на ≥2 пептиди, 61 протеин имале моќ квантитативно да разликуваат опструктивна од неопструктивна азооспермија и 30 квантитативно да го разликуваат синдром Sertoli-cell only од хипосперматогенеза и опструктивна азооспермија. Меѓу нив, H1-6, RANBP1 и TKTL2 покажале супериорен потенцијал за квантитативна дискриминација помеѓу испитуваните ентитети. Авторите идентификувале неколку патишта поврзани со азооспермија и голем број на протеини специфични за тестисите и специфични за герминативните клетки, кои имаат потенцијал точно да го одредат типот на неуспех на сперматогенезата. Понатаму, споредувањето со збирките на податоци за транскриптомика засновани на анализи на генска експресија ширум геномот на примероци од хуман тестис од пациенти со азооспермија, идентификувале протеини кои би можеле да разликуваат помеѓу опструктивните и неопструктивните поттипови на азооспермија и на ниво на протеини и на mRNA. Според досегашните сознанија, ова е прва интегрирана компаративна анализа на протеомични и транскриптомички податоци од ткивата на тестисите. Податоците од оваа студија значително придонесуваат за зголемување на знаењето за молекуларните механизми на азооспермија и го отвораат патот за нови испитувања во однос на неинвазивна дијагноза.

***13.*** *Ahearn, T.U., Zhang, H., Michailidou, K. et al. Common variants in breast cancer risk loci predispose to distinct tumor subtypes. Breast Cancer Res 24, 2 (2022).* ***(IF 6.466)***

Студиите за асоцијација на ниво на геном (GWAS) идентификувале варијанти кои дефинираат повеќе од вообичаена подложност на рак на дојка. Многу од овие варијанти имаат диференцијални асоцијации со статусот на естроген рецепторот, но како тие варијантите се однесуваат кон други карактеристики на туморот и внатрешните

молекуларни поттипови е нејасно. Во оваа сеопфатна мултиинституционална студија биле анализирани 106.571 случај на инвазивен карцином на дојка и 95.762 контролни случаи со европско потекло. Анализирани се податоци за 173 варијанти на рак на дојка идентификувани во претходните GWAS, направена е проценка на варијантите во однос на повеќе карактеристики на туморот, како естрогенски и прогестеронски рецептор, хуман епидермален фактор на раст рецептор 2. Оваа студија покажала високо ниво на сложеност во етиолошката хетерогеност на варијантите кои предиспонираат кон карцином на дојка, со можност за предвидување на специфичен поттип.

***14.*** *Dennis, J., Tyrer, J.P., Walker, L.C. et al. Rare germline copy number variants (CNVs) and breast cancer risk. Commun Biol 5, 65 (2022).* ***(IF 6.548)***

Во оваа студија се анализирани ретките варијанти на бројот на копии (CNV) во гените и некодирачките региони за 86.788 случаи на рак на дојка и 76.122 контролни случаи со европско потекло. Во оваа студија биле откриени асоцијации со егзонски делеции во етаблирани гени кои се асоцирани со канцер на дојка. Исто така, биле откриени сугестивни асоцијации со некодирачки CNV во познати и нови локуси со големи ефекти.

***15.*** *Kostovska IM, Jakovchevska S, Özdemir MJ, Kiprijanovska S, Kubelka-Sabit K, Jasar D, Iljovska M, Lazareva E, Smichkoska S, Plaseska-Karanfilska D. The highest frequency of BRCA1 c.3700_3704del detected among Albanians from Kosovo. Rep Pract Oncol Radiother. 2022 May 19;27(2):303-309.* ***(IF 1.315)***

Во оваа студија е истражувана фреквенцијата на c.3700_3704del BRCA1 мутацијата кај албански пациенти со рак на дојка и јајници од Северна Македонија и Косово. Биле анализирани 327 пациенти со инвазивен карцином на дојка и/или јајници (111 Албанки од Северна Македонија и 216 од Косово), а биле скринирани за 13 рекурентни BRCA1/2 мутации. Ова е прв извештај за BRCA1/2 мутации кај пациенти со рак на дојка и јајници од Косово. Откритието дека BRCA1 c.3700_3704del претставува основачка мутација во Косово со највисока пријавена фреквенција во светот го поддржува спроведувањето на брз и евтин скрининг протокол, без оглед на семејната историја, па дури и пилот скрининг заснован на популација кај ризично население.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Катерина Кубелка-Сабит активно учествувала како предавач на стручните состаноци на Здружението на патолози на Република Северна Македонија и Република Србија, како и на стручните состаноци организирани од гинеколошките здруженија во земјава.

Добитник е на Благодарница од Лекарската комора, како и Признание од Здружението „Борка“ за активно учество во борбата против ракот на дојката.

Кандидатката во рутинската работа учествува и во изготвување на извештаи од анализи или експертски извештаи, пред сè од областа на гинеколошката патологија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Катерина Кубелка-Сабит е доктор по медицински науки и здравство и единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во насловно звање од областа патолошка анатомија. Нејзината научноистражувачка дејност е главно фокусирана на патолошката анатомија и молекуларната патологија, посебно гинеколошка патологија и патологија на дојка. Д-р Кубелка-Сабит значајно придонела во проучување на карциномите на дојка, како и гинеколошката патологија, особено трофобластните болести и карциномот на грлото на матката. Д-р Катерина Кубелка-Сабит воведува и употребува нови имунохистохемиски и молекуларни методи во дијагностицирањето на одредени типови на канцер. Таа е автор на над 100-тина трудови публикувани во меѓународни научни списанија од областа на медицинските науки и презентирани на интернационални научни манифестации од областа на медицината. Д-р Катерина Кубелка-Сабит покажува особен талент како наставник во тек на нејзината 5-годишна активност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и покажува особен интерес за научноистражувачка работа.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **да ја избере д-р Катерина Кубелка-Сабит во звање *насловен вонреден професор во наставно-научната област патолошка анатомија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Лилјана Спасевска, редовен професор во пензија, наставно-научна област патолошка анатомија – претседател, с.р.**
**Д-р Милјана Толовска, редовен професор во пензија, наставно-научна област патолошка анатомија – член, с.р.**
**Д-р Лилјана Миленкова, редовен професор во пензија, наставно-научна област хистологија со ембриологија, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НА Д-Р КАТЕРИНА КУБЕЛКА-САБИТ

| Р.бр | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање насловен доцент | 30 |
| | | |
| | **Вкупно** | **30** |

| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | Во странство | |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (15 / 10 / 5)<br>**Трудови под реден број 4, 6, 8, 9, 10, 12, 13, 14, 15 - останати автори** | 9 x 5 x 0.7 | | **31.5** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br>**Труд под реден број 1 - прв автор;**<br>**Трудови под реден број 5 и 7- втор автор;**<br>**трудови под реден број 2,3 и 11 - останати автори** | 1 x 9 = 9<br>2 x 6 = 12<br>3 x 3 = 9 | | **30** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир<br>**Во земјава - Трудови под реден број 3 и 7, 10 и 11;**<br>**Во странство - Трудови под реден број 1, 2, 4, 5, 6, 8, 9** | 4 x 2 = 8 | 7 x 3 = 21 | **29** |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 2 x 1,5 =3 | 2 x 2 = 4 | **7** |
| 16 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 1 x 1 | | **1** |
| 24 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 8 x 2 = 16<br>1 x 1 = 1 | | **17** |
| | **Вкупно** | | | **115,5** |

| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 8 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 1 x 0,5 = 0,5 | | 2 x 1 = 2 | | **2,5** |
| 18 | Изготвување на извештаи од анализи/експертизи | 70 x 0,1 | | | | **7** |
| 19 | Стручни награди и признанија | 2 x 4 | | | | **8** |
| | **Вкупно** | | | | | **17,5** |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | **163 бода** | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИСТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-34/6 од 23.1.2023 година, донесена на 295. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 23.1.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање за наставно-научната област хистологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" на 21.12.2022 година и во предвидениот рок се пријави: насловен доц. д-р Вања Филиповски, доктор на медицински науки и здравство, вработен во приватната Клиничка болница „Аџибадем Систина" во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Вања Филиповски е роден на 18 јуни 1974 година во Скопје. Основно и три години средно биотехнолошко училиште завршува со одличен успех во Скопје, а четврта година средно училиште завршува во Салем, Мисури во Соединетите Американски Држави со одличен успех. Медицински факултет завршува во 2000 година во Скопје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј", со просечен успех 8.5, каде што се стекнува со звање дипломиран доктор на медицина. Специјализација по предметот Патолошка анатомија завршува во 2007 година на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и се стекнува со звање специјалист по патолошка анатомија. Докторска дисертација на тема „Експресија на стромални маркери и андроген рецептор кај бенигна простатична хиперплазија и простатичен карцином" ја брани на 10 јануари 2018 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, пред Комисија во состав: проф. д-р Гордана Петрушевска, проф. д-р Владимир Георгиев, проф. д-р Милка Здравковска, проф. д-р. Лилјана Спасевска и проф. д-р Весна Јаневска – ментор, и стекнува со звање доктор на науки, подрачје базична медицина. Активно го познава англискиот јазик.

По завршувањето на првиот циклус студии, кандидатот се вработува на Институт за патолошка анатомија од февруари 2002 година до март 2011 година. Од март 2011 година е вработен во Лабораторијата на хистопатологија и цитологија при Клиничка болница „Аџибадем Систина" во Скопје.

**Општи услови за избор:**

- Д-р Вања Филиповски има доставено дипломи за завршени додипломски студии каде што се стекнал со звање дипломиран доктор по медицина и диплома за завршен трет циклус студии со звање доктор на науки, област базична медицина;
- Има просечен успех од 8,5 од додипломски студии и 10,0 од постдипломски судии (трет циклус);
- Во 2018 година е избран за насловен доцент по предметот Хистологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, позиција која ја обавува до денес;
- Има објавено вкупно 38 научноистражувачки трудови презентирани на стручни и научни собири од 2013 година, од кои 14 во последните 5 години, како и 22 in extenso објавени трудови во меѓународни научни списанија од 2013 година, од кои 7 во последните 5 години;

- Доставил потврда за познавање на странски јазици, англиски јазик;
- Со својот досегашен ангажман како асистент и насловен доцент по предметот Хистологија со ембриологија, високо оценет од студентите при евалуациите, јасно ја докажал способноста за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

- Учествувал во два научноистражувачки проекти. „Генски профили и имунотипизација на малигни тумори на коски, простата и колоректален карцином, како и хронична миелоична леукемија и миелодиспластичен синдром и нивно дијагностичко и прогностичко значење", финансиран од Министерството за наука на Р. Македонија (2000-2003). Вториот е билатерален проект со Словенија насловен како „Идентификување на генеските причини за идиопатски машки инфертилитет користејќи секвенционирање на егзом" (2017-2019);
- Неговата научноистражувачка работа е главно фокусирана на областа патолошката анатомија и онкологијата;
- Активно учествувал во едукација на соработници преку активно учество на бројни работилници и стручни состаноци;
- Автор е на практикум по предметот Патолошка анатомија, како и на скрипта по истиот предмет насловена „Инфламација и репарација", рецензирана на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на 21.7.2021 година.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Вања Филиповски првпат е избран за помлад асистент на Катедрата за патолошка анатомија на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2004 година, а потоа е реизбран за асистент на истата катедра (2008-2011 година). Активно учествува во практичните вежби по предметот Патолошка анатомија.

Во 2018 година е избран за насловен доцент по предметот Хистологија со ембриологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, каде што активно учествува во наставата на студентите на општа медицина, фармација, стоматологија и стручните студии, по предметите Патолошка анатомија 1 и 2, Хистологија со ембриологија 1 и 2, како и Патологија-одбрани поглавја.

Од доставените биографски и библиографски податоци, евидентно е дека кандидатот активно учествувал на обуки и работилници од подрачјето на патолошката анатомија, кои биле одржани во Чешка Република, Турција, Хрватска и Србија. Притоа, на овие едукации д-р Вања Филиповски се стекнува со неопходно знаење и искуство за примена на здобиените практични знаења, особено во областа на хируршка патологија. Покрај тоа, д-р Вања Филиповски учествувал и на голем број релевантни конференции, конгреси, симпозиуми и други научни манифестации од негово поле на интерес. Активно учествува во советување и едукација на студентите при изработка на дипломски трудови.

Кандидатот има доставено сепарати од 21 научноистражувачки трудови, од кои 7 објавени in extenso, публикувани во меѓународни научни списанија во последните 5 години. Во овој извештај се евалуирани трудовите на д-р Вања Филиповски публикувани само во последните 5 години.

| *Бр.* | *Автор* | *Наслов на трудот (in extenso)* | *Списание* | *Импакт фактор* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | *Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Sardzovski B, Jasar D.* | *Mature teratoma of the Fallopian tube.* | *JMS 2018; 1(1):77-81* | |
| 2 | *Jasar D, Filipovski V, Kubelka-Sabit K, Curcic–Trajkovska B.* | *Potential benefits and controversies related to use of amygdalin (Vitamin B17).* | *JHED 2018;(23):57-63* | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | *Jasar D, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Curcic–Trajkovska B, Sajkovski A.* | *The role of diet and nutrition trends in the prevention and treatment in cancer patients.* | *JHED 2019;(26):13-19.* | |
| 4 | *Kuzmanovska M, Noveski P, Terzic M, Plaseski T, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Lazarevski S, Sukarova Stefanovska E, Plaseska-Karanfilska D.* | *Y-chromosome haplogroup architecture confers susceptibility to azoospermia factor c microrearrangements: a retrospective study.* | *Croat Med J. 2019 Jun 13;60(3):273-283.* | ***(IF 2.415)*** |
| 5 | *Jasar D, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Curcic Trajkovka B.* | *Intestinal microbiota composition and the risk of colorectal cancer – novel approach of an old issue.* | *JHED 2020;(30):83-88.* | |
| 6 | *Jashar D, Curcic B, Kubelka-Sabit K, Filipovski V and Kakurinov V.* | *Health issues and nutrition in the Balkans.* | *JHED 2021;(35): 96-105.* | |
| 7 | *Davalieva K, Rusevski A, Velkov M, Noveski P, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Plaseski T, Dimovski A, Plaseska-Karanfilska D.* | *Comparative proteomics analysis of human FFPE testicular tissues reveals new candidate biomarkers for distinction among azoospermia types and subtypes.* | *J Proteomics. 2022 Sep 15;267:104686.* | ***(IF 3.803)*** |

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за изборот на д-р Вања Филиповски (публикувани во последните 5 години)**

***Трудови презентирани како постери или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми (1-9)***

***1.*** *Jasar D, Filipovski V, Kubelka-Sabit K, Petrova D. The Breast cancer Immunophenotypes in Correlation with Classical Morphological Parameters as a Predictive Model for Recurrence Risk [Oral Presentation OP-03-I]. In: Abstract book of 32nd Congress of the International Academy of Pathology, 14-18 October 2018, Dead Sea, Jordan.*

Овој труд е приказ на 173 случаи на пациентки со карцином на дојка кај кои е направена молекуларна класификација во однос на стандардните имунохистохемиски методи на анализа на хормонскиот статус, како и експресијата на HER-2 генот, пролиферативниот индекс Ki-67 и протеинскиот дериват на тумор супресорскиот ген p53 во однос на појавата на релапси споредено со различните хистоморфолошки параметри. Анализите покажале дека возраста, големината на туморот и стадиумот на болеста се фактори со независна предиктивна вредност во однос на сите типови на карцином на дојка од хистолошки или молекуларен аспект.

***2.*** *Kubelka-Sabit K, Jasar D, Filipovski V, Bozinovski G, Plaseska-Karanfilska D. Molecular and histological characteristics of early triploid and partial molar pregnancies [Poster Presentation P-06]. In: Abstract book of 32nd Congress of the International Acadamy of Pathology, 14-18 October 2018, Dead Sea, Jordan*

Во овој труд е направена анализа на 231 случај на пациентки со рани спонтани абортуси. Сите случаи се обработени со Квантитативна флуоресцентна полимераза синџиреста реакција (QF-PCR) на ткиво од плацента и од децидуа кое е анализирано по стандарден хистопатолошки метод. Анализите покажаа дека 10% од сите случаи се поврзани со триплоидија, односно од 24 пациенти 9 се со татково, а 15 со мајчино потекло на дополнителниот хромозомски сет. Во заклучокот е потврдено дека диандричните триплоидии се сигнификантно позначајни како дијагностички параметар во дијагностиката на парцијалните хидатоформни моли.

***3.*** *Филиповски В. Важноста на клиничките информации во патохистолошката дијагноза. Книга на апстракти/Втор конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај, 2019 (2; 2019; Штип) стр. 42-44.*

Во овој труд авторот прави ретроспектива на селектирани случаи од неговата секојдневна рутинска пракса каде што ја прикажува важноста на клиничките информации во одредувањето на патохистолошката дијагноза и стадиумот на болеста. Притоа авторот ја потенцира неопходноста од голем спектар на клинички информации во утврдување на патохистолошките дијагнози и поради испреплетеноста на различни медицински гранки ја потенцира нужноста од детално познавање на историјата на болеста и минатите заболувања со цел утврдување на точна патохистолошка дијагноза.

***4.*** *Мишевски С, Филиповски В. Интратуморска хетерогеност – приказ на случај од карцином на дојка. Книга на апстракти/Втор конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај, 2019 (2; 2019; Штип) О5 стр. 72.*

Во овој труд авторите прикажуваат случај на туморска хетерогеност кај карцином на дојка. Случајот сликовито го прикажува овој феномен кај неоплазмите при што се забележува промена во морфологијата, но и имунохистохемискиот профил на неоплазмата и конечно се утврдуваат и различните терапевтски импликации при појавата на туморска хетерогеност.

***5.*** *Наков Т., Филиповски В, Димоска К. Метастатски добро диференциран неуроендокрин тумор. Книга на апстракти/Втор конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај, 2019 ( ; 2019; Штип) Р34 стр. 129.*

Во овој приказ на случај се покажува еден релативно редок и интересен случај на неуроендокрин тумор кој покажува добра диференцираност и морфологија која сугерира бенигна природа на неоплазмата, но притоа се гледа и присуство на метастатски депозити од овој тумор. Оваа особина на неуроендокрините тумори е позната, но истата може да доведе до поставување на погрешна патохистолошка дијагноза и погрешна оценка за агресивноста на неоплазмата поради што авторите го даваат овој приказ на случај за да се внимава при интерпретацијата на неуроендокрините неоплазми.

***6.*** *Николовска А, Филиповски В. Мешан адено-неуроендокрин карцином на апендикс. Книга на апстракти/Втор конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај, 2019 (2; 2019; Штип) Р35 стр. 130.*

Авторите прикажуваат интересен тип на неоплазма со мешана морфологија. Се прикажува случај на мешана епителна неоплазма и неоплазма со неуроендокрина диференцијација. Овие неоплазми покажуваат интересна тенденција да се појавуваат најчесто кај апендиксот. Притоа, потребно е внимателно утврдување на процентот на двете компоненти во туморот, како и нивната проширеност за евентуално утврдување на прогнозата на болеста и агресивноста на неоплазмата. Се потенцира важноста на морфологијата која е прва насока кон утврдување на мешаната природа на неоплазмата која мора да се потврди со имунохистохемиски анализи.

***7.*** *Стојанов С, Филиповски В. Грануломатоза со полиангитис (Wegener-ова грануломатоза). Книга на апстракти/Втор конгрес на студенти по општа медицина, 9-10 мај, 2019 (2; 2019; Штип) Р36 стр. 72.*

Во овој приказ на случај се прикажува еден редок ентитет од праксата познат како Вегнерова грануломатоза. Се прикажуваат патохистолошките елементи кои може да не насочат кон точна дијагноза. Притоа се потенцира и широкиот спектар на промени кои може да се јават кај оваа системска болест со сите можни промени на различни органи и се потенцираат и лабораториските елементи кои се неопходно за добивање на децидна дијагноза.

***8.*** *Jasar Dz, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Curcic B. Intestinal microbiota composition and the risk of colorectal cancer – novel approach of an old issue [Oral Presentation]. In: Book of Abstracts, p137-138, Nutricon 2019, 12-14 June, Ohrid, Macedonia.*

Во овој исклучително невообичаен труд е направен обид да се сумираат потенцијалните врски меѓу интестиналниот микробиом кај хуманата популација, диетарниот режим и појавата на колоректален канцер. Целта е да се прикаже дека промените во микробиомот интерферираат со циклусот на клеточната регулација и продукцијата на токсични метаболити кои преку хемиска карциногенеза имаат оштетувачки ефект на мукозата на дебелото црево. Во анализата на неколку трудови со иста тематика дадени се охрабрувачки резултати во насока дека промената на хигиено-диететскиот режим кој

доведува до промена во целиот микробиом кај индивидуата може да настане репарација на веќе оштетено ткиво или презервација на нормалното ткиво односно истакната е превентивна улога на бактериската микрофлора. Од друга страна, кај заболени пациенти со колоректален карцином, промената на хигиено-диететскиот режим дава значајни ефекти во цитостатскиот третман кои имаат поголем период на целосно преживување.

***9.*** *Jasar Dz, Kubelka-Sabit K, Filipovski V. Anaplastic lymphoma kinase (ALK) expression in lung adenocarcinoma – clinicopathologic and morphologic features. [poster No.E-PS-22-004]. In: Abstract book of 31st Congress of European Society of Pathology 7-11 September 2019, Nice, France. Virchows Archiv https:/doi.org/10.1007/s00428-019-02631-8.*

Во овој труд е направена анализа на 86 наоди од цитологија и биопсија на белите дробови кај пациенти со првично дијагностициран белодробен аденокарцином. Експресијата на овој маркер е детектирана кај 15% од пациентите што е во корелација со податоците од другите објавени студии. Кај скоро 44% од случаите оваа експресија е кај муцинозниот тип на белодробен аденокарцином, а помалку застапена кај останатите типови односно до 3% кај солидниот тип. Подобри резултати за анализа се добиваат при користење на цитолошки примерок (клеточен блок), отколку на ткивен примерок, заради поголемиот број на витални целуларни елементи во цитолошките примероци кои може да се повторуваат повеќе пати.

***10.*** *Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Dimova B, Jasar Dz. Rapid detection of mismatch repair proteins by immunohistochemistry in colorectal cancer patients. [poster No.E-PS-06-036]. In: Abstract book of 31st Congress of European Society of Pathology 7-11 September 2019, Nice, France. Virchows Archiv https:/doi.org/10.1007/s00428-019-02631-8.*

Во овој труд е даден приказ на 50 случаи на пациенти со дијагностициран колоректален канцер кај кои е направен нов имунохистохемиски тест за детекција на репараторни протеини на хуманата ДНК (DNA mismatch repair panel- MMR), со цел да се детектира потенцијална веројатност за постоење на Lynch syndrome. Панелот за детекција користи 5 типа на примарни антитела кои заедно го сочинуваат мозаикот на генска експресија. Нарушена експресија е идентифицирана кај 3 пациенти од анализираните 50. За потврда на постоење на овој генски дефект направени се дополнителни генетски испитувања кои потврдија присуство на Lynch syndrome. Од тие причини овој тест е верификуван како исклучително осетлив и добар за идентификација на пациентки со претходно дијагностициран ендометријален и/или колоректален карцином кои се потенцијални кандидати за Lynch syndrome.

***11.*** *Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Dimova B, Trajkova K, Jasar D. Serous adenofibroma of the Fallopian tube with coexistent ectopic pregnancy [poster No.E-PS-11-043]. In: Abstract book of 32nd Congress of European Society of Pathology and 33rd International Congress of the International Academy of Pathology 6-8 Decembar 2020, Glasgow, United Kingdom. Virchows Archiv (2020) Vol 477 (Suppl.1):S298*

Појавата на серозен тубарен аденофибром, како редок ентитет, може да биде ризик-фактор за ектопичната бременост. Иако во литературата се само неколку случаи објавени со оваа ретка конкомитентност, ектопичната бременост може да се јави и како компликација при појава на други бенигни тумори како што се аденоматоидни тумори, леиомиоми или матурни оваријални тератоми. Сите овие тумори може да доведат до парцијална опструкција на утерината туба и да имитираат ектопична бременост.

***12.*** *Jasar Dz, Filipovski V, Kubelka-Sabit K. Association of dietary and lifestyle habits with risk of pancreatitis [Oral Presentation]. In: Book of Abstracts, p270, Nutricon 2021, 9-11 June, Ohrid, Macedonia.*

Во овој труд е даден осврт на квалитетот и улогата на диетално-хигиенскиот режим во превенција и лекување на акутниот рекурентниот и хроничен панкреатитис. Истакнато е влијанието на одредени хранливи продукти како што се кафето, алкохолот и мрсната храна кај лица кои имаат ризик од појава на панкреатитис, како што се лица со хиперхолестеролемија, хипертриглицеридемија или со жолчни камења. Како заклучок на трудот е сугестијата на консумација на храна богата со протеини и незаситени масни киселини кои имаат нутритивен и заштитен ефект врз функцијата на панкресот.

***13.*** *Jasar Dz, Filipovski V, Kubelka–Sabit K. Clinicopathological and histomorphological association in K-ras mutated colorectal cancer [E-PS-06-013]. 34 th European Congress of Pathology - Abstracts. Virchows Arch 481 (Suppl 1), 1–364 (2022).*

Мутации на KRAS генот се често идентификувани кај напреднатиот колоректален карцином. Во оваа студија се евалуирани клиничко-патолошките и хистоморфолошките карактеристики на пациентите со колоректален карцином, кај кои е најдена мутација на KRAS генот. Испитувани се вкупно 265 пациенти, при што мутација е најдена кај 148 пациенти, кои се почесто постари мажи, во напреднат стадиум на болеста, со лошо диференцирани тумори. Авторите заклучуваат дека студијата демонстрира умерена асоцираност помеѓу наодот на мутации на KRAS генот и специфичната хистолошка слика, и во одреден степен прогнозата.

***14.*** *Kubelka-Sabit K, Jasar Dz, Filipovski V, Kondeva M. Evaluation of PD-L1 expression in various formalin-fixed paraffin embedded tumour tissue samples using SP263, SP142 and QR1 antibody clones [poster No. E-PS-15-013] 34 th European Congress of Pathology - Abstracts. Virchows Arch 481 (Suppl 1), 1–364 (2022).*

Во оваа студија е направена компарација на три различни клонови на PD-L1 антителото на вкупно 44 случаи на тројно негативни карциноми на града (24), неситноклеточни белодробни карциноми (10) и малигни меланоми (10). Резултатите од студијата покажале дека различните клонови од различни производители може потенцијално да бидат употребени за евалуација на PD-L1 туморскиот статус, но секако по претходна валидација и верификација на резултатите.

***In extenso објавени трудови***

***1.*** *Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Sardzovski B, Jasar D. Mature teratoma of the Fallopian tube. JMS 2018; 1(1):77-81*

Тератомите на утерината туба се екстремно ретки тумори со околу 80 досега објавени случаи. Најголем дел од нив се бенигни тумори, но со различна големина. Во овој труд е даден случај на тератом на утерина туба кај 41-годишна пациентка која претходно е третирана од инвазивен карцином на грлото на матката. Иако инциденцијата на овој тумор е ретка, треба да се земе предвид овој ентитет особено заради можноста од сериозни компликации. Од хистолошки аспект, во тератомот се најдени сите можни типови на зрело ембрионално ткиво кое ја потврдува теоријата дека и овие тератоми се од герминативни клетки кои при миграцијата во ембрионалниот развој не успеале да го достигнат оваријалното ткиво и останале вклопени во структурите од кои подоцна настанува утерината туба.

***2.*** *Jasar Dz, Filipovski V, Kubelka-Sabit K, Curcic–Trajkovska B. Potential benefits and controversies related to use of amygdalin (Vitamin B17). JHED 2018;(23):57-63.*

Во овој труд е даден осврт на некои контроверзни резултати околу улогата и потенцијалниот бенефит во третманот на малигните заболувања со витаминот B17. Администрацијата на овој витамин, односно амигдалинот има протективна улога кај некои малигни болести од аспект што го зголемува имунитетот и ја редуцира болката. Истовремено амигдалинот успешно ги контролира варијациите на хипертензијата и атеросклеротичните промени во крвните садови. Причината за неговата широка неупотреба е во фактот што овој витамин содржи големо количество на цијанид кој има токсичен ефект врз црниот дроб, од каде и потекнува причината за негово повлекување во слободна продажба. Овој витамин е познат и во постарите записи како лек од „семка на кајсија“ кој старите народи успешно го спроведувале во болестите со „нејасна“ природа. Најсигурен начин на администрација на овој витамин, со што би се избегнале токсичните својства на истиот, е преку храна богата со овој витамин, а тоа се јатки на сувите овошја.

***3.*** *Jasar Dz, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Curcic–Trajkovska B, Sajkovski A. The role of diet and nutrition trends in the prevention and treatment in cancer patients. JHED 2019;(26):13-19.*

Во овој труд е направена ревија на досегашните сознанија од областа на онкологијата коишто се асоцирани со типот на исхраната и превенцијата од малигните болести. Даден е

детален осврт на типот на медитеранската диета како протективен вид на исхрана, како и исхрана богата со витамин B17 и витамин C. Во превенција на одредени малигноми даден е осврт на вегетеријанската диета (превенција кај карцином на простата) или на кетогена диета (превенција кај рекурентни глиобластоми кај лица со веќе дијагностициран тумор). Суплементите како пробиотиците, глутатион и мелатонинот се дискутирани како можни бенифитори во третманот на симптомите кај пациенти со дијагностицирани малигноми.

***4.*** *Kuzmanovska M, Noveski P, Terzic M, Plaseski T, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Lazarevski S, Sukarova Stefanovska E, Plaseska-Karanfilska D. Y-chromosome haplogroup architecture confers susceptibility to azoospermia factor c microrearrangements: a retrospective study. Croat Med J. 2019 Jun 13;60(3):273-283.* ***(IF 2.415)***

Целта на оваа студија била проценка на асоцираноста помеѓу азооспермија фактор с микроаранжмани и квалитетот на семената течност. Ретроспективната студија анализирала 486 случаи на азооспермија/олигозооспермија и 148 нормозооспермични случаи. Биле детектирани 2 типа на микроделеции, 3 микродупликации и еден комплексен реаранжман. Во заклучокот на трудот, азооспермија фактор с парцијални делеции/дупликации и Y-хаплогрупи не биле асоцирани со наручен квалитет на семената течност, но специфични делеции/дупликации се сигнификантно асоцирани со одредени хаплогрупи, што имплицира дека карактеристиките на Y хромозомот може да дефинираат склоност кон азооспермија фактор с реаранжмани.

5. *Jasar Dz, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Curcic-Trajkovska B. Intestinal microbiota composition and the risk of colorectal cancer – novel approach of an old issue, JHED 2020;(30):83-88.*

Во овој труд е направен обид да се сумираат потенцијалните врски меѓу интестиналниот микробиом кај хуманата популација, диетарниот режим и појавата на колоректален канцер. Прикажани се промените во микробиомот кои интерферираат со циклусот на клеточната регулација и продукцијата на токсични метаболити кои преку хемиска карциногенеза имаат оштетувачки ефект на мукозата на дебелото црево. Во анализата на неколку трудови со иста тематика се дадени охрабрувачки резултати во насока дека промената на хигиено-диететскиот режим кој доведува до промена во целиот микробиом кај индивидуата може да настане репарација на веќе оштетено ткиво или презервација на нормалното ткиво односно истакната е превентивна улога на бактериската микрофлора.

***6.*** *Jashar Dz, Curcic B, Kubelka-Sabit K, Filipovski V and Kakurinov V. Health issues and nutrition in the Balkans. JHED 2021;(35): 96-105.*

Даден е осврт на сите можни заболувања кои произлегуваат од несоодветната исхрана кај народите односно земјите на Балканскиот Полуостров. Даден е преглед на можните параметри кои влијаат на здравјето, како број на лекари по глава на жител, достапност за чиста вода, загаденост на почва, улогата на калорискиот внес за секоја земја посебно, телесниот индекс (BMI), број на заболени од шеќерна болест, хипертензија, срцеви заболувања, атеросклероза, како и болести на гастроинтестиналниот систем предизвикани од несоодветна исхрана како хепатоцелуларниот карцином, колоректалниот и гастричниот карцином.

***7.*** *Davalieva K, Rusevski A, Velkov M, Noveski P, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Plaseski T, Dimovski A, Plaseska-Karanfilska D. Comparative proteomics analysis of human FFPE testicular tissues reveals new candidate biomarkers for distinction among azoospermia types and subtypes. J Proteomics. 2022 Sep 15;267:104686.* ***(IF 3.803)***

Со цел да се разјаснат молекуларните механизми кои ја причинуваат азооспермијата и да се откриваат биомаркери кои би можеле да овозможат сигурна, неинвазивна дијагноза, дизајнирана е оваа студија. Направена е споредба на тестикуларниот протеом на пациенти со опструктивна и неопструктивна азооспермија, подтипови хипосперматогенеза и синдром Sertoli-cell only. Од 2044 идентификувани протеини врз основа на ≥2 пептиди, 61 протеин имале моќ квантитативно да разликуваат опструктивна од неопструктивна азооспермија и 30 квантитативно да го разликуваат синдром Sertoli-cell only од хипосперматогенеза и опструктивна азооспермија. Меѓу нив, H1-6, RANBP1 и TKTL2 покажале супериорен потенцијал за квантитативна дискриминација помеѓу испитуваните ентитети. Авторите идентификувале неколку патишта поврзани со азооспермија и голем број на специфични за

тестисите и специфични протеини за герминативните клетки кои имаат потенцијал точно да го одредат типот на неуспех на сперматогенезата. Понатаму, споредувањето со збирките на податоци за транскриптомика засновани на анализи на генска експресија ширум геномот на примероци од хуман тестис од пациенти со азооспермија, идентификувале протеини кои би можеле да разликуваат помеѓу опструктивните и неопструктивните поттипови на азооспермија и на ниво на протеини и на mRNA. Според досегашните сознанија, ова е прва интегрирана компаративна анализа на протеомични и транскриптомички податоци од ткивата на тестисите. Податоците од оваа студија значително придонесуваат за зголемување на знаењето за молекуларните механизми на азооспермија и го отвораат патот за нови испитувања во однос на неинвазивна дијагноза.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Вања Филиповски активно учествувал како предавач на стручните состаноци на Здружението на патолози на Република Северна Македонија и Република Србија.

Добитник е на Благодарница од Лекарската комора.

Кандидатот во рутинската работа учествува и во изготвување на извештаи од анализи или експертски извештаи, пред сѐ од областа на хируршка патологија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Вања Филиповски е доктор по медицински науки и единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во насловно звање од областа хистологија со ембриологија. Неговата научноистражувачка дејност е главно фокусирана на патолошката анатомија, посебно уропатологија, торакална патологија и гастроинтестинална патологија. Д-р Вања Филиповски значајно придонел во проучување на карциномите на простата, бели дробови, гастроинтестинален тракт и дојка. Д-р Вања Филиповски воведува и употребува нови имунохистохемиски и молекуларни методи во дијагностицирањето на одредени типови на канцер. Тој е автор на бројни трудови публикувани во меѓународни научни списанија од областа на медицинските науки и презентирани на интернационални научни манифестации од областа на медицината. Д-р Вања Филиповски покажува особен талент како наставник во тек на неговата 5-годишна активност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и покажува особен интерес за научноистражувачка работа.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип **да го избере д-р Вања Филиповски во звање *насловен вонреден професор во наставно-научната област хистологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Лилјана Миленкова, редовен професор во пензија,**
**наставно-научна област хистологија со ембриологија – претседател, с.р.**
**Д-р Елида Митевска, редовен професор, наставно-научна**
**област хистологија и ембриологија – член, с.р.**
**Д-р Лилјана Спасевска, редовен професор во пензија,**
**наставно-научна област патолошка анатомија – член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НА Д-Р ВАЊА ФИЛИПОВСКИ

| Р. бр | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор во звање насловен доцент | 30 | | |
| | **Вкупно** | **30** | | |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | вкупно |
| | | Во земјава | Во странство | |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (15 / 10 / 5 )<br>**Трудови под реден број 4 и 7 - останати автори** | 2 x 5 x 0.7 | | **7** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br>**Трудови под реден број 1 и 2 - втор автор; трудови под реден број 3, 5 и 6 - останати автори** | 2 x 6 = 12<br>3 x 3 = 9 | | **21** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир<br>**Во земјата - Трудови под реден број 3 -8,12; Во странство - Трудови под реден број 1, 2, 9, 10, 11, 13, 14** | 7 x 2 = 14 | 7 x 3 = 21 | **35** |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | 1 x 1,5 =1,5 | | **1,5** |
| | **Вкупно** | | | **64,5** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | |
| | | Во земјава | Во странство | |
| | | број / поени | број / поени | вкупно |
| 8 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 2 x 0,5 = 1 | 1 x 1 = 1 | **2** |
| 18 | Изготвување на извештаи од анализи/ експертизи | 70 x 0,1 | | **7** |
| 19 | Стручни награди и признанија | 1 x 4 | | **4** |
| | **Вкупно** | | | **13** |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | **107,5 бода** | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕХРАНБЕНО ИНЖЕНЕРСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 1302-35/4 донесена на 209. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 25.1.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област прехранбено инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во состав:

- д-р Гордана Димитровска, редовен професор на Факултет за биотехнички науки, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, претседател;
- д-р Ангела Пасквале, редовен професор на Факултет за туризам и угостителство, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, член;
- д-р Ацо Кузелов, редовен професор, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, член, с.р.

Конкурсот за овој избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област прехранбено инженерство беше објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" на 23 декември 2022 година и во предвидениот рок со комплетна документација се пријави кандидатката д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, вработена како вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Сања Костадиновиќ-Величковска е родена на 28.3.1979 год. во Куманово. Дипломира на Институт за хемија на Природно-математички факултет, на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2002 год., со што се стекнува со звање дипломиран инженер по хемија. Во 2006 година, на Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ги завршува постдипломските студии со просек 10.00 и ја брани магистерската теза со наслов „Квалитативна и квантитативна анализа на есенцијални масла од кората на портокал, лимон и мандарина со гасна хроматографија", при што се стекнува со академска титула магистер по хемиски науки. Во 2008 година добива стипендија за докторски студии од Германската фондација за академска размена – ДААД и ги започнува докторските студии на Институтот за хемија на храна при Техничкиот факултет „Брауншвеиг" во Германија. Академската кариера ја започнува во академската 2010/2011 година на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип како асистент по група предмети на Земјоделски факултет и Факултет за медицински науки. Во период од три (3) академски години, септември 2009 – јануари 2012 г., на Институтот за хемија на храна при истиот Универзитет ја реализирала научноистражувачката работа. Докторската дисертација со наслов „Полифенолен и испрлив профил на македонски вина и нивни нус-продукти" ја брани на 27 јануари 2012 год. и притоа се стекнува со назив доктор по природно-математички науки од областа на хемијата на храна. За време на докторските студии била наградена стипендистка на Владата на Германија, во рамки на програмата за академска размена „ДААД". Со Решение бр. 14-2149/2 од 7 март 2013 година, дипломата од докторатот на Сања Костадиновиќ-Величковска е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија. Притоа, нејзината диплома е признаена како документ за завршен трет циклус докторски студии, при што еквивалентниот научен степен е доктор на хемиски науки. Трудовите и

презентациите на д-р Сања Костадиновиќ-Величковска до нејзиниот избор за вонреден професор на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се опишани во Извештајот во Билтен бр. 208 од 2.4.2018 година и истите не се земени предвид во овој Извештај. Пред да ја започне својата академска кариера на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката била ангажирана во развој на ароми за храна и стабилност на емулзии во прехранбената индустрија во компанијата за производство на прехранбени емулзии и ароми „G-flavour“ (www.g-flavour.com.mk). Кандидатката активно се служи со англиски јазик. Со Одлука бр. 1302-126/4 од 23.4.2018 година, д-р Сања Костадиновиќ-Величковска е избрана во вонреден професор на Земјоделски факултет.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

Кандидатката доц. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска ***ги исполнува законските услови за избор во редовен професор, односно:***

1. Вонреден професор во научната област во која се избира, д-р Сања Костадиновиќ-Величковска со Одлука бр. 1302-126/4 од 23.4.2018 г. е избрана за наставно-научната област прехранбено инженерство во звање вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;

2. Најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во интернационални научни списанија;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Catalin Mot Augustin, Mitrev Sasa, Gulaboski Rubin, Bruhl Ludger, Mirhosseini Hamed, Silaghi-Dumitrescu Radu, Matthaus, Bertrand (2018) | Bioactive compounds and “in vitro” antioxidant activity of some traditional and non-traditional cold-pressed edible oils from Macedonia http://eprints.ugd.edu.mk/19902 | Journal of Food Science and Technology (2018), 55 (5). pp. 1614-1623. ISSN 0975-8402 | 1,849 |
| 2. | **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Naumova Galaba, Cocevska Maja, Bruhl Ludger, Silaghi-Dumitrescu Radu, Mirhosseini Hamed, Ilieva Fidanka, Mihajlov Ljupco, Dimovska Violeta, Kovacevik Biljana, Gulaboski Rubin, Matthaus, Bertrand | Effect of bioactive compounds on antiradical and antimicrobial activity of extracts and cold-pressed edible oils from nutty fruits from Macedonia http://eprints.ugd.edu.mk/20302/ | Journal of Food Measurement and Characterization (2018) 12, pp. 2545–2552. ISSN 2193-4126 | 1,649 |
| 3. | Ilieva Fidanka, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Dimovska Violeta, Mirhosseini Hamed, Spasov Hristo | Isolation of Saccharomyces cerevisiae yeast strains from Macedonian “Tikveš” wine-growing region and their impact on the organoleptic characteristics of Vranec and Cabernet Sauvignon wines http://eprints.ugd.edu.mk/22093/ | Research Journal of Biotechnology (2019) 14 (6). pp. 100-110. ISSN 2278-4535; 0973-6263 | 0,233 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Mihajlov Ljupco, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Naumova Galaba, Podea Paula Veronica, Mirhosseini Hamed | Isolation, chemical composition, antioxidant and antimicrobial potential of essential oil from Mentha Arvensis L. organically planted from Macedonia http://eprints.ugd.edu.mk/22565/ | RISG Rivista Italiana Sostanze Grasse (2019) 96 (3). pp. 151-160. ISSN 0035-6808 | 0,404 |
| 5. | Kurt-Celebi Aynur, Hayirlioglu-Ayaz Sema, Colak Nesrin, **Kostadinovik Velickovska Sanja**, Ilieva Fidanka, Esatbeyoglu Tuba, Ayaz Faik Ahmet | Accumulation of Phenolic Compounds and Antioxidant Capacity during Berry Development in Black 'Isabel' Grape (Vitis vinifera L. x Vitis labrusca L.) http://eprints.ugd.edu.mk/24380/ | Molecules (2020), 25. pp. 3845-3868. ISSN 1420-3049 | 3,267 |
| 6. | Donev Ivan, Markova Ruzdik Natalija, **Kostadinovic Velickovska Sanja,** Mihajlov Ljupco, Arsov, Emilija, Mitrev Sasa | Growing season weather impacts on the physicochemical properties and quality of sunflower oils cold-pressed from hybrids grown in the Republic of North Macedonia http://eprints.ugd.edu.mk/26850/ | RISG Rivista Italiana Sostanze Grasse (2020) 97 (4). pp. ISSN 0035-6808 | 0,404 |
| 7. | Dimovska Violeta, Ilieva, Fidanka, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Mihajlov Ljupco, Kovacevik Biljana, Balabanova Biljana and Arsova-Sarafinovska, Zorica | Morphological and chemical assessment of juices and antimicrobial activity of peels from two varieties of pomegranates grown in the region of North Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/28016/ | Research Journal of Biotechnology, (2021) 16 (5). pp. 133-139. ISSN 0973-6263 | 0.233 |
| 8. | Ilieva Fidanka, Petrov Kire, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Natasa, Gunova, Dimovska Violeta, Rocha Joao Miguel F. and Esatbeyoglu, Tuba | Influence of Autochthonous and Commercial Yeast Strains on Fermentation and Quality of Wines Produced from Vranec and Cabernet Sauvignon Grape Varieties from Tikveš Wine-Growing Region, Republic of North Macedonia https://eprints.ugd.edu.mk/28278/ | Applied Science, (2021), 11 (13). P. 6135. ISSN 2076-3417 | 2,679 |
| 9. | Cocevska Maja, Jancovska Seniceva Elizabeta, **Kostadinovic Velickovska Sanja,** Naumova-Letia Galaba, Mirceski Valentin, Rocha João and Esatbeyoglu, Tuba | Electrochemical Determination of Antioxidant Capacity of Traditional Homemade Fruit Vinegars Produced with Double Spontaneous Fermentation. Microorganisms. https://eprints.ugd.edu.mk/28453/ | Microorganisms. (2021), ISSN 2076-2607 | 4,128 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Kostka Tina, Ostberg-Potthoff Johanna Josefine, Stärke Joachim, Guigas Claudia, Seiichi Matsugo, Mirceski Valentin, Stojanov Leon, **Kostadinovic Velickovska, Sanja**, Winterhalter Peter and Esatbeyoglu, Tuba | Bioactive phenolic compounds from Lingonberry (Vaccinium vitis-idaea L.): extraction, chemical characterization, fractionation and cellular antioxidant activity https://eprints.ugd.edu.mk/29577/ | Antioxidants, 11 (3). pp. 467-482. ISSN 2076-3921 | 6,313 |
| 11. | **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Markova Ruzdik Natalija, Mihajlov Ljupco, Arsov Emilija, Mitrev Sasa and Donev Ivan | Impact of the hybrid on the fatty acid composition and thermal stability of cold-pressed sunflower oils produced from 17 newly cultivated hybrids from the region of North Macedonia https://eprints.ugd.edu.mk/30114/ | RISG Rivista Italiana Sostanze Grasse (2022) ISSN 0035-6808 | 0,404 |

3. Пет учебника објавени во е-библиотека на УГД:

Дарко Андроников, **Костадиновиќ Величковска Сања**, „Биолошки основи на суровините“, учебник, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Технолошко-технички факултет, 2018 http://eprints.ugd.edu.mk/20459/

Гулабоски Рубин, **Костадиновиќ Величковска Сања**, „Основи на органска хемија за фармацевти“, учебник, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Факултет за медицински науки, 2018 http://eprints.ugd.edu.mk/20460/

**Костадиновиќ Величковска Сања**, Дарко Андроников, Душица Санева, „Одредување на квалитет на храна“, учебник, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, 2019 http://eprints.ugd.edu.mk/23261

Ѓорѓеска Биљана, **Костадиновиќ Величковска Сања**, „Хемија на колоиди“, учебник, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Факултет за медицински науки, 2020 http://eprints.ugd.edu.mk/26769/ https://e-lib.ugd.edu.mk/941

**Сања Костадиновиќ Величковска**, „Екстракција на растителни масла“, учебник, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Технолошко-технички факултет, 2021 http://e-lib.ugd.edu.mk/1013

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од 2010 година до денес, д-р Сања Костадиновиќ-Величковска активно е вклучена во наставните активности на студиски програми на прв, втор и трет циклус на Земјоделски факултет, прв циклус на Факултетот за медицински науки, прв и втор циклус на Технолошко-технички факултет, одржува настава по предметите: Хемија, Органска хемија, Производство на екстракти од растително потекло, Хемија на колоиди, Изолација на природни продукти, Биолошки основи на суровините, Екстракција на растителни масла, Функционална храна и Производство на масти и масла. Д-р Сања Костадиновиќ-Величковска била ментор на 9 одбранети дипломски работи, еден магистерски труд и член на комисии за одбрана на повеќе одбранети дипломски и магистерски трудови.

Има објавено 11 (единаесет) научни трудови во списанија со фактор на влијание и 6 (шест) трудови со меѓународен уредувачки одбор. Редовно учествува со усни и постер презентации на меѓународни научни и стручни конференции како автор и коавтор.

**Листа на трудови и активности од остварената наставно-образовна и научноистражувачка дејност на д-р Сања Костадиновиќ-Величковска**

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***
***Наставно-образовна активност***

Вон. проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет (бр. **1302-126/4** од 23.4.2018 год.) при УГД – Штип е избрана во звање вонреден професор за наставно-научната област прехранбено инженерство.

Во рамките на наставно-образовната дејност во последните пет години, вон. проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска има издадено 5 (пет) учебника.

**I. Автор е на пет (5) рецензирани учебници објавени во е-библиотека на УГД:**

Дарко Андроников и **Сања Костадиновиќ Величковска** (2018) Учебник „Биолошки основи на суровините“. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-543-4 http://e-lib.ugd.edu.mk/746

Ракописот содржи девет поглавја во кои подробно се елаборирани јаглехидратите, мастите и маслата, протеините, витамините, аромите и мирисите како и основните класи на феромони. Исто така, во овој ракопис е објаснета анатомијата на вегетативните растителни органи и структурата и градбата на анималното ткиво, како и на технолошки значајни микроорганизми. Овој учебник е наменет за студентите на Технолошко-технички факултет, отсек Прехранбена технологија, со фонд на часови 2+1+1. Во последното поглавје на овој учебник објаснети се четири лабораториски вежби за добивање на органски соединенија кои се користат во прехранбената технологија. http://e-lib.ugd.edu.mk/746

Рубин Гулабоски и **Сања Костадиновиќ Величковска** (2018) Учебник по „Основи на органска хемија (за фармацевти)“. Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип. ISBN 978-608-244-544-1. http://e-lib.ugd.edu.mk/745

Во овој учебник по предметот Основи на органска хемија (за фармацевти) се објаснети шеснаесет поглавја во кои подробно се елаборирани најважните класи на органски соединенија, како и начинот на нивно добивање, физичките и хемиските својства на секоја од класите на органските соединенија, како и употребата на органските соединенија во фармацијата. Овој учебник е наменет за студентите на Факултетот за медицински науки, отсек Фармација, со фонд на часови 3+2+2. За секоја класа од органските соединенија објаснети се најважните механизми, како и начинот на кој некои од нив може да се синтетизираат во лабораториски услови. http://e-lib.ugd.edu.mk/745

**Сања Костадиновиќ Величковска**, Дарко Андроников и Душица Санева (2019) Одредување на квалитет на храна - учебник. ISBN 978-608-244-676-9. https://eprints.ugd.edu.mk/23261/

Ракописот содржи девет поглавја во кои подробно се елаборирани храна и исхрана, биохемиска карактеризација на храната, конзервирање на храната, адитиви и зачини за подобрување на квалитетот и органолептичките својства на храната, квалитет и безбедност на храната, контаминација на храна, одредување на квалитет на месо, кокошкини јајца и мед, како и најупотребувани техники за контрола на квалитетот на храната. Исто така, во овој ракопис се додадени и три практични вежби во деветтото поглавје и тоа: одредување на квалитет на зачините ким и спеарминт, идентификација и квантификација на диетален сок со високоефикасна течна хроматографија и контрола на квалитет на зачините ким, цинамон, каранфилче, кумин и анасон. Овој учебник е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика, отсек Гастрономија и хотелско-ресторанска насока, со фонд на часови 2+1+1. http://e-lib.ugd.edu.mk/868

Ѓорѓеска Биљана, **Костадиновиќ Величковска Сања** „Хемија на колоиди“, учебник, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Факултет за медицински науки, 2020. http://e-lib.ugd.edu.mk/941

Во овој учебник по предметот Хемија на колоиди (второ издание – дополнето и изменето) се објаснети седум поглавја во кои подробно се дискутирани принципите и постапките за добивање на колоидни системи, како и методите за анализа на овие системи. Во овој учебник се опфатени реологија и вискозност, мицеларни колоиди, површинско-

активни материи, емулзии и микроемулзии, како и нивна примена за фармацевтски цели, коагулација на колоиди, гелови, лиогелови и мембрани. http://e-lib.ugd.edu.mk/941

1. Костадиновиќ Величковска Сања „Екстракција на растителни масла“, учебник, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Технолошко-технички факултет, 2021 http://e-lib.ugd.edu.mk/1013

Ракописот содржи дванаесет поглавја во кои подробно се елаборирани најважните растителни масла во исхраната, како и начините на екстракција на растителни масла. Во овој учебник детално е објаснета постапката на добивање, контрола на квалитет и нутритивни својства на растителни масла од група на олеинска киселина, ерucична киселина, хидрокси киселини и линолеинска киселина во првите шест поглавја од овој учебник. Посебно внимание е посветено на неглицеридни компоненти во растителните масла во седмото поглавје. Постапката за екстракција на терпенските (есенцијални) масла е објаснета во осмото поглавје, додека за нутритивните вредности на најчесто употребуваните ладно цедени масла во исхраната се дискутира во деветтото поглавје. За најчесто употребуваните техники за екстракција и контрола на квалитет на растителни масла се дискутира во десеттото поглавје. Исто така, во овој ракопис се додадени и две практични вежби во единаесеттото поглавје и тоа: одредување на квалитет на зачините ким и спеармint и контрола на квалитет на зачините ким, цинамон, каранфилче, кумин и анасон. Последното, дванаесетто, поглавје се однесува на стандардните ИСО методи за одредување на квалитет на растителни масла. Овој учебник е наменет за студентите на Технолошко-техничкиот факултет, отсек Прехранбена технологија, со фонд на часови 2+1+1. http://e-lib.ugd.edu.mk/1013

***Научноистражувачка активност***
**Објавени научни и стручни трудови во последните пет години**

**II. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија опфатени во СЦИ (списанија со фактор на влијание)**

**1. Kostadinovic Velickovska Sanja**, Catalin Mot Augustin, Mitrev Sasa, Gulaboski Rubin, Bruhl Ludger, Mirhosseini Hamed, Silaghi-Dumitrescu Radu and Matthaus, Bertrand (2018) Bioactive compounds and ‘‘*in vitro*’’ antioxidant activity of some traditional and non-traditional cold-pressed edible oils from Macedonia. Journal of Food Science and Technology, 55 (5). pp. 1614-1623. ISSN 0975-8402
https://eprints.ugd.edu.mk/19902/ **IF=1,849**

Во овој труд е определен хемискиот состав и антиоксидативниот потенцијал на ладно цедени масла од семки на слатка и горчлива кајсија, сусам, семки од црвена пиперка, лен и сончоглед. Најголеми количества на олеинска киселина се квантифицирани во масло од семка од слатка и горчлива кајсија (66.7 и 57.8%). Масло од семки од црвена пиперка е најбогато со полинезаситена алфа-линолеинска (69.6%). Масло од сусам е најбогато со витамин Е со количества над 57.6 мг/кг масло со доминација на γ-токоферол додека маслото од семки на црвена пиперка е најбогато со фитостероли. Па сепак, најсилна антиоксидативна активност со DPPH радикалот е измерена за ладно-цедено сончогледово масло, бидејќи ова масло е најбогат извор на α-токоферол.

**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Naumova Galaba, Cocevska Maja, Bruhl Ludger, Silaghi-Dumitrescu Radu, Mirhosseini Hamed, Ilieva Fidanka, Mihajlov Ljupco, Dimovska Violeta, Kovacevik Biljana, Gulaboski Rubin and Matthaus Bertrand (2018) Effect of bioactive compounds on antiradical and antimicrobial activity of extracts and cold-pressed edible oils from nutty fruits from Macedonia. 12, 2545-2552. Journal of Food Measurement and Characterization. ISSN 2193-4126 https://eprints.ugd.edu.mk/20302/ **IF=1,649**

Во овој труд се проучувани хемискиот состав, антиоксидантниот и антимикробниот потенцијал на масла од јаткасти плодови (орев и бадем) и масла од афион и пченични никулци. Во однос на масни киселини, најголем процент на мононезаситена олеинска

киселина е квантифицирано во масло од бадем (67.6%) додека маслото од афион е најбогат извор на полинезаситена линолеинска киселина (72.3). Највисок процент на α-токоферол е определен во масло од бадем додека γ-токоферолот и фитостеролите беа најзастапен во масло од пченични никулци. Иако маслото од афион има најмал антиоксидативен потенцијал определен со DPPH и ABTS радикали, ова масло има најсилно изразена антибактериска активност во однос на *Listeria monocitogenes* и антифугална активност во однос на *Candida albicans*.

**2.** lieva Fidanka, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Dimovska Violeta, Mirhosseini Hamed, Spasov Hristo (2019) Isolation of Saccharomyces cerevisiae yeast strains from Macedonian “Tikveš” wine-growing region and their impact on the organoleptic characteristics of Vranec and Cabernet Sauvignon wines. Research Journal of Biotechnology, 14 (6). pp. 100-110. ISSN 2278-4535; 0973-6263 **IF=0.233**

Во овој труд е проучена изолација на автохтоните квасци од 15 микрорегиони од Тиквеш. Морфолошката и физиолошката карактеризација е направена со цел да се утврди диверзитетот помеѓу примероците од *Saccharomyces cerevisiae* сојот. По извршената винификација, проучени се органолептичките карактеристики на произведените вина од вранец и каберне совињон сорти на грозје. Вината произведени од автохтоните сорти на квасец покажаа драстично подобри органолептички карактеристики во споредба со вината произведени со комерцијален кавсец SiHa од истиот сој.

Mihajlov Ljupco, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Naumova Galaba, Podea Paula Veronica and Mirhosseini Hamed (2019) Isolation, chemical composition, antioxidant and antimicrobial potential of essential oil from Mentha Arvensis L. organically planted from Macedonia. RISG Rivista Italiana Sostanze Grasse, 96 (3). pp. 151-160. ISSN 0035-6808 **IF=0.404** https://eprints.ugd.edu.mk/22565/

Во овој труд се испитувани хемискиот состав, антиоксидатниот и антимикробниот потенцијал на есенцијално масло од мента добиено со худродестилација на цвет, стебло и цело растение со Клевенџер апаратура. Хемискиот состав на трите есенцијални масла од *Mentha arvensis* L. е определен со GC-MS и GC-FID. Вкупно 37 компоненти се идентифицирани и квантифицирани со најголем удел на ментол во опсег од 32.47% до 52.53%. Втората најзастапена компонента по ментол е изоментон со удел од 8.42% до 20.38%. Другите идентифицирани и квантифицирани компоненти (монотерпени, сесквитерпени, алдехиди, кетони) беа помалку од 8%. Определени се и вкупни феноли и антиоксидативниот потенцијал на сите три есенцијални масла со максимална вредност за есенцијално масло од цвет на *Mentha arvensis* L. Во однос на антимикробниот потенцијал највисока антибактериска активност спрема *Escherichia coli* ATCC 25922 (29.3 mm) и антифигална активност спрема *Candida albicans* ATCC 10231 (39.4 mm) е измерена за масло од стебло на *Mentha arvensis* L.

Kurt-Celebi Aynur, Hayirlioglu-Ayaz Sema, Colak Nesrin, **Kostadinovik Velickovska Sanja**, Ilieva Fidanka, Esatbeyoglu Tuba and Ayaz Faik Ahmet (2020) Accumulation of Phenolic Compounds and Antioxidant Capacity during Berry Development in Black ‘Isabel’ Grape (Vitis vinifera L. x Vitis labrusca L.). Molecules, 25. pp. 3845-3868. ISSN 1420-3049 **IF=3.267** https://eprints.ugd.edu.mk/24380/

Промената на хемискиот состав и антиоксидативната активност во процесот на зреење на трпезното грозје (*Vitis vinifera* L. x *Vitis labrusca* L.) одгледувано во Турција во регионот на Црно Море беше предмет на испитување во овој труд. Трендот на зголемување на процентот на вкупни полифеноли, флавоноиди и антоцијани е проследен во текот на целиот процес на зреење. Малвидин-3-*O*-гликозид е најзастапениот антоцијан во лушпата 1.05–1729 mg/kg на свежо грозје. Во текот на процесот на зреење на грозјето количеството на сите проантоцијаниди се намалува. Во однос на вкупниот полифенолен состав и антиоксидативната активност, максимална зрелост оваа сорта на трпезно грозје покажува од средината на септември до средината на октомври.

Donev Ivan, Markova Ruzdik Natalija, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Mihajlov Ljupco, Arsov Emilija and Mitrev Sasa (2020) Growing season weather impacts on the physicochemical properties and quality of sunflower oils cold-pressed from hybrids grown in the Republic of North Macedonia. La rivista italiana delle sostanze grasse, 97. ISSN 0035-6808 https://eprints.ugd.edu.mk/26850/

Во овој труд е презентиран ефектот на врнежите и климатските услови на физичко-хемиските карактеристики на ладно-цедени сончогледови масла добиени од 17 хибрида на сончоглед за првпат култивирани на територијата на Република Северна Македонија во периодот 2016-2017 g. Кај сите ладно цедени сончогледови масла добиени од 17 хибриди на сончоглед определени се киселински и пероксиден број, сапунификациски и јоден број, густина, индекс на рефракција и оксидациска стабилност. Обработката на резултатите со соодветни статистички анализи потврди изразит ефект на врнежи врз квалитетот на маслото. Сончогледово масло добиено од „таленто" хибридот покажа најголема оксидативна стабилност што е резултат на висок процент на мононезаситена олеинска киселина, што го прави ова масло погодно за термичка обработка на храната. Маслото добиено од „експерто" и „армони" хибридите покажаа најниска оксидациска стабилност, бидејќи имаа висок удел на полинезаситена линолеинска киселина.

Dimovska Violeta, Ilieva Fidanka, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Mihajlov Ljupco, Kovacevik Biljana, Balabanova Biljana and Arsova-Sarafinovska Zorica (2021) Morphological and chemical assessment of juices and antimicrobial activity of peels from two varieties of pomegranates grown in the region of North Macedonia. Research Journal of Biotechnology, 16 (5). pp. 133-139. ISSN 0973-6263 https://eprints.ugd.edu.mk/28016/

Во овој труд е определен хемискиот состав на сокот од две сорти на калинка „карамустафа" и „хицаз" култивирани во регионот на Кавадарци. Определени се органски киселини, шеќери, витамин Ц, вкупни феноли, катехини и антоцијани, како и разликите во морфолошките карактеристики на плодот. Свежо исцеден сок од калинка од сортата „хицаз" беше четири пати побогат со витамин Ц во споредба со сокот добиен од автохтоната сорта на калинка „карамустафа". Варијациите во составот на елементите определени со метода на индуктивно спрегната плазма (ICP-MS) покажаа значителна разлика во соковите од калинките од двете испитувани сорти. Силна антибактериска активност на екстрактите од кората од калинка спрема *Staphylococcus aureus* (ATCC 25923) не покажа статистички значајна разлика помеѓу сортите.

Ilieva Fidanka, Petrov Kire, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Natasa Gunova, Dimovska Violeta, Rocha Joao Miguel F. and Esatbeyoglu, Tuba (2021) Influence of Autochthonous and Commercial Yeast Strains on Fermentation and Quality of Wines Produced from Vranec and Cabernet Sauvignon Grape Varieties from Tikveš Wine-Growing Region, Republic of North Macedonia. Applied Science, 11 (13). p. 6135. ISSN 2076-3417 https://eprints.ugd.edu.mk/28278/

Во овој труд е проучуван ефектот на ферментација на изолираните афтохтони квасци од Тиквешкиот регион (F-8 и Ф-78), инокулирани во ширата од сортата вранец и каберне совињон. Процесот на ферментација и квалитетот на добиените вина беше спореден со вино произведено од истите сорти на грозје со ферментација со комерцијален квасец Д-80 од истиот *Saccharomyces cerevisiae* сој. Ферментацијата се одвиваше во рок од 16 дена на температура од 23 до 25ºC. Вкупното количество на полифеноли беше значително поголемо во вината произведени од сортата вранец со максимална вредност во виното произведено со комерцијален квасец D-80 (1450 mg/L) и вкупни антоцијани (572 mg/L), додека најниски концентрации беа детектирани во вина произведени со автохотон квасец

F-78 (1612 mg/L и 470 mg/L, соодветно). Максимален интензитет на боја имаа вината од сортата вранец ферментирани со автохтон квасец F-8.

Cocevska Maja, Jancovska Seniceva Elizabeta, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Naumova-Letia Galaba, Mirceski Valentin, Rocha, João and Esatbeyoglu, Tuba (2021) Electrochemical Determination of Antioxidant Capacity of Traditional Homemade Fruit Vinegars Produced with Double Spontaneous Fermentation. Microorganisms. 9(9), 1946; ISSN 2076-2607 https://eprints.ugd.edu.mk/28453/

Во овој труд е проучуван квалитетот и антиоксидативниот потенцијал на два типа на овошни оцети (произведени со спонтана ферментација и комерцијално достапни) од јаболко, јапонско јаболко, малина, капина, боровница и шипка. Најпрвин е објаснета постапката за спонтана алкохолна и оцетна ферментација на сите 6 вида на домашно произведен оцет, а потоа е определен антиоксидативниот потенцијал електрохемиски (со циклична волтаметрија) и со ABTS радикал. Добиените резултати покажаа 10 пати

повисока антиоксидативна активност на оцет од јаболка произведен во домашни услови со спонтана ферментација за разлика од примероците на јаболков оцет комерцијално достапни на македонскиот пазар. Од сите шест домашно произведени оцети со спонтана ферментација, најголем антиоксидатен потенцијал покажа оцетот од шипка, додека најниска вредност беше добиена за оцети произведени од јаболка и јапонско јаболко со истата постапка на спонтана ферментација.

Kostka Tina, Ostberg-Potthoff Johanna Josefine, Stärke Joachim, Guigas Claudia, Seiichi Matsugo, Mirceski Valentin, Stojanov Leon, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Winterhalter Peter and Esatbeyoglu Tuba (2022) Bioactive phenolic compounds from Lingonberry (*Vaccinium vitis-idaea* L.): extraction, chemical characterization, fractionation and cellular antioxidant activity. Antioxidants, 11 (3). pp. 467-482. ISSN 2076-3921 **F=6.313** https://eprints.ugd.edu.mk/29577/

Во овој труд се објаснети постапката на екстракција, хемиска карактеризација, функционалност и целуларна антиоксидативна активност на биокативни компоненти од брусница (*Vaccinium vitis-idaea* L.). Збогатените екстракти од антоцијани и копигменти беа концентрирани на колона со XAD-7 смола и фракционирани со апсорптивна мембранска хроматографија. По извршената идентификација на најважните полифеноли со HPLC-MS, способноста на овие екстракти за неутрализација на слободни радикали беше определена со електрон спинска резонантна спектроскопија, циклична волатаметрија и употреба на вештачки радикали. Способноста на добиените екстракти за неутрализација на слободни радикали беше тестирана на HepG2 клетки. Според ова истражување, способноста за неутрализација на слободни радикали на проучуваните екстракти од брусница се должи во најголема мера на синергетскиот ефект на антоцијаните со други копигменти што ги карактеризира како вредни нутрициони препарати.

**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Markova Ruzdik Natalija, Mihajlov Ljupco, Arsov Emilija, Mitrev Sasa and Donev Ivan (2022) Impact of the hybrid on the fatty acid composition and thermal stability of cold-pressed sunflower oils produced from 17 newly cultivated hybrids from the region of North Macedonia. La rivista italiana delle sostanze grasse. ISSN 0035-6808 https://eprints.ugd.edu.mk/30114/

Во овој труд е направен скрининг на составот на масни киселини на ладно цедени масла од 17 хибриди од сончоглед одгледани во Овчеполскиот регион во периодот од 2016 до 2017 година. Во однос на составот на масните киселини, сончогледовите масла добиени од хибридите „експерто“, „таленто“, „БГ-фила“ и „дијамантис“ имаа највисок удел на олеинска киселина (преку 80%), што ги прави стабилни при термичка обработка на храна, додека масла со најниска оксидациска стабилност беа добиени од хибридите на сончоглед „фортими“, „торино“, „феликс“, „неостар“ и „субару“. Овие масла освен ниска оксидациска стабилност имаа и висок јоден и сапунификациски број што ги прави погодни за термички необработена храна.

**III. <u>Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија со меѓународен уредувачки одбор</u>**

**3. Kostadinovic Velickovska Sanja,** Pljevljakusic Dejan, Arsov Emilija, Mitrev Sasa, Mihajlov Ljupco and Dimovska Daniela (2022) Chemical composition, antioxidant and antimicrobial effect of Lavandula essential oil used as a natural antioxidant for cold-pressed oils. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 68 (Suppl 2) 51 - 52 (2022)

https://eprints.ugd.edu.mk/30830/

Во овој краток прегледен труд е испитуван хемискиот состав, антиоксидантниот и антимикробниот потенцијал на есенцијално масло добиено со хидродестилација на цветови од лаванда одгледана на територијата на Република Северна Македонија. Антиоксидантниот и антимикробниот потенцијал на лавандата е искористено за стабилизирање на ладно цедени масла. Ладно цедено сончогледово масло со мал процент на есенцијално масло од лаванда има значаен фармаколошки ефект врз квалитетот на кожата и косата поради високи концентрации на витамин Е од сончогледовото масло и терпенските компоненти како линалол, линалил ацетат, камфор, α-пинен, камфен, γ-терпинен и 1,8-цинеол добиени од есенцијално масло на лаванда. Овие компоненти

во комбинација со полифеноли и фитостероли од сончогледовото масло се одлична комбинација за третирање на атопичен дерматит и негување на бебешка кожа.

**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Maksimova Viktorija, Mitrev Sasa, Arsov Emilija (2022) *Oxidomics: A new approach to study the lipid oxidation and qualitative properties of cold-pressed vegetable oils. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 68 (Suppl 2) 63 - 64 (2022)* https://eprints.ugd.edu.mk/30831/

Во овој краток прегледен труд е објаснет терминот оксидомикс и неговото значење во проучување на процесот на оксидација на ладно цедени масла. Посебно осетливи на оксидација се маслата кои содржат висок процент на незаситени масни киселини како лененото масло (висок процент на α-линолеинска киселина). Синергетскиот ефект на токоферолите, токотриенолите, фитостеролите и полифенолите во маслото се од есенцијално значење за неговата стабилност и рокот на употреба. Поради тоа, искористување на природни антоксиданси кои остануваат во погачата како нус-производ при цедење на маслата, нивна екстракција и додавање во маслата се од есенцијално значење за подобрување на квалитетот на маслото, забавување на процесот на оксидација и продолжување на рок на траење на маслото.

**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Arsevski Zoran, Dimovska Daniela, Ilieva Fidanka and Kuzelov Aco (2021) Total bacterial count, somatic cell count and presence of Aflatoxin M1 in raw milk from the “Ovce Pole” region, Republic of North Macedonia. Journal of Agricultural and Plant Science-JAPS, 19 (2). pp. 19-25. ISSN 2545-4447 https://eprints.ugd.edu.mk/29244/

Во овој труд е проучувано присуство на вкупни бактерии, соматски клетки и присуство на афлатоксинот М1 во примероци од сурово млеко од Овчеполскиот регион на територијата на Република Северна Македонија. Присуство на бактерии е испитано во 1320 примероци на сурово млеко, определување на соматски клетки е извршено во 478 примероци и додека идентификација и квантификација на афлатоксинот М1 е извршена во 60 примероци на сурово млеко. Резултатите од истражувањето недвосмислено покажаа дека присуството на соматски клетки беше во дозволени граници кај 95.5% од испитаните примероци додека присуството на афлатоксинот М1 беше над дозволените граници (0.58 мг/кг) во 2 примероци од вкупно 60. Во согласност со Европските регулативи за квалитет на сурово млеко, дури во 89.55% од примероците, количеството на присутните бактерии не ги задоволуваа стандардот поради лошата хигиена, несоодветно чување на млекото по молзењето и недоволна едукација на фармерите за одржување на правилна хигиена.

**IV. <u>Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир</u>**

Dimovska Violeta, Ilieva Fidanka, Kostadinovic Velickovska Sanja, Mihajlov Ljupco, Kovacevik Biljana, Lelova Zorica (2018) Quality of the pomegranates varieties “Hicaz” and “Karamustafa” from the region of Macedonia. In: IX International Scientific Agriculture Symposium “AGROSYM 2018”, 04-07 Oct 2018, Jahorina, Bosnia and Herzegovina. http://eprints.ugd.edu.mk/20893/

Целта на истражувањето во овој труд беше да се определи влијанието на сортата врз квалитетот на калинките одгледувани на територијата на Република Северна Македонија. Попрецизно, проучени се морфолошките карактеристики на плодот и хемискиот состав на сокот добиен со цедење на калинките. Во однос на морфолошките параметри (маса, големина на плодот и дијаметар на каликс), статистички обработените податоци покажаа повисоки вредности за турскиот варијетет „хичаз“. Исто така, вредностите добиени од мерење на pH вредност, количество на фенолни киселини, како и процент на гликоза и фруктоза покажаа статистички сигнификантна разлика помеѓу сортите. Вкупната концентрација на антоцијани (537 mg/L), катехини (50 mg/L) и вкупни феноли (3367 mg/L) во турската сорта „хичаз“ беа значително повисоки за разлика од концентрацијата на истите компоненти определена во свежо исцеден сок од калинки од сортата „карамустафа“.

Dimovska Violeta, Ilieva Fidanka, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Mihajlov Ljupco, Kovacevik Biljana, Davitkovska Barbareeva Elizabeta (2019) Impact of pasteurization on the quality of pomegranate juice from “Hicaz” variety from the region of North Macedonia. In: X International Scientific Agriculture Symposium “AGROSYM 2019”, 3-6 Oct 2019, Jahorina, Bosnia and Herzegovina. http://eprints.ugd.edu.mk/22975/

Целта на истражувањето во овој труд беше да се определи влијанието на пастеризацијата врз квалитетот на сокот од калинки од турската сорта „хичаз“ одгледана на територијата на Република Северна Македонија. За таа цел, определени се количествата на лимонска киселина, вкупни антоцијани, катехини и фенолни соединенија. За сите определувани параметри со исклучок на карехините се добија значително повисоки концентрации во свежо исцеден сок во споредба со пастеризиран сок од калинка. Разликата во количеството на лимонска киселина беше речиси двојно поголема во свежо исцеден сок од калинка додека коцентрациите на вкупни антоцијани во свежо-исцеден сок од калинка (598 mg/L) е значително повисока во однос на пастеризираниот (537 mg/L). Истата тенденција беше забележана и во концентрациите на вкупни полифеноли додека единствено концентрацијата на катехните во пастеризираниот сок од калинка беше поголема (50.1 mg/L) за разлика од свежо исцеден сок (44.9 mg/L). Најголемо влијание пастеризацијата имаше на бојата на сокот. Во свежо исцедениот сок доминираа светли тонови и жолта нијанса, додека во пастеризираниот сок доминираа темновиолетова и сина нијанса.

Dimovska Violeta, Ilieva Fidanka, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Mihajlov Ljupco, Kovacevik Biljana (2019) Quality of pomegranate juice from “Hicaz” variety from North Macedonia with and without addition of sugar. In: Procedings Conference of Agronomy students with international participation, 14-16 Aug 2019, Cacak, Serbia. http://eprints.ugd.edu.mk/22971/

Во овој научен труд е испитуван ефектот на шеќерот врз квалитетот на сокот од калинка добиен со цедење на плодот од турската сорта „хичаз“. За таа цел, во еден дел од примероците со свежо исцеден сок од калинка додаден е шеќер и направени се испитувања на вкупни феноли, органски киселини, антоцијани и катехини. Резултатите од испитувањата покажаа дека додавањето на шеќер во сокот има улога на конзерванс, бидејќи значително ја стабилизира бојата на сокот, односно ја одложува нејзината оксидација.

***V*** **Учество на научен собир со реферат (постер/усно), во земјава и во странство:**

Dimovska Violeta, Ilieva Fidanka, Mihajlov Ljupco, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Kovacevik Biljana (2018) Antimicrobial activity of pomegranate peel extracts from “Karamustafa” and “Idzis” varieties. In: 1st International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2018), 10-11 May 2018, Stip, Macedonia. (постерска презентација) https://eprints.ugd.edu.mk/20022/

**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Dimovska Violeta, Ilieva Fidanka, Mihajlov Ljupco and Kovacevik Biljana (2019) Chemical composition, antiradical and antimicrobial activity of extracts and cold-pressed edible oils from Macedonian nutty fruits. In: 2ndInternational Meeting Agriscience & Practice, ASP 2019, 12 Apr 2019, Stip, North Macedonia. (постерска презентација) https://eprints.ugd.edu.mk/22974/

**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Markova Ruzdik Natalija, Mihajlov Ljupco, Arsov Emilija, Mitrev Sasa and Donev Ivan (2021) Pysico-chemical characterization, fatty acid composition and thermal stability of cold-pressed sunflower oils obtained from 17 newly cultivated hybrids from the region of North Macedonia. In: 2nd Scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan Countries, 28-30 Oct 2021, Stip, Republic of North Macedonia. (постерска презентација) https://eprints.ugd.edu.mk/28751/

**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Arsevski Zoran, Ilieva Fidanka, Dimovska Daniela and Kuzelov, Aco (2021) Somatic cell count and presence of aflatoxin M1 in raw milk from the farms from Region “Ovče Pole”, Republic of North Macedonia. In: 2nd Scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan Countries, 28-30 Oct 2021, Stip, Republic of North Macedonia. (постерска презентација) https://eprints.ugd.edu.mk/28753/

Ilieva Fidanka, **Kostadinovic Velickovska Sanja** and Dimovska, Violeta (2021) The impact of autochthonous and commercial yeast strains on fermentation and quality of wines produced from Vranec grape variety from Tikveš Wine-Growing Region, Republic of North Macedonia. In: 2nd Scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan Countries, 28-30 Oct 2021, Stip, Republic of North Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/28754/

**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Arsevski Zoran, Ilieva Fidanka, Dimovska Daniela and Kuzelov Aco (2021) Total bacterial count in raw milk from the farms from Region “Ovče Pole”, Republic of North Macedonia. In: 2nd Scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan Countries, 28-30 Oct 2021, Stip, Republic of North Macedonia. (постерска презентација) https://eprints.ugd.edu.mk/28755/

Cocevska Maja, Jancovska Seniceva Elizabeta, **Kostadinovic Velickovska Sanja**, Naumova-Letia Galaba and Mirceski Valentin (2021) Determination of quality and antioxidant activity of traditional homemade fruit vinegars produced with double spontaneous fermentation. In: 2nd Scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan Countries, 28-30 Oct 2021, Stip, Republic of North Macedonia. (постерска презентација) https://eprints.ugd.edu.mk/28756/

**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Pljevljakusic Dejan, Arsov Emilija, Mitrev Sasa, Dimovska Daniela, Mihajlov Ljupco and Ilieva Fidanka (2022) Chemical composition, antioxidant and antimicrobial effect of Lavandula essential oil used as a natural antioxidant for cold-pressed oils. In: 11th Conference on medicinal and aromatic plants of southeast European countries (CMAPSEEC), 6-10 Oct 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia. (постерска презентација) https://eprints.ugd.edu.mk/30555/

**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Maksimova Viktorija, Mitrev Sasa, Arsov Emilija (2022) Oxidomics: A new approach to study the lipid oxidation and qualitative properties of cold-pressed vegetable oils. In: 11th Conference on medicinal and aromatic plants of southeast European countries (CMAPSEEC), 6-10 Oct 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia. (постерска презентација) https://eprints.ugd.edu.mk/30556/

Kovacevik Biljana, Mitrev Sasa, **Kostadinovik Velickovska Sanja**, Markova Ruzdik Natalija, Dimovska Daniela.  (2022). Lactic acid bacteria in biological detoxification of mycotoxins in flours and bread. Power of Fungi and Mycotoxins in the Midst of Climate Change. September 16-17.09.2022, Koprivnica, Hrvatska.

Petrov Antonio, Ilieva Fidanka, **Kostadinovic Velickovska Sanja** and Dimova, Violeta (2022) Влијание на начинот на ферментација врз квалитетот на црвените вина произведени од локалитетот Виница. In: III СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА „КРИТИЧНИ ПРАШАЊА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА“, November 11, 2022, Stip, Republic of North Macedonia (усна презентација). https://eprints.ugd.edu.mk/30834/

**VI Учество во научноистражувачки и апликативни проекти**

Покрај активната вклученост во наставата, учесник е и во научноистражувачки проекти:

1. Виолета Димовска, Фиданка Илиева, Љупчо Михајлов и **Сања Костадиновиќ Величковска**. Биоактивни компоненти, антиоксидантна и антимикробна активност на екстракти од овошје и мента (позиција – истражувач) (2017-2019). (научноистражувачки проект финансиран од УГД;

Rocha João, Rosell Cristina, Hricova, Andrea and **Kostadinovic Velickovska Sanja** (2019-2023) CA18101 - SOURDOugh biotechnology network towards novel, healthier and sustainable food and bIoproCesseS. (позиција-учесник) COST проект финансиран од Европска Унија; https://eprints.ugd.edu.mk/24493/

**Kostadinovic Velickovska Sanja** and Arsov, Emilija (2021) Производство и контрола на квалитет на термички стабилно ладно цедено масло за пржење и готвење од нови висококвалитетни хибриди на сончоглед. Иновациски ваучер финансиран од Фонд за иновации и технолошки развој ФИТР (главен истражувач); https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27459

**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Mitrev Sasa, Arsov Emilija, Arsova Julijana, Petruseva Dragana and Pignitter Marc (2022-2023) Oxidomics-guided development of cold pressed oils rich in antioxidants by improving manufacturing processes (раководител на проектот - главен истражувач). Билатерален австриско-македонски проект финансиран од МОН. https://eprints.ugd.edu.mk/29245/

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***
**VI Автор на книги (монографии)**
**Kostadinovic Velickovska Sanja**, Ilieva Fidanka, Dimovska Violeta (2020) Quality of pomegranates from the region of North Macedonia. Monograph. Lambert Academic Publishing – LAP ISBN-10: 620078728X ISBN-13:620078728X.http://eprints.ugd.edu.mk/23958/

***Член на универзитетски или факултетски органи и комисии и владини тела***
Кандидатката е одговорна на Одделение за квалитет на масла за јадење во Лабораторијата „УНИЛАБ“ на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“. Исто така, таа е член на групата за проценка на квалитет за мед при Министерството за земјоделство, едитор е на списанието за квалитет на масти и масла Rivista Italiana delle Sostance Grasse (RISG) (меѓународно списание со фактор на влијание 0,404) и била рецензент на 11 труда во интернационални списанија со фактор на влијание. Кандидатката била ментор на магистерски труд од област квалитет на сурово млеко и била ментор на 9 дипломски работи. Исто така, учествувала и како член во комисија за изработка на дипломски и магистерски тези.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование на Р Македонија, („Службен весник на Р Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14,10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16.5.2014 год.) и распишаниот Конкурс, а врз основа на севкупната активност и постигнатите резултати на кандидатката д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката вонреден професор д-р Сања Костадиновиќ-Величковска ги исполнува критериумите за да биде избрана во звање редовен професор. Од целокупната презентирана досегашна активност може да се заклучи дека кандидатката д-р Сања Костадиновиќ-Величковска поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност, има неопходни вештини потребни за успешна реализација на образовната и научноистражувачката работа покажувајќи максимална посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски. Кандидатката освен во наставно-образовната активност, преку ангажираноста и успешната реализација на соработничките обврски за студентите на прв, втор и трет циклус на студии, дава свој придонес и во научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на Земјоделскиот факултет. Со објавувањето на научни трудови со оригинални научни резултати во интернационални списанија со фактор на влијание, д-р Сања Костадиновиќ-Величковска придонесува и за развојот на науката на нашиот Универзитет.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да ја избере д-р Сања Костадиновиќ-Величковска во звање ***редовен професор*** во наставно-научната област прехранбено инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Гордана Димитровска, редовен професор на Факултет за биотехнички науки, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, претседател, с.р.**
**Д-р Ангела Пасквале, редовен професор на Факултет за туризам и угостителство, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, член, с.р.**
**Д-р Ацо Кузелов, редовен професор, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање вонреден професор | | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга | | | 1 | 15 | 15 |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга | | | | | |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) бр. 1-6<br>- прв автор 1,2,11;<br>- втор автор 3,4;<br>- останати автори 5,6,7,8,9,10; | | | 3<br>2<br>6 | 15<br>10<br>5 | 31.5<br>20<br>21 |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) трудови бр.<br>останати автори 12, 13, 14<br>главен автор | | | 3 | 9 | 27 |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>во земјава:<br>во странство: 15, 16, 17 | | | 3 | 0.7 | 2.1 |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | | | | | |
| **7.** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | | | | | |
| **8.** | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | | | | | |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) концерт во земјава и во странство:<br>Во земјава: 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10<br>Во странство: 11 | | | 1<br>10 | 1.5<br>1.5 | 16.5 |
| **10.** | Одбранета докторска дисертација | | | | | |
| **11.** | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | | | | | |
| **12.** | Одбранет магистерски труд | | | | | |
| **13.** | Раководител на научен проект | | | 1 | 6 | 6 |
| **14.** | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **15.** | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | | | |
| **16.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | 1 | 4 | 4 |
| **17.** | Уредник на зборник на трудови | | | | | |
| **18.** | Уредник на зборник на трудови од научен собир | | | | | |
| **19.** | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | | | | | |
| **20.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | | | | | |
| **21.** | Основач на научна лабораторија | | | | | |
| **22.** | Награди-признанија занаучни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | | | | | |
| **23.** | Студиски престој во странство | | | | | |
| **24.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати)<br>СЦИ: 2<br>Останати: 4 | | | 11 | 2 | 22 |
| **25.** | Рецензент на научен проект | | | | | |
| **26.** | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | | | | | |
| **27.** | Учество во ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело | | | | | |
| **28.** | Монументално ликовно дело | | | | | |
| | **ВКУПНО (НИ)** | | | | | **165.1** |

| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Книга/учебник | 5 | 10 | | | 50 |
| **2.** | Поглавје од книга | | | | | |
| **3.** | Речник | | | | | |
| **4.** | Стручна монографија | | | | | |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание | | | | | |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | | | | | |
| **7.** | Пленарно предавање на стручен собир | | | | | |
| **8.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | | | | | |
| **9.** | Уредник на стручно списание | | | | | |
| **10.** | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | | | | |
| **11.** | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | | | | | |
| **12.** | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир | | | | | |
| **13.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | | 3 | 8 | 24 |
| **14.** | Прифатени иновации, патент | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **15.** | Техничко унапредување | | | | | |
| **16.** | Изработен и рецензиран програмски пакет | | | | | |
| **17.** | Елаборати и експертизи | | | | | |
| **18.** | Изготвување на извештаи од анализи | | | | | |
| **19.** | Стручни награди и признанија | | | | | |
| **20.** | Ректор | | | | | |
| **21.** | Проректор | | | | | |
| **22.** | Претседател на универзитетски или владини тела | | | | | |
| **23.** | Декан | | | | | |
| **24.** | Продекан | | | | | |
| **25.** | Шеф на институт | | | | | |
| **26.** | Раководител на завод | | | | | |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела | | | | | |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | | | 4 |
| **29.** | Член на институтски орган, комисија | 2 | 1 | | | 2 |
| **30.** | Класен раководител, согласно со Кредит трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **80** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **285.1** |

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА Е- УЧЕБНИК „СОВРЕМЕН МЕНАЏМЕНТ" ОД Д-Р ЗЛАТКО ЈАКОВЛЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-230\6 од 7.12.2022 на 282. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 7.12.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Лидија Симонческа, редовен професор на Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Факултет за туризам и угостителство – Охрид;
- д-р Бранко Николоски, редовен професор на Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Факултет за туризам и угостителство - Охрид

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**СОВРЕМЕН МЕНАЏМЕНТ**" од проф. д-р Златко Јаковлев, редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, наменет за студентите на втор циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за е-учебник „Современ менаџмент" од авторот проф. д-р Златко Јаковлев е компатибилен со Наставната програма на предметот Современ менаџмент, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во прв семестар на постдипломските студии.

Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Arial со македонска поддршка, големина на буквите 11. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови при што се слуша како задолжителен предмет на насоката Бизнис логистика, со 3+2+2 во прв семестар. Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите, кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на предметот Современ менаџмент. Во таа смисла, во ракописот детално се разработени 8 глави, а во секоја од нив се разработени основните поставки, потребата и значењето на сите поими, категории и карактеристики на современиот менаџмент.

Пишуваниот материјал ја третира проблематиката на развојот на современиот менаџмент и неговата улога и значење за работењето на претпријатијата, како и нивното влијание врз вкупната економија на одредена земја, а посебно во Република Македонија. Авторот проф. д-р Златко Јаковлев истакнува дека современиот менаџмент, со оглед на неговото значење и важност во работењето на претпријатието, покривајќи ги сите функции на работење, истиот се наметнува како императив. Според авторот, огромниот интерес е производ на: општествениот карактер на современиот менаџмент со кој се канализираат одговорностите во насока на ефикасно и ефективно реализирање на целите, фактот што современиот менаџмент е базична карактеристика на индустриското општество, тоа што современиот менаџмент е најзначаен орган во претпријатието со што тој останува фундаментална и доминантна институција сè додека постои цивилизацијата. Во тој контекст, авторот истакнува дека современиот менаџмент е универзална активност која се применува и се наоѓа во сите видови организациони системи (влади, министерства, општини, универзитети, хотели, туристички агенции, комунални претпријатија, аеродроми, трговски претпријатија, болници, компании, општествени организации, политички партии и друго) и е

присутен во сите функции и хиерархиски нивоа на тие системи. Според тоа, авторот истакнува дека современиот менаџмент е динамичен процес, бидејќи му дава живот на секој аспект на деловните активности.

Иако постојат одреден број автори кои се занимавале со проучување на оваа проблематика од теоретски аспект, сепак мал е бројот на истражувања од оваа област во нашата земја. Оттука, понудениот пишуван материјал ја проучува од научен и стручен аспект проблематиката за потребата, улогата и значењето на современиот менаџмент, притоа давајќи посебен осврт на Република Македонија.

Ракописот методолошки е структуриран во 8 глави кои меѓу себе се надополнуваат. Секоја глава започнува со кратко информативно појаснување за точките кои ја обработуваат главната тема понудена како глава.

Првата глава е насловена *Теоретски основи во проучувањето на современиот менаџмент*. Во оваа глава авторот најнапред ги согледува теоретските аспекти на современиот менаџмент, потоа се осврнува на функциите на современиот менаџмент, ги елаборира и нивоата на современиот менаџмент и на крај од оваа глава ги апострофира улогите на современите менаџери за ефективност и ефикасност во деловните активности.

Процесот на современиот менаџмент е втората глава. Во неа детално е разработено прашањето за планирање во современиот менаџмент, потоа авторот се осврнал на организирање во современиот менаџмент, управување и раководење во современиот менаџмент е наредна теза која е предмет на елаборација, следно авторот детално го разработува координирањето во современиот менаџмент и, на крај, од оваа глава го согледал контролирањето во современиот менаџмент.

Третата глава ја обработува проблематиката за финансискиот менаџмент во претпријатијата. Овде авторот најнапред зборува за поимот финансиски менаџмент, а потоа тој се осврнува финансискиот менаџмент наспроти целите на претпријатијата.

Финансиските одлуки во претпријатијата е четвртата глава. Во неа авторот во детали ги објаснува и анализира инвестициските одлуки како фактор за успешно работење на претпријатијата, стратешките одлуки, како и тактичките финансиски одлуки.

Сите круцијални прашања поврзани со современиот менаџмент авторот исцрпно и детално ги третира во петтата глава. Така, најнапред е дадено: етика на современиот менаџмент, каде што посебно се разработени некои разлики во етиката, моралот, економијата, туризмот и културата во некои развиени земји и потоа авторот се осврнува на современиот менаџмент во туризмот.

Шестата глава е насловена *Улогата и значењето на современиот менаџментот за работењето на претпријатијата од областа на туризмот и угостителството*. Во неа се елаборирани современиот менаџментот и неговото значење за работењето на претпријатијата од областа на туризмот и угостителството, потоа бизнис конекциите на претпријатијата од областа на туризмот и угостителството, нивната трансформација, состојбата со туристичкиот современ менаџмент во нив и на крај од оваа глава ја разработува перспективата на работењето на претпријатијата од областа на туризмот и угостителството.

Седмата глава го разработува *Менаџмент на анимација во туризмот*. Оттука, разработени се: планирање на анимацијата во туризмот, организирање на анимацијата во туризмот и управување на анимацијата во туризмот.

Осмата глава дава приказ на маркетинг менаџмент во туризмот, каде што најпрво е елаборирано воведување на маркетинг менаџмент во туризмот, а потоа се детерминирани специфичните карактеристики на туристичкиот пазар, потоа авторот се осврнува на однесувањето на потрошувачите, ја согледува и туристичката сегментација на пазарот и на крај е разработен маркетинг миксот во туризмот.

На крајот, соодветно се нотирани сите библиографски единици кои се цитирани во текстот. Може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините на ракописот. Авторот покажува големи стручни и научни познавања на третираната проблематика. Начинот на презентирање на овие сложени прашања од областа на современиот менаџмент е многу пристапен со примена на јасни примери од

непосредната практика, што овозможува стекнување многу јасна слика за подготовка на наставниот час по предметот Современ менаџмент.

Сметаме дека материјалот, како е-универзитетски учебник, претставува извонредна основа за подготовка на студентите во делот на теоретските барања, но едновремено и практичните потреби по предметот Современ менаџмент за студентите на последипломски студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Концизното и експлицитно презентирање на проблематиката од областа на современиот менаџмент дава голема можност за користење на овој материјал и од страна на сите оние чинители кои на каков било начин се директно или индиректно поврзани со менаџирање на општествениот развој.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за е-универзитетски учебник „Современ менаџмент” од авторот проф. д-р Златко Јаковлев разработува едно од покомплексните прашања присутни во теоретската мисла која го проучува феноменот современ менаџмент. Прашањето за апликативна примена на современиот менаџмент во стопанството е актуелно и постојано иницира мотиви за негово натамошно проучување. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Современ менаџмент, што го изучуваат студентите на постдипломски студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во прв семестар на додипломските студии на насоката Бизнис логистика. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-универзитетски учебник пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

**Рецензентската комисија предлага ракописот „Современ менаџмент” од авторот проф. д-р Златко Јаковлев да биде издаден во електронска форма како е-универзитетски учебник за потребите на студентите на постдипломските студии на насоката Бизнис логистика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Лидија Симонческа, редовен професор, с.р.**
**Д-р Бранко Николоски, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „УЧЕБНИК ПО МЕЃУНАРОДЕН ТУРИСТИЧКИ СООБРАЌАЈ” ОД ПРОФ. Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-34/5 од 284. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 25.1.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Никола В. Димитров, редовен професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Златко Јаковлев, редовен професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**УЧЕБНИК ПО МЕЃУНАРОДЕН ТУРИСТИЧКИ СООБРАЌАЈ**” од **проф. д-р Цане Котески,** наменет за студентите на втор циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Учебник по Меѓународен туристички сообраќај“ за предметот Меѓународен туристички сообраќај се изучува на втор циклус студии, прва година/втор семестар на Факултетот за туризам и бизнис логистика, предметот е задолжителен на студиската програма Меѓународен туризам, со неделен фонд на часови од 2+2+2 часа (120 ЕКТС).

Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма од насоката Туризам и угостителство и ја опфаќа наставната материја за студиската програма Меѓународен туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на 351 страница, а бројот на прилози на слики изнесува 46, 2 карти, 61 табела, 1 дијаграм и 2 графикони. Учебникот е напишан на стандарден македонски јазик во А4 формат, нормален проред, фонт Arial, со македонска поддршка и големина на буквите 11.

Се состои од седум глави, при што секоја глава е во согласност со наставната програма за предметот Меѓународен туристички сообраќај. Обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, но и за сите студенти од останатите факултети на кои се изучува предметот Меѓународен туристички сообраќај.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов:*** Досега не е објавен ваков ракопис „Меѓународен туристички сообраќај“, за полесно изведување на часовите по настава и за полесно подготвување на материјалот за испит од страна на студентите на втор циклус студии постои потреба за објавување на поднесениот ракопис.

**Краток опис на содржината:** Ракописот започнува со Вовед во кој е даден краток осврт на значењето на меѓународен туристички сообраќај, посочена е предвидената основна и дополнителна литература, како и преглед на содржините кои се обработени во рамките на учебникот.

Во ***првата глава е опфатен материјалот:*** Поим и значење на меѓународниот туристички сообраќај: Предмет на меѓународниот туристички сообраќај; Меѓузависност помеѓу меѓународниот сообраќај и меѓународниот туризам; Меѓународната патна

инфраструктура - како туристички потенцијал; Карактеристики на сообраќајните средства и Меѓународниот сообраќај и стоковното производство во туризмот.

Во ***втората глава се разгледува материјалот*****:** Развојни периоди на меѓународниот туристички сообраќај: Експериментирање; Експериментирање во меѓународниот железнички туристички сообраќај; Експериментирање во меѓународниот патен туристички сообраќај; Експериментирање во меѓународниот воздушен туристички сообраќај; Изградба; Изградба во меѓународниот железнички туристички сообраќај; Изградба во меѓународниот патен туристички сообраќај; Изградба во меѓународниот воздушен туристички сообраќај; Експанзија во меѓународниот туристички сообраќај; Зрелост во меѓународниот туристички сообраќај; Еволуции во меѓународниот туристички сообраќај и Револуции во меѓународниот туристички сообраќај.

Во ***третата глава се посветува внимание на материјалот:*** Карактеристики на меѓународниот туристички сообраќај во светот по региони: Туристичка сообраќајна мрежа во Европа: Јужноевропска туристичка сообраќајна мрежа; Шпанија; Италија; Португалија; Хрватска; Бугарија; Туристичка сообраќајна мрежа во централна и Западна Европа; Австрија; Унгарија; Полска; Франција; Швајцарија. Туристичка сообраќајна мрежа во Северна Европа; Норвешка. Туристичка сообраќајна мрежа во Источна Европа и Русија; Русија. Туристичка сообраќајна мрежа на Американскиот континент: САД, Канада; Мексико. Туристичка сообраќајна мрежа во Централна и Јужна Америка, Порто Рико; Доминиканска Р. Куба; Аргентина; Бразил. Туристичка сообраќајна мрежа во Карипско подрачје со Мексико. Туристичка сообраќајна мрежа во Андско-пацифички земји. Сообраќајна мрежа во Азија и Пацификот, Кина; Хонг Конг; Тајланд; Сингапур; Малезија; Индонезија; Р. Кореја; Австралија и Поларни области; Јапонија; Макао. Туристичка сообраќајна мрежа во Централна Азија со Индија. Туристичка сообраќајна мрежа во Африка: Тунис; Јужноафриканска Република; Зимбабве; Маурициус. Туристичка сообраќајна мрежа во Тропско-Екваторијална Африка. Туристичка сообраќајна мрежа во Јужна Африка. Туристичка сообраќајна мрежа во земјите на Медитеранска Африка со Арабискиот Полуостров т.н. (Среден Исток); Саудиска Арабија; Египет; ОАЕ; Сирија; Посебен осврт на сообраќајната мрежа во Република С.Македонија. Други видови сообраќај во Република Северна Македонија и местото на Република Северна Македонија во европските туристичко-сообраќајни транспортни коридори.

Во ***четвртата глава е опфатен материјалот:*** Форми и видови на сообраќај и нивните економски карактеристики и формирање и политика на цената во сообраќајот: Форми и видови на сообраќај, Поделба на сообраќајот според економската функција и начинот на организација, Јавен сообраќај и сообраќај за сопствени потреби, Редовен сообраќај и сообраќај од случај до случај, Меѓуопштински и локален сообраќај, Економско-експлоатациони карактеристики на одделните сообраќајни гранки, Транспортна способност, Брзина на превозот, Безбедност на превозот, Навременост и точност во извршувањето на превозот, Можност за приспособување на сообраќајните потреби, Формирање и политика на цената во сообраќајот, Општ пристап и принципи на формирање на превозните цени, Железничка тарифа и тарифска политика, Концепти за формирање на тарифа во услови на монополска положба на железницата на пазарот, Концепти на формирање на тарифа во услови на конкуренција на транспортниот пазар, Развој и карактеристики на тарифниот систем и тарифна политика во нашата земја, Формирање и политика на цената во морскиот сообраќај, Формирање на цена на линискиот пазар, Формирање на цена на трамперскиот и танкерскиот пазар, Формирање на цена во воздушниот сообраќај, Специфичности во формирањето на цената во авиосообраќајот. Начин на формирање на цената во воздушниот превоз заснован на IATA конференциите и формирање на цена во авиопревозот во процесот на неговата дерегулација.

Во ***петтата глава се обработуваат:*** Немоторизиран сообраќај и туризмот: Студија на случај - велосипедски туризам. Вовед, Les Lumsdon и Rodney Tolley, Велосипедски туризам, Турист-велосипедист, Инфраструктура за велосипедски туризам, Туристичкиот сообраќај како атракција и Заключок.

Во ***шестата глава се обработува материјалот:*** Одржливата мобилност на животната средина - сообраќајот и туризмот, Исцрпување (потрошување) на нафтата, Влошување на квалитетот на воздухот и промените во атмосферата, Таложење на киселини или кисели дождови, Загадување на воздухот во градските средини, Цепење на озонскиот слој во стратосферата и Глобално затоплување.

Во ***седмата глава се разгледува:*** Планирање во меѓународниот туристички сообраќај: Меѓународни сообраќајни туристички потреби и можност за нивно задоволување; Меѓународниот сообраќај и развојот на туристичките места; Процес на планирање на меѓународниот туристички сообраќај.

Учебникот завршува со поширока библиографија на користена и консултирана литература од домашни и странски автори, во обем од 272 библиографски единици распоредени во 8 страници.

## ЗАКЛУЧОК

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање учебник според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Учебник по ‚Меѓународен туристички сообраќај“ од авторот проф. д-р Цане Котески да биде издаден како е-учебник за потребите на студентите на втор циклус на студиската програма Меѓународен туризам (120 ЕКТС) на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Никола В. Димитров,**
**Факултетот за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип,**
**редовен професор, с.р.**
**Д-р Златко Јаковлев, редовен проф.**
**Факултетот за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип,**
**редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ВИСОКОПЕРФОРМАНСНИ ВЛАКНА" ОД ПРОФ. Д-Р ВИНЕТА СРЕБРЕНКОСКА,ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2302-39/9 од 139. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 25.1.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Димко Димески, редовен професор во пензија од областа на композитни материјали и технички и текстилни влакна, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- д-р Ацо Јаневски, редовен професор од областа на полимерни материјали, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ВИСОКОПЕРФОРМАНСНИ ВЛАКНА**" од **ред. проф. д-р Винета Сребренкоска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Е-учебникот „Високоперформансни влакна" е наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" на студиските програми Технологија на текстил и облека, Дизајн на текстил и облека и Технологија на материјали по предметот Високоперформансни влакна, со фонд на часови 3+2+2, кој се слуша во VII семестар и за предметот Полимерни композитни материјали, со фонд на часови 3+2+2, VII семестар. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Е-учебникот се состои од вовед и од два дела. Прв дел - општо за влакната и втор дел - високоперформансни влакна. Ракописот се состои од 286 страници (А4 формат), поделен во два дела, со 18 тематски целини, со 179 слики и 32 табели. Предложениот ракопис е во согласност со студиската програма и во целост ја покрива наставната материја предвидена за оптовареност од 3 (три) часа неделно.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Полимерни композитни материјали на ТТФ при УГД не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Е-учебникот „Високоперформансни влакна" е наменет за студентите на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип и има за цел запознавање на студентите со најновата генерација на органските и неорганските влакна т.н. високоперформансни влакна кои исклучиво се користат за технички апликации. Учебникот е поделен во два дела. Во првиот дел претставува генерално запознавање со влакната како посебна форма на материјалите, каква е нивната структурна градба, начинот на формирање и кои се нивните битни карактеристики. Во вториот дел се обработени исклучиво високоперформансните влакна во кои се вклучени нивните најнови генерации.

Основна цел на е-учебникот е да се запознаат студентите со најмногу користените високоперформансни влакна. Запознавањето ја опфаќа нивната градба т.е. структура, начинот на добивање, перформансите и примената.

Во учебникот се опфатени и најновите резултати од истражувањата кои се тренд во последниве неколку децении – нано влакната.

Овој е-учебник не треба да се сфати како учебно помагало за сите генерации, затоа што развојот на нови и подобрување на постоечките влакна е континуиран тренд кај истражувачите и производителите. Се вложуваат огромни средства и напори за истражување и пронаоѓање на нови влакна со посебни перформанси, како и на усовршување на оние влакна кои се веќе развиени. Целта на истражувањата е да се добијат влакна кои се подобри од веќе постоечките од аспект на: нивната јакост, модул на еластичност, термичка и балистичка отпорност, хемиска постојаност итн.; целта е и со што помала маса да се постигнат целните повисоки перформанси. Или, генерално, од технички аспект, што е можно повеќе да се зголеми односот перформанси/маса, а од комерцијален аспект – перформанси/цена.

Оние влакна кои во моментов се сметаат за високоперформансни во иднина можат да го изгубат тој статус со развојот на нови влакна, од нови прекурсори или со воведување на нови генерации на веќе постоечките влакна Во учебникот се опфатени и најновите органски влакна кои се комерцијализирани, Zylon, Vectran и ПБИ, пред триесетина години т.е. најновите. Во последниве триесетина години постои стагнација во развој на нови влакна или во подобрување на постојните, така што во времето на пишување на учебникот се опфатени сите комерцијални високоперформансни влакна.

**ЗАКЛУЧОК**

Е-учебникот е напишан технички прецизно на јасен и разбирлив јазик. Сите ознаки и единици во текстот се во склад со меѓународниот систем на мерни единици. Според нашите сознанија, ваков е-учебник, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Високоперформансни влакна и по предметот Полимерни композитни материјали на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип не е објавен. Квалитетот на е-учебникот од педагошки и научен аспект е соодветен за студентите на прв циклус студии. Заради тоа, е-учебникот го категоризираме како рецензиран е-учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Димко Димески, редовен професор, с.р.**
**Д-р Ацо Јаневски, редовен професор, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ВЛИЈАНИЕТО НА ВИРУСНАТА ИНФЕКЦИЈА СО SARS COV-2 ВРЗ СЕРУМСКОТО НИВО НА ИМУНОГЛОБУЛИН Е КАЈ ПАЦИЕНТИ СО АЛЕРГИСКИ ЗАБОЛУВАЊА“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Со Одлука број 0206-153/6 од 6.2.2023 година, донесена на 67. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 – Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Влијанието на вирусната инфекција со SARS CoV-2 врз серумското ниво на имуноглобулин Е кај пациенти со алергиски заболувања“**, пријавена и изработена од м-р спец. Верица Јаќимоска, студент на трет циклус студии на студиската програма Фармацевтски науки, во следниов состав:

- проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска – претседател;
- проф. д-р Биљана Ѓорѓеска – интерен ментор и член;
- проф. д-р Татјана Кадифкова-Пановска – екстерен ментор и член;
- проф. д-р Бистра Ангеловска – член;
- проф. д-р Милка Здравковска – член.

Комисијата во наведениот состав го разгледа целокупно доставениот материјал и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација со наслов „Влијанието на вирусната инфекција со SARS CoV-2 врз серумското ниво на имуноглобулин Е кај пациенти со алергиски заболувања” претставува оригинален труд кој е пријавен и изработен од м-р спец. Верица Јаќимоска - докторанд на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Овој труд има вкупно 110 страници, 7 делови, 21 поглавје и 13 потпоглавја и вклучува и листа со објавени трудови во меѓународни списанија и презентации од научни собири како и учество на стручни конгреси и симпозиуми. Започнува со кратка содржина на македонски јазик и на англиски јазик, а потоа следи дел *Содржина* кој има 7 дела кои ги обработуваат посебно структурните делови на трудот и тоа: *Вовед, Цели, План за работа, Резултати*, *Дискусија, Заклучоци* и *Литература*. Вкупно има 32 табели и 30 слики и има поставено вкупно 24 нулти хипотези.

Во првиот дел 1 - Вовед има 10 поглавја, и 7 пот-поглавја, во кои се дава поблиско претставување на новиот вид на корона вирус наречен SARS CoV-2 и се дава теоретско објаснување на алергијата како болест која ја имаат испитуваните пациенти и нејзината клиничка слика и дијагностицирање.

Во вториот дел 2 - Цели има 3 поглавја каде што се опишани целите кои се значајни да се покажат со овој труд и хипотезите кои се изведени соодветно на нив. Дефинирана е една општа цел, 4 посебни цели и 19 поединечни цели. Општата цел е да се процени дали вирусната инфекција со SARS-Cov-2 влијае на нивото на имуноглобулин Е кај пациентите со алергиски заболувања и за нејзино докажување определени се 4 посебни цели и тоа да се покаже:

– дали кај пациентите со примарни алергиски заболувања дополнителното заразување со SARS CoV-2 има влијание на времето на лекување и тежината на болеста;
– дали инфламаторните фактори влијаат на пациентите со алергиски заболувања болни од КОВИД;
– дали има поврзаност на видот на алерген кон кој пациентот е алергичен со прележувањето на ковид;

– дали и кога инфекцијата со SARS CoV-2 го променува вкупното ниво на имуноглобулин Е кој е еден од белезите на алергиските заболувања.

Сите цели се докажуваат преку поединечните цели, посебните цели и општата цел и се детално обработени по следниот редослед:

- Нулта хипотеза $X^0$: Вирусната инфекција со SARS-Cov-2 не влијае на нивото на имуноглобулин Е кај пациентите со алергиски заболувања;
- Нулта хипотеза $X^0$(1): Кај пациентите со примарни алергиски заболувања, дополнителното заразување со SARS CoV-2 нема влијание на времето на лекување;
- Нулта хипотеза $X^0$(2): Инфламаторните фактори не влијаат на пациентите со алергиски заболувања кои се инфицирале со вирусот SARS CoV-2;
- Нулта хипотеза $X^0$(3): Нема поврзаност на видот на алерген кон кој пациентот е алергичен со инфицирањето со вирусот SARS CoV-2;
- Нулта хипотеза $X^0$(4): Инфекцијата со SARS CoV-2 не го променува вкупното ниво на имуноглобулин Е кај пациентите со алергиски заболувања;
- Нулта хипотеза $X^0$(5): Вирусното заболување со SARS CoV-2 нема влијание на видот на алергиска дијагноза;
- Нулта хипотеза $X^0$(6): Вирусната инфекција со SARS CoV-2 не предизвикува различна тежина на болеста кај пациентите со алергиски заболувања;
- Нулта хипотеза $X^0$(7): Вирусното заболување со SARS CoV-2 не предизвикува различен рендгенолошки наод кај пациенти со алергиски заболувања;
- Нулта хипотеза $X^0$(8): Вирусното заболување со SARS CoV-2 не ја променува сатурацијата на кислород кај пациентите со алергиски заболувања;
- Нулта хипотеза $X^0$(9): Концентрацијата на интерлеукин - 6 нема влијание на пациентите со алергиски заболувања кои се заразиле со SARS CoV-2;
- Нулта хипотеза $X^0$(10): Прокалцитонинот нема влијание на пациентите со алергиски заболувања кои се заразиле со SARS CoV-2;
- Нулта хипотеза $X^0$(11): Ц-реактивниот протеин нема влијание на пациентите со алергиски заболувања кои се заразиле со SARS CoV-2;
- Нулта хипотеза $X^0$(12): Феритинот не влијае на пациентите со алергиски заболувања кои се заразиле со SARS CoV-2;
- Нулта хипотеза $X^0$(13): Вирусната инфекција со SARS CoV-2 не е причина за зголемување на нивото на тотален имуноглобулин Е (IgE) кај пациенти со алергиски заболувања;
- Нулта хипотеза $X^0$(14): Алергенот домашна прашина (HP1) нема влијание врз пациентите со алергиски заболувања кои се инфицирани со вирусот SARSCoV2;
- Нулта хипотеза $X^0$(15): Алергенот мувли (MP1) нема влијание врз пациентите со алергиски заболувања кои се инфицирани со вирусот SARS CoV-2;
- Нулта хипотеза $X^0$(16): Алергенот треви (GP1) нема влијание врз пациентите со алергиски заболувања кои се инфицирани со вирусот SARS CoV-2;
- Нулта хипотеза $X^0$(17): Алергенот плевел (WP1) нема влијание врз пациентите со алергиски заболувања кои се инфицирани со вирусот SARS CoV-2;
- Нулта хипотеза $X^0$(18): Типот на дијагноза нема влијание кај пациентите со покачено ниво на имуноглобулин Е на можноста на добивање на COVID-19;
- Нулта хипотеза $X^0$(19): Нема разлика во клиничката слика кај пациентите со покачено ниво на имуноглобулин Е;
- Нулта хипотеза $X^0$(20): Интерлеукин-6 нема влијание кај пациентите со покачено ниво на имуноглобулин Е;
- Нулта хипотеза $X^0$(21): Прокалцитонинот нема влијание кај пациентите со покачено ниво на имуноглобулин Е;
- Нулта хипотеза $X^0$(22): Ц-реактивниот протеин нема влијание кај пациентите со покачено ниво на имуноглобулин Е;
- Нулта хипотеза $X^0$(23): Феритинот нема влијание кај пациентите со покачено ниво на имуноглобулин Е.

Во делот 3 - План за работа има 4 поглавја и 6 потпоглавја каде што се претставени групите на пациенти кои се обработувани во истражувањето и испитувањата кои се изработени како и инструментите кои се користени во ова истражување. Вкупно учествуваа 195 пациенти поделени во 3 групи и тоа: група 1 (ИГ1) од пациенти со алергиски заболувања кои се 1-7 дена заразени со ковид, група 2 (ИГ2) пациенти со алергиски заболувања заразени со ковид 8-28 дена и група 3 (КГ) контролна група на пациенти со алергиски заболувања кои се ковид-негативни. Испитувањата се правени од примерок венска крв на испитаниците и се изработени имунолошки анализи за определување на концентрација на имуноглобулин Е, специфични имуноглобулин Е антитела кон инхалаторни алергени од групата на треви, мувли, плевел и домашна прашина, како и концентрација на инфламаторни фактори: интерлеукин-6, прокалцитонин, Ц-реактивен протеин и феритин. Користени беа автоматизирани имунолошки анализатори Immulite 2000xpi, AdviaCentaur и BN Prospec. За добивање на анамнеза и рендгенолошки податоци беше користен болничкиот информациски систем, а за статистичка обработка на податоците беше користена статистичката програма SPSS 23.0.

Резултатите се претставени во делот 4, поделени во 4 поглавја. Има даден табеларен и сликовит приказ на резултатите за утврдување на влијанието на времето на лекување и тежина на болеста кај пациентите кои освен примарната алергиска болест дополнително се заразиле со SARS CoV-2, резултати за утврдување на разликите во воспалителните биомаркери кај пациентите кои партиципираа во истражувањето, приказ на добиените резултати кои се однесуваат на тоталното ниво на IgE антитела, како и нивото на специфичните IgE антитела кон инхалаторни алергени кај пациентите од ова истражување, како и приказ на резултати од пациенти кои имаа покачени концентрации на тоталните имуноглобулин Е антитела. Приказите на резултатите се табеларни и со слики.

Во делот 5 – Дискусија се обработени податоци од поранешни испитувања кои се поврзани со трудот заедно со толкување на резултатите добиени по обработката на добиените податоците од истражувањето. Дадено е и лично толкување и објаснување на воочените промени за време на испитувањето.

Со оглед дека се соочуваме со нова болест за која не постојат голем број на претходни истражувања за споредба и поткрепа на добиените резултати, дел од достапните информации се соодветно презентирани.

Пациентите со алергиски заболувања се посебна популација со свои карактеристики и затоа се разгледувани како посебен предизвик кога е во прашање новиот SARS CoV-2 вирус. Добро е познато дека за започнување на алергиска реакција како тригер може да биде и некој вирус. Респираторните вируси се најчестиот предизвикувач на егзацербации на астма. Сите вируси не влијаат подеднакво на пациентите со астма. Некои вируси како што се грипот и риновирусот имаат поголема веројатност да предизвикаат напад на астма отколку другите.

Една од најважните компоненти на имунолошката хиперсензитивност е имуноглобулинот Е, кој е исто така значаен и кај алергиите, и кој учествува во хиперактивноста на имунолошкиот систем на различни фактори. Луѓето со алергии имаат имунолошки системи кои претерано реагираат на вообичаени безопасни материи во нивното живеалиште. Активноста на IgE антителата предизвикува ослободување на хепарин, хистамин и некои други цитокини.

Овие супстанции предизвикуваат и системски реакции, особено во респираторниот тракт, предизвикувајќи на пример астма, која има сличност со респираторниот дистрес забележан кај COVID-19. Затоа, со оглед на суштинската улога на IgE кај алергиите и нивната поврзаност со вирусните инфекции, од клучно значење е да се проучи неговата улога во инфекцијата со SARS CoV-2. Ин витро студиите покажаа дека производството на специфични IgE антитела за различни вируси и способноста на IgE да потисне некои вируси укажуваат на важната улога на IgE или укажуваат на специфичната IgE експресија против вирусот во вирусната патогенеза.

Покрај тоа, неодамнешните податоци од модели на глувци сугерираат дека развојот на астма по тешка респираторна инфекција може да се избегне поради производство на антивирусни IgE антитела. Оттука, оваа нова парадигма помага да се најдат и да се развијат

идни терапии за спречување или подобрување на атописката болест по прележување на вирусот. Така IgE може да претставува нов маркер за човечки вирусни заболувања и исто така може да игра и функционална улога во патогенезата на вирусните болести.

Инфламаторниот одговор предизвикан од брзата репликација на SARS CoV-2 и клеточното оштетување може да предизвика да се активираат макрофагите и моноцитите и да поттикнат ослободување на цитокини и хемокини. Тие пак ги привлекуваат имунолошките клетки и го активираат имунолошкиот одговор, што доведува до цитокинска бура и влошување на состојбата на болниот.

Неколку воспалителни маркери имаат добра точност за следење и проценка на тежината на болеста и ризикот за фатален исход. Инфламаторните фактори како што се интерлеукин-6 (IL-6), прокалцитонин (PCT), Ц-реактивен протеин (CRP), феритин (FER) и стапка на седиментација на еритроцитите (ESR) се пријавени дека се значително поврзани со висок ризик од развој на тешка форма на COVID-19.

По статистичката обработка на податоците за пациентите од истражувањето кое е основа на овој труд произлегоа одговорите на поставените хипотези.

Во однос на описните разлики помеѓу пациентите од трите групи кои учествуваа во истражувањето може да се заклучи дека во групата ИГ2 (пациенти со алергиски заболувања 8-28-ми ден од заразување со SARS CoV-2) има сигнификантно постари пациенти (средна вредност 56,8 години) отколку во другите две групи, додека групата ИГ1 (пациенти со алергиски заболувања 1-7-ми ден заразени со SARS CoV-2) беа најмлади (52,7), а КГ (пациенти со алергиски заболувања негативни на SARS CoV-2) имаа средна вредност 54,8 години. Групите беа со идентична полова дистрибуција.

Со цел да се објасни кои разлики ги прави дополнителното заразување со SARS CoV-2 вирусот кај пациентите кои имаат примарни алергиски состојби се анализираа видот на алергиска дијагноза, времето на лекување и тежина на болеста како и измерената сатурација и добиениот рендгенолошки наод кај трите групи на пациенти.

Од добиените податоци може да се заклучи дека има статистички сигнификантна разлика во застапеноста на алергиските дијагнози помеѓу трите групи на пациенти. Односно кожни заболувања има најмногу во КГ, додека горнореспираторни дијагнози има најмногу во ИГ1 додека долнореспираторни дијагнози има најмногу во групата ИГ2.

Јасно се гледа дека болните од COVID-19 кои биле болни 1-7 дена имаат почесто горнореспираторни алергиски заболувања како алергичен ринит кој е најчест, додека пациентите кои се испитувани во реконвалесцентен период, 8-28 дена, имаат долнореспираторни алергиски дијагнози, а најчесто астма. Со тоа се заклучува дека вирусното заболување со SARS CoV-2 вирусот има влијание на видот на алергиска дијагноза.

Понатаму беа анализирани групите на пациенти во однос на тежината на клиничка слика која потполно кореспондира со времетраењето на лекувањето. Има сигнификантна разлика во рапределбата на пациентите по овие два белези, при што дистрибуцијата на пациентите од групата ИГ1 е во групата на лесна клиничка слика и сите 65 пациенти беа на домашно лекување. Групата ИГ2 имаше 47,2% пациенти кои беа лекувани во времетраење од 14 дена и 52,3% пациенти со средна и тешка клиничка слика кои беа лекувани до 28 дена. Ниту еден пациенти од ниту една група немаше смртен исход иако имаше висок процент на пациенти со тешка клиничка слика на ковид. Поради постоењето на сигнификантна разлика помеѓу групите на пациентите од истражувањето се заклучува дека вирусното заболување со SARS CoV-2 предизвикува различна тежина на болеста и времетраење на лекување на пациентите со алергиски заболувања.

Дистрибуцијата на пациентите во однос на рендген наодите укажува на тоа дека ИГ1, односно групата која има акутен ковид има типичен рендгенолошки наод со дамчесто-лентести засенчувања без консолидација. Додека групата ИГ2 има потешки рендген наоди и 60 пациенти од вкупно 65 имаа развиено пневмонија поради која беа на кислородна поддршка, а 5 пациенти беа на оксигенска терапија со апарат за воздух под притисок.

Соодветно на тоа измерената сатурација е во нормалниот ранг кај првата група ИГ1 кои имаа добар рендген наод, а сатурацијата паѓаше во пониски вредности кај пациентите со развиена парцијална или масивна пневмонија и до 70%. И покрај лошите ризик-

фактори групата ИГ2 немаше ниту еден смртен исход и пациентите беа излечени најдолго за 28 дена. Поради тоа што дистрибуцијата на рендген наодите е сигнификантно различна кај испитуваните групи, се дава заклучок дека вирусното заболување со SARS CoV-2 предизвикува различен рендгенолошки наод кај пациентите со алергиски заболувања. Исто така, се заклучува дека вирусната инфекција со SARS CoV-2 предизвикува различен степен на сатурација на кислород во крвта кај пациентите со алергиски заболувања.

Со добивање на заклучоците за овие поединечни цели се покажува дека дополнителното заразување со SARS CoV-2 на пациентите со алергиски заболувања предизвикува промена на времето на лекување и тежината на болеста.

Смртноста е еден од главните проблеми на новата болест и постоењето на ризик фактори и хронични болести се сметаат за главна причина на високата стапка на смртност на SARS CoV-2. Но, во истражувањето иако сите испитаници имаа историја на алергиски заболувања немаше ниту еден смртен исход. Иако ИГ2 имаше пациенти со потешка клиничка слика и сигнификантно постари пациенти, а возраста е еден од ризик-факторите за смртност кај болните од COVID-19 сепак немаше ниту еден пациент со смртен исход.

Како што споменав и времето на лекување кај ИГ2 беше сигнификантно подолго отколку испитаниците од ИГ1 и со тоа би се очекувало поголем ризик за настанување на смртен настан, сепак кај пациентите со алергиски заболувања немаше воопшто ниту еден смртен случај. Тоа ни дава за право да заклучиме дека оваа група на пациенти кои имаат алергиски заболувања се посебен вид на популација која не ги следи вообичаените очекувања за исходот од болеста, односно кај овие пациенти има некоја причина поради која тие се повеќе заштитени од смртен исход од останатата популација кога се заразени со SARS CoV-2. Тоа е една добра подлога за понатамошни истражувања со кои ќе се откријат овие причини, што би дало можност на ист начин да се заштити и останатото население.

Влијанието на инфламаторните фактори кај пациентите кои се заразиле со SARS CoV-2 беше прикажано преку четирите прогностички најдобри показатели за ткивно и клеточно оштетување, а тоа се интерлеукин-6, прокалцитонин, Ц-реактивен протеин и феритин.

Со статистичката обработка се покажа статистички сигнификантна разлика во однос на нивото на интерлеукин 6 (IL-6) во трите испитувани групи ИГ1, ИГ2 и КГ. Пациентите од ИГ2 имаа значајно повисоки вредности за IL-6 од сите останати пациенти. Со тоа се заклучува дека нивото на IL-6 има влијание кај пациентите со алергиски заразени со вирусот SARS CoV-2.

Во однос на концентрацијата на прокалцитонин, статистичката обработка покажа сигнификантно повисоки серумски вредности на прокалцитонинот во групата ИГ2 која е група на реконвалесцентни пациенти односно заразени со SARS CoV-2 измерено во период од 8-28-ми ден од болеста. Поради тоа се заклучува дека нивото на прокалцитонин има влијание на пациентите со алергиски заболувања кои се заразени со вирусот SARS CoV-2.

Обработката на податоците за концентрацијата на Ц-реактивен протеин (CRP) кај пациентите од ова истражување даде информација дека има значајна разлика помеѓу групите ИГ2 и ИГ1 и ИГ2 и КГ, како и помеѓу ИГ1 и КГ. Тоа значи дека концентрацијата на CRP има влијание на пациентите со алергиски заболувања кои се заразени со вирусот SARS CoV-2.

Исто така се потврди и статистички сигнификантна разлика во вредностите за Феритин помеѓу трите групи. Повисоки вредности беа регистрирани кај пациентите од групата ИГ2 во однос на ИГ1 и КГ, како и ИГ1 наспроти КГ. Со тоа се заклучува дека концентрацијата на Феритинот има влијание кај пациентите со алергиски заболувања кои се позитивни на SARS CoV-2.

Со давање на одговор на поставените хипотези за овие поединечни цели се формира заклучокот за втората посебна цел. Тоа значи дека инфламаторните фактори влијаат на пациентите со алергиски заболувања кои се инфицирале со вирусот SARS CoV-2.

Во истражувањето се обработи еден посебен дел за проверка на концентрациите на тоталните и специфичните IgE антитела кај сите пациенти кои учествуваа во него. Сигнификантно различни вредности на тотални IgE антитела имаше помеѓу групите ИГ1

и ИГ2 како и ИГ2 со КГ. Од тоа се гледа дека групите Иг1 и КГ покажале слично ниво на IgE, додека заболените со SARS CoV-2 кои се во реконвалесцентна фаза од некоја причина го зголемиле нивото на IgE.

Причината може да биде поради активирање на секундарна имунолошка одбрана каде што имаат своја улога IgE антителата. Исто така, причина може да биде подолгото лекување за кое време се создаваат повеќе IgE антитела отколку во акутната фаза на COVID-19, кога во првите 7 дена нема доволно време да се зголеми нивото на IgE. Поради овие податоци се заклучува дека вирусното заболување со SARS CoV-2 е причина за зголемување на нивото на тотални IgE антитела кај пациентите со алергиски заболувања.

Пациентите со алергиски заболувања во претходни истражувања се покажа дека најчесто се позитивни на инхалаторни алергени од кои најчестите се: домашна прашина, мувли, треви и плевел. Со користената метода од точка 3.2.2. анализата беше направена користејќи ги комерцијално достапните панели: домашна прашина - DP1, мувли - MP1, треви - GP1 и плевел - WP1. Можностите на методата се да покажуваат хиперсензитивни реакции кај пациенти кои се алергични на овие алергени и тоа реакции кои по интензитет се означуваат како класа 0 - негативен наод, додека класите 1-6 се позитивен наод со позитивна градација од најслаба реакција кон најинтензивна алергиска реакција. Мерењето е квантитативно, а како аналит кој се докажува е нивото на циркулирачки специфичен IgE кој се формирал кон испитуваниот алерген. Податоците укажаа на тоа дека нема сигнификантни разлики во дистрибуцијата на вредностите на класите на алергиски реакции на ниту еден од четирите испитувани панели на инхалаторни алергени. Со тоа се заклучува дека видот на алерген нема влијание кај пациентите со алергиски заболувања кои се заразиле со SARS CoV-2.

Со одговарањето на овие поединечни цели се формира заклучок дека видот на алерген кон кој пациентот е алергичен нема поврзаност со инфицирањето со вирусот SARS CoV-2.

Но, поради статистички добиените резултати кои укажаа на тоа дека вирусното заболување со SARS CoV-2 е причина за зголемување на нивото на тотално IgE кај пациентите со алергиски заболувања, во еден посебен дел се анализираа само пациентите кои имаа покачени вредности на овој имуноглобулин како најзначаен белег на хиперсензитивните реакции.

Сигнификантна беше разликата во дистрибуцијата на дијагнозите кај пациентите со покачени вредности на IgE, односно кај испитуваната група најчести беа пулмолошки заболувања, а кај контролната група дерматолошки заболувања. Тоа укажува дека пациентите со пулмолошки алергиски болести почесто се заразуваат со SARS Cov-2. Поради тоа, се заклучува дека видот на алергиска дијагноза има влијание кај пациентите со покачено ниво на IgE на можноста за инфекција со SARS CoV-2.

Од обработката на податоците за клиничката слика кај пациентите со покачени вредности на IgE се гледа дека има сигнификантна разлика во истата и најчесто застапени се пациенти со тешка клиничка слика. Со тоа се заклучува дека има разлика во клиничката слика кај пациентите со покачени вредности на IgE.

Понатаму се анализираа вредностите на сите инфламаторни фактори кои се значајни за COVID-19. Од добиените резултати се потврди статистичка сигнификантна разлика меѓу вредностите на IL-6, прокалцитонин, CRP и феритин кај испитуваната и контролната група на пациенти кои имаа покачени вредности на IgE и со тоа се заклучува дека има разлика во концентрациите на инфламаторните фактори IL-6, прокалцитонин, CRP и феритин кај пациентите со алергиски заболувања кои имаа покачени вредности на IgE.

Со одговарање на поставените нулти хипотези од овие поединечни цели се дефинира заклучокот дека поради горе спомената причини се променува вкупното ниво на имуноглобулин Е антитела кај пациентите со алергиски заболувања.

Покачувањето на вредности на имуноглобулинот Е е тесно поврзано со активирањето на инфламаторните фактори кои се вклучени во имунолошката одбрана и се правопропорционални. При алергиски заболувања нема активирање на овие фактори и затоа контролната група која е сочинета од пациенти кои не се заразиле со вирусот SARS CoV-2 нема покачени концентрации на истите, а сепак дел од пациентите имаат покачено ниво на IgE.

Пациентите имаат покачено ниво на IgE иако не се во контакт со алерген кон кој имаат хиперсензитивна реакција, но се во контакт со вирус кој е на некој начин тригер на синтеза на имуноглобулин Е, посебно кај реконвалесценти кои поради тежината на болеста имаат потреба од подолго лекување. Тоа укажува на тоа дека имуноглобулинот Е има и многу важна секундарна одбранбена улога при инфекција со SARS Cov-2, додека инфламаторните фактори учествуваат во примарна одбрана од вирусот.

Пациентите кои имаат алергиски заболувања имаат веќе зголемени нивоа на имуноглобулин Е формирани кон некој алерген и кога истите тие пациенти бидат инфицирани со SARS CoV-2 имаат веќе активирана секундарна одбрана што се претпоставува дека е причина зошто кај пациентите со алергии нема смртни случаи. Понатамошни истражувања се потребни за да се поткрепат овие претпоставки кои даваат едно многу важно и ново значење на имуноглобулин Е антителата.

Во делот 6 - Заклучоци ги има четирите главни заклучоци кои ја докажуваат општата цел поради која е направено ова истражување. Тоа се: Зголемувањето на имуноглобулин Е антителата кај пациенти со COVID-19 со историја на алергиска реакција е интензивирана во реконвалесцентна фаза на COVID-19, односно во 8 до 28 ден од болеста; Инфламаторните фактори влијаат на пациентите со алергиски заболувања кои се инфицирани со SARS CoV-2, нивната активност постепено се зголемува и е најинтензивна во реконвалесцентната фаза кога се активира и продукцијата на имуноглобулин Е кој добива улога на секундарен фактор на инфламација; Нема поврзаност на видот на алерген кон кој се формираат имуноглобулин Е антителата, бидејќи кај пациентите заразени со SARS CoV-2 иницијатор за формирање на антителата е вирус, а не алергија; Повисокото ниво на ИгЕ има заштитна улога кај пациентите со алергиски заболувања при прележување на COVID-19 и постоењето на хронична болест како што е некој вид алергија не е ризик-фактор за смртност од вирусна инфекција со SARS CoV-2.

Последен дел е делот 7 - Литература кој е листа на 133 користени библиографски податоци, главно од понов датум, но и базични литературни единици што се релевантни за обработените проблеми во докторската дисертација преку кои се добиваат соодветни сознанија за истражувачката актуелност на оваа тематика, како и интересот за апликативните вредности, со кои ќе располага готовата докторска дисертација.

**Научен придонес**

Докторската дисертација на кандидатката Верица Јаќимоска, изработена под менторство на проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како интерен ментор, и проф. д-р Татјана Кадифкова-Пановска, редовен професор на Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, како екстерен ментор, е напишана јасно, на соодветно научно и стручно ниво. Изработката на оваа докторска дисертација е согласно со принципите за научно истражување. Научниот пристап е внимателно избран и методолошки современ. Поставените цели се комплетно реализирани, а добиените резултати се соодветно презентирани и обработени со научно и применето аналитичко и биохемиско значење. Добиените резултати се сумирани и од нив концизно се изнесени заклучоците од истражувањето, со што кандидатката дава значаен придонес за утврдувањето на влијанието на новата вирусна инфекција со SARS CoV-2 врз нивото на IgE антителата кај пациентите со алергии. Дополнително, изведените заклучоци претставуваат значаен придонес за прецизен клиничко-биохемиски пристап во третманот и следењето на комбинацијата вирусна инфекција со SARS CoV-2 и алергиски заболувања.

Резултатите што се презентирани во ова истражување овозможуваат добивање на сознанија што се од особена важност за научната јавност од областа на клиничка биохемија, бидејќи се добиваат одговори на голем број прашања поврзани со новата болест COVID-19 и промените кои ги предизвикува кај пациентите со алергиски заболувања, а добиените заклучоци се со големо значење, што претставува добра основа за понатамошни испитувања во оваа област.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

Кандидатката м-р спец. Верица Јаќимоска пред одбраната на докторската дисертација ги објавила следниве научни трудови:

1. Marina Chubrinoska and **Verica Jakjimoska** (2022) Vitamin D status in Covid-19 patients and it's influence on disease severity. Journal of Medical Biochemistry 2022; 41 (3) 401. ISSN 1452-8258

**2. Verica Jakjimoska** (2021) Concentration of total Immunoglobulin E level in serum of patients with SARS CoV-2 viral infection Knowledge - International Journal, Scientific Papers 47(4):617-620. ISSN 2545-4439

**Verica Jakjimoska** and Biljana Gjorgjeska (2020) Sesame allergy: a growing food allergy of global proportions? Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38.4 (4). ISSN 2545-4439

**Verica Jakjimoska** and Biljana Gjorgjeska (2020) Therapeutic drug monitoring of valproic acid through plasma concentration. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 66 (1). pp. 5-6. ISSN 1857 - 8969

**Verica Jakjimoska** and Biljana Gjorgjeska (2019) Proving immunoglobulin E mediated allergy with allergotestes and interpretation of results. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 35 (4). pp. 1215-1219. ISSN 2545-4439

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Влијанието на вирусната инфекција со SARS CoV-2 врз серумското ниво на имуноглобулин Е кај пациенти со алергиски заболувања" / „The impact of viral infection with SARS CoV-2 on serum level of Immunoglobulin E in patients with allergic disease", пријавена и изработена од кандидатката м-р спец. Верица Јаќимоска и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран, јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални резултати во областа на клиничката биохемија.

Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на **Наставно-научен совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Влијанието на вирусната инфекција со SARS CoV-2 врз серумското ниво на имуноглобулин Е кај пациенти со алергиски заболувања", пријавена и изработена од кандидатката м-р спец. Верица Јаќимоска, и да ѝ одобри јавна одбрана на истата**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска,**
Факултет за медицински науки,Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,**претседател, с.р.**

**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска,**
Факултет за медицински науки,Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,**ментор и член, с.р.**

**Проф. Татјана Кадифкова-Пановска,**
Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,**екстерен ментор и член, с.р.**

**Проф. д-р Бистра Ангеловска,** Факултет за медицински науки,Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,
**член, с.р.**

**Проф. д-р Милка Здравковска,**
Факултет за медицински науки,Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,**член, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 1.3.2023 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | 1. Законските, програмските и етичките основи за оценување на административните службеници и нивната примена во практиката | 1102-43/12 од 21.2.2023 год. | Проф. д-р Јадранка Денкова | Мартин Трајчевски |